Во овој период се пристапи кон разгледување на пристигнатите претставки на граѓаните. По утврдувањето на повредата на слободите и правата во некои од претставките се побара писмено, од надлежните институции информација за секое барање поединечно. Исто така претседателот на Комисија упати и известувања до подносителите дека процедурата е започната. За една од претставките беше иницирана и се одржа и седница на Комисијата, а се однесуваше на Претставката во врска со сексуалното искористување на децата во Република Македонија.

Но, за жал повеќето претставки од граѓаните се однесуваа на работењето на судската власт, а Комисијата не е надлажна за постапување.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Претседателот на Комисијата учествуваше на бројни конференции, трибини и работилници од областа на заштитата на човековите права во Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 2 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Јавна расправа | | 1 |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЕСИМ ДОГАНИ** претседател | |
| | **ДАУТ РЕЏЕПИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Горан Ѓуровски | |
| 2. | Крсто Мукоски | |
| 3. | Марија Андоновска | |
| 4. | Томе Чинговски | |
| 5. | Цветко Грозданов | |
| 6. | Марјанчо Колевски | |
| 7. | Назиф Буши | |
| 8. | Менде Диневски | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Зоран Петрески | |
| 2. | Оливер Алексовски | |
| 3. | Стојче Крстевски | |
| 4. | Павле Трајанов | |
| 5. | Кенан Хасипи | |
| 6. | Хисен Џемаили | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Горан Минчев | |

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица,

-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон,

-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти,

-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и

-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање одржа една седница на која беа разгледани вкупно четири точки на дневниот ред.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Прашања, предлози | | 1 |





# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот на финансирање,
-Буџетот на Републиката,
-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица,
-царинскиот систем,
-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем,
-платниот промет и ревизијата,
-заемите и кредитите,
-јавните набавки,
-системот на осигурување,
-сопственоста и други имотно-правни односи;
-стоковните резерви,
-игрите на среќа и
-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** претседател |
| | **ТОМЕ ЧИНГОВСКИ,** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Крсто Муковски |
| 2. | Соња Гелова Стојанова |
| 3. | Борислав Стојменов |
| 4. | Ивица Георгиевски |
| 5. | Стојче Крстевски |
| 6. | Владанка Авировиќ |
| 7. | Живко Пејковски |
| 8. | Талат Џафери |
| 9. | Јулијета Марку |
| 10. | Миле Андонов |
| 11. | Марјанчо Николов |
| 12. | Имер Алиу |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Наде Станчевска |
| 2. | Саве Савевски |
| 3. | Илија Китановски |
| 4. | Љубисав Иванов Зинго |
| 5. | Оливера Трајановска |
| 6. | Дарко Димитриевски |
| 7. | Владо Стефановски |
| 8. | Џемаил Јашари |
| 9. | Фазли Велиу |
| 10. | Игор Ивановски |
| 11. | Горан Мисовски |
| 12. | Даут Реџепи |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, која е основана со Одлуката за основање на постојаните работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008).

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 1 јануари до 31 декември 2010 година има одржано 40 седници со вкупно 117 точки на дневен ред, од кои 47 предлози на закони во прво читање, 43 предлози на закони во второ читање, единаесет предлози на закони во скратена постапка, Предлог на Буџет на Република Македонија за 2011 година, еден Ребаланс на Буџетот на Република Македонија за 2010 година, Завршна сметка на Буџет на Република Македонија за 2009, Стратегија за управување со јавниот долг на Република Македонија за периодот од 2010 до 2012 година, десет извештаи, една Програма за формирање, чување и обновувањње на стоковни резерви и Финансиски план на Агеницијата за супервизија на осигурување.

Во изминатиот период Комисијата големо внимание посвети при разгледувањето на законите од областа на задолжувањето кај меѓународни финансиски институции, односно закони за давање на гаранции за задолжување. Тука посебно треба да се нагласат:

Законот за задолжување на Република Македонија кај банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи-прва фаза. Со реализацијата на овој проект се очекува

да се надмине проблемот со застарената медицинска инфраструктура и опрема. Овој проект содржи две компоненти. Првата компонента вклучува реконструкција, реновирање и проширување на постоечки ЈЗУ и изградба на нови, а втората компонента се состои од набавка и инсталација на нова медицинска опрема во ЈЗУ.

Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за првиот заем за развојна политика - ДПЛ 1. Целта на овој заем е да се обезбедат средства за буџетска поддршка. Клучни активности кои ќе се поддржат со заемот се подобрување на извршувањето на јавните расходи, зајакнување на социјалната помош и одржување на стабилноста на финансискиот сектор.

Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот "Водоснабдување и одведување на отпадни води". Основна цел на овој проект е подобрување на услугите и поттикнување на квалитетот на животот во руралните краеви на Република Македонија.

Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација. Причините за донесување на овој закон се поврзани со актуелните економски движења, со цел да се овозможи на буџетските корисници да извршат промена во динамиката на реализација по склучени договори, само под услов на обезбедена согласност од другата договорна страна и обезбедена согласност од Владата на Република Македонија. Законот за регулирање на обврските на Република Македонија кон ММФ по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со резолуција на одборот на гувернери на ММФ. Целта на овој закон е да овозможи повлекување на средства кои би се користеле за финансирање на буџетски расходи и долгот на Република Македонија.

Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем наменет за финансирање на Проектот "Рехабилитација на шест хидроенергетски централи" кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова-КфВ и АД "ЕЛЕМ". Со овој проект се опфатени активности поврзани со замена на електричната и хидромеханичката опрема и некои неопходни градежни работи на хидроенергетските централи ХЕЦ Глобочица, ХЕЦ Тиквеш, ХЕЦ Вруток, ХЕЦ Равен, ХЕЦ Врбен и ХЕЦ Шпиље.

Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за подобрување на железничката пруга на Коридор 10. Со овој проект се очекува подобрување на железничката пруга на Коридорот 10, намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на сигурен сообраќај на делниците: Табановце-Куманово, Миравци-Смоквица, Згрополци (Ногаевци)-Градско и Градско-Неготино.

При разгледувањето на законите за задолжување беа изнесени  предлози во смисла на тоа дека добро би било одделни проекти планирани со овие закони да се финансираат од Буџетот на Републлека Македонија, наместо државата дополнително да се задолжува кај меѓународните финансиски институции со плаќање на камати и други придружни трошоци.

Во изминатиов период на своите седници Комисијата разгледуваше и предлози на закони од областа на даноците, царините, јавните набавки и од областа на финансискиот систем.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Предлогот на закон за финансиските друштва. Донесувањето на посебна регулатива за небанкарски финансиски институции кои вршат кредитирање во разни форми ќе придонесе за развој и раст на сегментот на финансискиот пазар. Овој закон, исто така ќе влијае врз транспарентноста на овие институции и на информираноста на јавноста за можностите што тие ги нудат, со што финансиските друштва ќе станат алтернатива на банкарскиот сектор.

Предлогот на законот за државната ревизија Комисијата го разгледа со посебно внимание. Овој закон е во функција на засилување на оперативната и финансиската независност на Државниот завод за ревизија и постигнување на поголема ефективност и ефикасност во извршувањето на државната ревизија. Целта е да се зајакне местото, улогата и независноста на Државниот завод за ревизија, како највисока ревизорска институција во Република Македонија која е надлежна за вршење на државната ревизија.

Исто така Комисијата му посвети внимание и на разгледувањето на Предлогот на законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА). Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ е корисник на финансиската помош од инструментот за претпристапна помош (ИПА) за периодот 2007-2013 година која Европската унија ја обезбедува на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ. Законот има за цел да се регулира правната рамка  за ревизја на инструментот за претпристапна помош (ИПА), начинот на вршење на ревизијата, како и овластувањата и одговорностите на Ревизорското тело. Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош ќе ги врши работите на ревизија на системот за имплементација, раководење и контрола на ИПА во Република Македонија.

Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за ревизија. Потребата за донесување на овој закон произлегува од хармонизацијата на македонското законодавство со директивите на ЕУ.

Исто така, беше посветено внимание и на Предлогот на законот за Народната банка на Република Македонија. Донесувањето на овој закон и неговата практична имплементација ќе значат зголемување на независноста и транспарентноста на Народна банка со запазување на сите аспекти на нејзината независност почнувајќи од функционалната, институционалната, личната и финансиската, согласно со европскиот правен поредок.

Комисијата ја разгледа Предлог стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија за период од 2010 до 2012 година. Оваа стратегија е акт со кој за период од три години се утврдува висината на јавниот долг и на државните гаранции во однос на БДП, како и каматната и валутната структура на вкупниот јавен долг. Во периодот 2010-2012 година се проектира пораст на вкупниот јавен долг на Република Македонија како резултат на новите инвестиции од областа на патната и железничката инфраструктура, водовод и канализација и енергетскиот сектор. Имајќи ја в предвид својата надлежност Комисијата, посебно внимание посвети на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2011 година. При неговото разгледување беа искажани многубројни мислења, ставови, констатации, забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, изворите на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите. Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата ги разгледа и сите поднесени амандмани (вкупно 543) од пратениците по кои се водеше многу исцрпна расправа, особено по амандманите кои се однесуваат на развојот на енергетиката, социјалната сфера, изградбата на инфраструктура, водовод и канализација, на образованието, културата и други.

Во текот на 2010 година Комисијата го разгледа и Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2010 година. По Ребалансот се водеше многу обемна расправа со изнесување на констатации, предлози, забелешки, сугестии во однос на вкупниот обем на средствата, структурата на приходите и структурата на расходите. Комисијата ги разгледа поднесените амандмани од овластените предлагачи.

Согласно со Законот за буџетите, Владата ја изготвува Предлог Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија и ја доставува до Собранието за донесување заедно со завршната сметка на буџетите на единиците на локалната самоуправа, извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на основниот буџет и коментарите на Министерството за финансии. Заради реализација на оваа надлежност, Комисијата ја разгледа Завршната сметка на Буџетот за 2009 година. При нејзиното разгледување беа изнесени бројни предлози, мислења, забелешки, што треба да се имаат в предвид при изготвување на Буџетот за 2011 година, како и во наредните буџети.

Согласно Законот за државната ревизија, Собранието го разгледува Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија. Имајќи ја в предвид оваа законска одредба, Комисијата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот завод за ревизија за 2009 година при што беа предложени заклучоци за усвојување од страна на Собранието на Република Македонија.

На една од своите седници, Комисијата го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2009 година што е законска обврска за разгледување и усвојување од страна на Собранието. Комисијата за хартии од вредност е регулаторно тело со специфичен домен на овластување кое го регулира пазарот на хартии од вредност и има функција на контрола и надгледување на она што се случува на пазарот на хартии од вредност.

Според одредбата на членот 55-а од Законот за Народната банка на Република Македонија донесен во 2002 година, а кој престана да важи со донесувањето на новиот закон за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 158/2010), Комисијата за финансирање и буџет најмалку еднаш на шест месеци го повикуваше гувернерот заради нејзино информирање во врска со работењето на Народната банка. По тој повод, Комисијата на една од нејзините седници ги разгледа Годишниот извештај на Народната банка на Република Македонија за 2009 година, Извештајот на Народната Банка на Република Македонија за управување и ракување со девизните резерви во 2009 година и Извештајот на Народната банка на Република Македонија за банкарскиот систем и банкарската супервизија во Република Македонија во 2009 година при што гувернерот ја информираше Комисијата во врска со работењето на Народната банка.

На седницата беа поставени бројни прашања до гувернерот на кои тој даваше одговор.

Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, Комисијата ги разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2009 година, Финансискиот извештај на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2009 година и Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот Пазар во Република Македонија во 2009 година.

Во изминатиов период Комисијата разгледуваше и други предлози на закони кои се во нејзина надлежност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 40 |
| Вкупно разгледани точки | | 117 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 101 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 10 |
| Стратегија | | 1 |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-производство и трговија,

-минерални суровини и енергетика,

-туризам, угостителство и занаетчиство,

-надворешно-трговско работење,

-странски вложувања,

-сопственичка трансформација,

-мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот,

-заштита на потрошувачите,

-јавни претпријатија,

-концесии,

-побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја,

-статистика и

-други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО,** претседател |
| | **ВЛАДАНКА АВИРОВИЌ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ванчо Коцев |
| 2. | Нада Станчевска |
| 3. | Никола Котевски |
| 4. | Ристо Стојанов |
| 5. | Лидија Митева |
| 6. | Аднан Јашари |
| 7. | Јулијета Марку |
| 8. | Марјанчо Николов |
| 9. | Ристо Пенов |
| 10. | Бесим Догани |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Фијат Цаноски |
| 2. | Соња Гелова Стојанова |
| 3. | Ивица Георгиевски |
| 4. | Виолета Ташева |
| 5. | Борислав Стојменов |
| 6. | Зумрете Јакупи |
| 7. | Сафет Незири |
| 8. | Томе Чинговски |
| 9. | Горан Мисовски |
| 10. | Садије Илјази |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која е определен претседателот, десет члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа 23 седници и една јавна расправа. На седниците беа разгледани вкупно 55 точки на дневен ред на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во изминатата година разгледа 23 предлози на закони во прво читање, 21 предлог на закони во второ читање, три закони по скратена постапка, три извештаи, еден предлог на финансиски план, една предлог одлука и една јавна расправа.

Комисијата за економски прашања на своите седници ги разгледа следниве закони од економскиот систем:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва;

-Предлог на закон за надзор на пазарот;

-Предлог на закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија;

-Предлог на закон за изменување на Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство;

-Предлог на закон за Европско друштво;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиската дејност;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија;
-Предлог на Закон на државната помош;
-Предлог на Закон за заштита на конкуренцијата;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за техничката инспекција;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини;
-Предлог на Закон за енергетика;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошко индустриски развојни зони;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за поддршка за претприемништвото на Република Македонија;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронска трговија;
-Предлог на закон за изменување и дополнување за Законот за такса за привремен престој;
-Предлог на Закон за стопанските комори;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап;
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

Комисијата за економски прашања го разгледа Предлогот на буџет на Република Македонија за 2011 година, како и Предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 2010 година. Исто така, Комисијата ги разгледа финансиските планови на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2011 година, како и Предлог одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надоместок од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања поднесе три амандмана.

На 28 мај 2010 година, Комисијата за економски прашања одржа јавна расправа во врска со текстот на Нацртот на стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија за периодот до 2020 година.

На 26 ноември 2010 година Комисијата за економски прашања го разгледа Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година.

Комисијата за економски прашања ги разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2009 година и Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика во 2009 година и му предложи на Собранието истите да ги усвои.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности. За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за заинтересираните субјекти од областа на економијата и слично, како и за претставниците на средствата за информирање.

**Меѓународна активност**

Комисијата за економски прашања во 2010 година имаше активности.

На 11 март 2010 година претседателот на Комисијата за економски прашања Љубисав Иванов Ѕинго заедно членовите на Комисијата имаа работна средба со Делегација од Република Словенија предводена од претседателот на Државниот збор на Република Словенија, г. Павел Гантар. Претседателот на Комисијата Љубисав Иванов Ѕинго, ги запозна присутните со составот и работата на Комисијата и воедно изрази благодарност за сестраната поддршка што Република Словенија и ја дава на Република Македонија во рамките на евроатлантските интеграции.

Присутните разменија искуства по прашањата од областа на економијата, односно билатералната трговска соработка на Република Македонија со Република Словенија, ефектите од економската криза и начините за справување со истата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 23 |
| Вкупно разгледани точки | | 55 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 47 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили,
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата,
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството,
-ловот и риболовот,
-животинскиот и растителниот свет,
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата,
- премерот и катастарот на земјиштето,
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите,
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година), со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **НИКОЛА ЌУРЧИЕВ,** - претседател |
| | **ГОРАН СУГАРЕВСКИ,** - заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Ванчо Коцев |
| 2. | Панче Дамески |
| 3. | Живко Пејковски |
| 4. | Марјанчо Колевски |
| 5. | Цветан Трипуновски |
| 6. | Ристо Стојанов |
| 7. | Сафет Незири |
| 8. | Феми Јонузи |
| 9. | Миле Андонов |
| 10. | Даут Реџепи |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Борислав Стојменов |
| 2. | Даниела Иротова Лазарова |
| 3. | Јован Гинев |
| 4. | Косана Николиќ Мазнева |
| 5. | Томе Даневски |
| 6. | Васко Шутаров |
| 7. | Талат Џафери |
| 8. | Аднан Јашари |
| 9. | Марјанчо Николов |
| 10. | Мерал Узеири Ферати |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија во период од 1 јануари 2010 до 31 декември 2010 година има одржано 27 седници и четири продолженија на седници на кои се разгледани 42 точки на дневен ред од кои:

- 18 предлози на закони во прво читање;
- 15 предлози на закони во второ читање;
- 1 Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година;
- 1 Предлог Буџет на Република Македонија за 2011 година;
- 2 информации од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и тоа:

* Информација за состојбите со тутунското производство, откупот и финансиската поддршка на суровиот тутун во лист од реколта 2009 година и

* Информација за субвенционирање и развојот на пчеларството во Република Македонија;

- 1 Извештај за напредокот на Република Македонија 2010 година;

- 1 Предлог на закон за ратификација на Ротердамската Конвенција за постапка за претходно добивање на согласност за одредени опасни хемикалии и пестициди во меѓународниот промет;

- разгледување на три Извештаи на Законодавно-правната комисија и тоа: Извештајот на Законодавно-правната комисија на Предлогот на закон за ветеринарно медицински препарати, Извештајот на Законодавно-правната комисија на Предлогот на закон за вино и Извештајот на Законодавно-правната комисија на Предлогот на закон за земјоделство и рурален развој.

Комисијата разгледа вкупно 265 амандмани од кои усвоени беа 112 амандмани, усвоени со изменет текст 3 амандмани, неусвоени 92 амандмани и повлечени беа 39 амандмани, Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе 15 амандмани од кои усвоени беа 13 амандмани, 2 амандмани не беа усвоени и амандмани предложени од Законодавно-правната комисија од кои усвоени беа 3 амандмани и 1 усвоен амандман со изменет текст.

Комисијата во 2010 година расправаше по предлози на закони што се во нејзина надлежност.

Имено, Комисијата ги разгледа следниве предлог закони:

-Предлог на закон за ветеринарно медицински препарати;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасишта;

-Предлог на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи;

-Предлог на закон за виното;

-Предлог на закон за земјоделство и рурален развој;

-Предлог на закон за дополнување на законот за здравјето на растенијата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за рибарство и аквакултура;

-Предлог на закон за изменување на Законот за водите;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за сточарството;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на земјоделска дејност;

-Предлог на закон за квалитет на земјоделските производи;

-Предлог на закон за безбедност на храната на животни;

-Предлог на закон за безбедност на храната;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубрива;

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата.

Комисијата разгледаните закони во прво читање согласно со Деловникот на

Собранието на Република Македонија ги разгледува и во второ читање.

По одделни предлози на закони на коишто имаше поднесени амандмани од овластените предлагачи, Комисијата ги разгледуваше и по истите заземаше свои ставови.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 27 |
| Вкупно разгледани точки | | 42 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | 33 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 13 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации | | 2 |
| Извештаи | | 4 |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот,
- жичарите и ски-лифтовите,
-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем,
-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите,
-просторното и урбанистичкото планирање,
- уредувањето на градежното земјиште,
- станбеното и комуналното стопанисување,
-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување,
-обезбедување услови за здрава животна средина,
-спречување на штетната бучава,
-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
-други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** - претседател |
| | **АНДРЕЈ ПЕТРОВ,** - заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Томе Даневски |
| 2. | Илија Китановски |
| 3. | Борислав Стојменов |
| 4. | Јован Лазарев |
| 5. | Косана Николиќ Мазнева |
| 6. | Катерина Димеска |
| 7. | Тахир Хани |
| 8. | Хисен Џемаили |
| 9. | Томе Чинговски |
| 10. | Сулејман Рушити |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Цветко Грозданов |
| 2. | Амди Бајрам |
| 3. | Горан Ѓуровски |
| 4. | Соња Гелова Стојанова |
| 5. | Никола Котевски |
| 6. | Цена Матевска |
| 7. | Хајрула Мисини |
| 8. | Фазли Велиу |
| 9. | Миле Андонов |
| 10. | Садије Илјази |

Комисијата за транспорт, врски и екологија е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија кое, согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 и 144/2008), ги разгледува прашањата што се однесуваат за политичкиот систем, економскиот систем, јавните дејности и други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

**Од областа на политичкиот систем** како позначајни Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони и тоа:

-Предлог на просторен план на Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад,

-Предлог-закон за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност

**Од областа на економскиот систем** како позначајни Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба,

-Предлог на закон за железничкиот систем

-Предлог на закон за сигурност во железничкиот систем,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за воздухопловство,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај,

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај,

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување,

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запис во патниот сообраќај,

-Предлог-закон за интероперабилност во железничкиот систем,

-Предлог-закон за градежно земјиште и

-Предлог на закон за поштенски услуги

**Од областа на јавните дејности** како позначајни Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони:

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина,

-Предлог на закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење,

-Предлог на закон за прогласување на локалитетот Локви-Големо Коњари за споменик на природата,

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина,

-Предлог на закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори,

-Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина,

-Предлог на закон за изменување на Законот за домување,

-Предлог на закон за прогласување на локалитетот Плоче Литотелми за строг природен резерват,

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги,

-Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и

-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти

**Други материјали и акти разгледувани во овој период во Комисијата се:**

-Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на редовни и инвестициони активности на телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Репбулика Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат намјалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2010 година

-Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на редовни и инвестициони активности на радиопрограмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Репбулика Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2010 година

-Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на редовни и инвестициони активности на радиопрограмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници за 2010 година,

-Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на редовни и инвестициони активности на втор телевизиски програмски сервис преку сателит наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на албански јазик за 2010 година,

-Предлог на одлука за одобрување на финансиски план на редовни и инвестициони активности за Собранискиот канал за 2010 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Финансиски план на редовни и инвестициони активности на радиопрограмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици за 2010 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Годишен финансиски план на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги на Република Македонија за 2010 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на пазарот на железничките услуги на Република Македонија за 2010 година,

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за периодот 01.01.2009-31.12.2009 година,

-Предлог на одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2010 година,

-Годишен финансиски извештај на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги на Република

Македонија за 2009 година, завршна сметка и ревизорски извештај,

-Извештај за реализација на Годишната програма за работа на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги на Република Македонија за 2009 година,

-Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2009 година,

-Годишен финансиски план на Агенцијата за пошти за 2010 година,

-Извештај за финансиското работење на ЈП МРТ во 2009 година,

-Финансиски план за редовно работење на ЈП МРТ за 2010 година и Планот за инвестициони активности на ЈП МРТ за 2010 година,

-Информација за изградбата на подземната гаража на локацијата непосредно до Собранието на Република Македонија,

-Информација за причините за зачестените сообраќајни незгоди во железничкиот сообраќај,

-Годишен извештај за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за периодот од 01.01.2009 до 31.12.2009 година,

-Финансиски план на Советот за радиодифузија на Република Македонија за 2010 година со образложение за материјално-финансиското работење,

-Статут на Агенцијата за електронски комуникации,

-Статут на Регулаторна комисија за домување,

-Работна средба со тема: "Искуства со донесување и имплентација на Законот за WEEE ( електронски отпад ) во европските земји",

-Годишна програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2011 година,

-Извештај за напредокот на Република Македонија за 2010 година и

-Усвојување заклучоци од надзорната расправа;

Комисијата за транспорт, врски и екологија во текот на 2010 година, одржа една надзорна расправа на тема: Депонии и собирање на отпад, преглед на надлежностите на Владата на Република Македонија и на општините, со посебен осврт на регионалната депонија "Русино" и една јавна расправа на тема Каков радиодифузен сервис и е потребен на Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 30 |
| Вкупно разгледани точки | | 100 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | 30 |
| | јавни дејности | 23 |
| Поднесени амандмани | | 19 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 18 |
| Информации, извештаи | | 5 |
| Надзорни расправи | | 1 |
| Јавни расправи | | 1 |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование,

-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието,

-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност,

-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво,

-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура,

-организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката,

-образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард,

-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите,

-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА,

-развој и унапредување на физичката култура,

-развојот на врвниот спорт и

-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **САФЕТ НЕЗИРИ,** претседател | |
| | **ВУЛНЕТ АМЕТИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фијат Цаноски | |
| 2. | Александар Спасеновски | |
| 3. | Јован Лазарев | |
| 4. | Цветко Грозданов | |
| 5. | Ивица Георгиевски | |
| 6. | Виолета Ташева | |
| 7. | Наташа Јаневска | |
| 8. | Аднан Јашари | |
| 9. | Славица Грковска Лошкова | |
| 10. | Андреј Петров | |
| 11. | Маринела Тушева | |
| 12. | Садије Илјази | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Дарка Петрушевска | |
| 2. | Владимир Ѓорчев | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Томе Даневски | |
| 5. | Соња Цветковска | |
| 6. | Миле Пачемски | |
| 7. | Лидија Митева | |
| 8. | Фазли Велиу | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Игор Ивановски | |
| 11. | Станка Анастасовска | |
| 12. | Флора Кадриу | |

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија во периодот јануари-декември 2010 година одржа 15 седници, посветени на законски проекти и други акти од областа на образованието и науката.*

*На дневен ред на комисиските седници беа 33 точки, од кои: 30 предлози на закони од областа на образованието, статут на универзитетска установа и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2010 година.*

Во 2010 година работата на Комисијата главно беше насочена на разгледување на предлози на закони за изменување и дополнување на законите кои ја уредуваат сферата на основното,

средното и високото образование. Комисијата расправаше и за три нови законски проекти за основање нови високообразовни установи во рамките на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје и за основање на Национална агенција за нуклеарни технологии.

Во редовна деловничка постапка за донесување на закони, Комисијата во две читања расправаше за измените и дополнувањата на **законите за основното и за средното образование**, со кои се одлага примената на екстерното проверување на напредокот и постигањето на успехот на учениците во основното и средното образование за учебната 2011/2012 година.

Во две читања, Комисијата расправаше и за измените и дополнувањата на законите за основното и за средното образование, со кои се воведува задолжително користење на информатичката опрема во училиштата и реализација на интерактивна настава на учениците, зголемена одговорност во реализацијата на обврските на наставниците и директорите и категоризација на прекршоците од инспекциски надзор. Во насока на подобрување на решенијата од овие закони, Комисијата предложи **четири амандмани**.

Во текот на 2010 година, Комисијата расправаше по четири законски проекти поднесени од пратеници. Два предлога на закони, чие донесување беше предложено во скратена постапка, се однесуваа на измени и дополнувања на Законот за основното образование и на Законот за средното образование, поднесени од пратениците: Виолета Ташева, Наташа Јаневска, Цветко Грозданов, Лилјана Затуроска, Јован Лазарев и Дарка Петрушевска. Пред членовите на Комисијата се најде и Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за учебниците во основното и средното образование и Предлогот на законот за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, предложени од пратениците: Славица Грковска, Маринела Тушева и Станка Анастасова.

На дневен ред на седниците на Комисијата беа и други закони со кои се уредува основното и средното образование. Во прво читање, членовите на Комисијата водеа расправа за измените и дополнувањата на законите за образование на возрасните, за стручното образование и обука и за ученичкиот стандард. Новина во овие законски решенија е постапката за едукација на извршителите на прекршок и висината на казните за сторени прекршоци.

Во нормативниот дел што го уредува **високото образование,** Комисијата расправаше за измените и дополнувањата на Законот за високото образование, кои утврдуваат користење на дел од средствата од партиципација и конфинасирање на студиите за научно-истражувачката работа, и рангирањето на установите кои вршат високообразова дејност.

Во оваа сфера Комисијата дебатираше и за четири нови законски проекти: Законот за основање на Национална агенција за нуклеарни технологии на Република Македонија, Законот за основање на Факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"- Скопје и Законот за основање Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство во состав на Универзитетот

"Св. Кирил и Методиј" - Скопје, на чиј предложен текст, Комисијата поднесе **два амандмани**. Комисиската расправа беше посветена и на новиот нормативен акт со кој се врши усогласување со европското законодавство во процесот на признавање на професионалните квалификации.

Согласно со утврдената надлежност, во пропишаната деловничка процедура Комисијата го разгледа Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле" - Охрид.

Комисијата, посебно внимание посвети на делот за образованието и науката во **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2010 година.** Врз основа на дебатата, Комисијата усвои Заклучок со кој се поддржуваат оценките содржани во Извештајот, со заложба за натамошно следење и поттикнување на реализацијата на зацртаните политики во образованието и научно-истражувачката дејност

***Меѓународна активност***

Во периодот од 23 до 26 февруари 2010 година, Комисијата беше домаќин на делегација на Комисијата за образование, наука, млади и спорт на Долниот дом на Парламентот на Романија, предводена од потпретседателот господинот Каталин Кроитору. Во нејзиниот состав беа членовите на Комисијата: господинот Ангел Станчиу, госпоѓата Фаркаш Ана Лили и господинот Михаил Радану.

Во рамките на посетата што беше реализирана на барање од Романската страна, освен со својот домаќин Романската делегација оствари средби со: потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Рафис Алити, министерот за образование и наука господинот Никола Тодоров, Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Романија и со претставници на Бирото за развој на образованието и Центарот за образование на возрасни. Делегацијата се сретна и разговараше со градоначалникот на општина Тетово господинот Сади Беџети, ректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа проф. Д-р Алајдин Абази и со шефот на Катедрата за романска филологија на Филолошкиот факултет проф. д-р Маргарита Велевска.

***Други активности***

Во текот на 2010 година, претседателот и членовите на Комисијата имаа повеќе средби на теми од образовната сфера, иницирани од заинтересирани субјекти. За одбележување се средбите со претставници на мисијата на ОБСЕ во Република Македонија и Младинскиот образовен форум.

Голем број дописи до претседателот на Комисијата во кои се укажува на одредени состојби во образованието, беа упатени на натамошна постапка до надлежните субјекти.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 15 |
| Вкупно разгледани точки | | 33 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 30 |
| Поднесени амандмани | | 6 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 1 |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата,

-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија,

-збогатување на историското и уметничкото творештво,

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности,

-афирмација и заштита на авторството и авторското право,

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство,

-издавачка дејност и библиотекарство,

-споменично одбележување и заштита на спомениците на културата,

-употреба и заштита на македонскиот јазик,

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците,

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности,

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности,

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВАСКО ШУТАРОВ,** претседател | |
| | **ЛИЛЈАНА ЗАТУРОСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Ивица Георгиевски | |
| 3. | Весела Честоева | |
| 4. | Наташа Јаневска | |
| 5. | Цена Матевска | |
| 6. | Феми Јонузи | |
| 7. | Џемаиљ Јашари | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Роза Топузова-Каревска | |
| 10. | Флора Кадриу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Соња Цветковска | |
| 4. | Анета Стефановска | |
| 5. | Цветан Трипуновски | |
| 6. | Хајрула Мисини | |
| 7. | Теута Арифи | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Славица Грковска Лошкова | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

Комисијата за култура е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која се определени надлежностите на комисиите.

Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија за периодот од 1.1.2010 до 31.12.2010 година има одржано 12 седници на кои се разгледани 20 точки на дневен ред и тоа:

-Предлог на закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион,

-Разгледување на активностите околу имплементацијата на Годишната програма за одбележување на значајни најстани и истакнати личности  за 2010 година,

-Активности за подготовка на годишна програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности за 2011 година,
-Одлука за свикување на надзорна расправа околу имплементацијата на Законот за спонзорства и донации во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/2006 и 86/2008),
-Надзорна расправа на тема: Имплементација на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за музеите,
-Предлог на закон за изменување на Законот за употреба на македонскиот јазик,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за културата,
-Јавна расправа по Предлог на закон за авторското право и сродните права,
-Предлог на закон за авторското право и сродните права,
-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за прогласувањето на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење,
-Јавна расправа на тема "Македонскиот литературен јазик и неговата примена во јавната комуникација" и
-Предлог - програма за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2011 година.

Во однос на донесувањето на Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2011 година, работното тело формирано од страна на Комисијата, по неколкуте обраќања до институциите од областа на културата низ целата земја, како и единиците на локалната самоуправа, изготви Предлог - програма и врз основа на членот 5 од Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 24/98, 4/2003 и 149/2009). Комисијата оцени дека Предлогот на програмата го окарактеризира општествено политичкиот, културниот и мултиетничкиот живот, историскиот развиток, значењето на јазикот и идентитот на државата. Во рамките на својот делокруг Комисијата го утврди Предлогот на програмата и ја поднесе до Собранието на Република Македонија кое истата ја донесе.

Комисијата како заинтересирано тело го разгледуваше Предлогот на закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион

Комисијата одржа надзорна расправа на тема: Имплементација на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности врз основа на која донесе заклучоци и ги достави до сите заинтеристани субјекти кои учествуваа во расправата.

Комисијата одржа јавна расправа по Предлогот на закон за авторското право и сродните права сослушувајќи ги заинтересираните субјекти и нивните гледишта за Предлог на законот.

На предлог на претседателот на Комисијата за култура, пратеникот Васко Шутаров се одржа и јавна дискусија на тема "Македонскиот литературен јазик и неговата примена во јавната комуникација",

на која присуствуваа повеќе еминентни личности од општествено-политичкиот, уметничко културниот и јавниот живот во Република Македонија кои ги искажаа своите гледишта за темата на расправата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 13 |
| Поднесени амандмани | | |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 2 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Надзорни расправи | | 1 |
| Јавни расправи | | 2 |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**
-здравствената заштита на населението,
-здравственото осигурување,
-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи,
-заштита од болестите на зависност и од СИДА,
-хигиенско-епидемиолошката состојба,
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги,
-санитарниот и здравствениот надзор и
-други прашања што се однесуваат на здравството.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МЕРАЛ УЗЕИРИ ФЕРАТИ,** претседател | |
| | **ФЛОРА КАДРИУ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Оливера Трајановска | |
| 2. | Миле Пачемски | |
| 3. | Јован Гинев | |
| 4. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 5. | Марија Андоновска | |
| 6. | Владо Стефановски | |
| 7. | Зумрете Јакупи | |
| 8. | Феми Јонузи | |
| 9. | Менде Диневски | |
| 10. | Ѓорги Оровчанец | |
| **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 2. | Весела Честоева | |
| 3. | Живко Пејковски | |
| 4. | Панче Дамески | |
| 5. | Дарка Петрушевска | |
| 6. | Надица Танчева Тулиева | |
| 7. | Вулнет Амети | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Андреј Петров | |
| 10. | Станка Анастасова | |

Комисијата за здравство како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија е основана со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008).

Согласно со деловничките одредби Комисијата за здравство својата активност ја остварува преку одржување на седници.

За овој период Комисијата одржа 17 седници со 24 точки. Комисијата има разгледано 89 амандмани.

Комисијата за здравство има конструктивни расправи по прашањата од дневен ред, а посебно кога се разгледуваат законите од здравствената дејност. На седниците во континуитет се покануваат и присуствуваат претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија и Лекарската комора на Република Македонија, а согласно со проблематиката на законите и други органи и организации, институции и соодветните комори за стоматолошка и фармацевтска дејност.

Согласно со надлежноста, Комисијата расправаше за повеќе закони од кои позначајни се: Законот за јавно здравје; измените и дополнувањата на Законот за здравственото осигурување; Законот за здравствената заштита; Законот за заштита од пушењето; Законот за лековите и медицинските помагала; Законот за санитарната и здравствената инспекција; Законот за контрола на опојни дроги и

психотропни супстанции, Законот за хемикалии и др.

Комисијата констатира дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување се создаваат предуслови за еден поефективен и поефикасен здравствен систем во интерес на пациентите. Воедно, измените се во контекст на реформите во здравствениот систем преку воведување електронска здравствена картичка, како и воведување на интегриран здравствен информатички систем. Комисијата заклучи овој закон да се проследи на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија. Предог законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување беше разгледан и во второ читање.

Во однос на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето во комисиската расправа беше кажано дека со решенијата предложени во законот се врши дистинкција помеѓу затворените и отворените простории, со обезбедување простор за пушачите на отворено. Комисијата за здравство во второто читање на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето ги разгледа амандманите поднесени на Предлогот на законот од овластени предлагачи.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, Комисијата го разгледа во прво читање и констатира дека предложените решенија претставуваат континуиран процес за унапредување на здравствената заштита.

Комисијата имаше квалитетна и конструктивна расправа по Законот за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала. Имено, изменувањето и дополнувањето на Законот е во функција на допрецизирање на определени поими, постапки и процедури согласно со најновите европски директиви. Овој закон Комисијата го разгледа и во второ читање со поднесените амандмани од овластени предлагачи.

Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција. Со предожените решенија од Законот се врши усогласување со соодветните прописи од одделни области со кои е уредена надлежноста на Државниот санитарен инспекторат. Меѓу другото, предложените измени имаат за цел обезбедување на интердисциплинарен пристап во вршењето на инспекцискиот надзор преку вклучување на повеќе профили на извршители - државни санитарни и здравствени инспектори. Комисијата за здравство, како матично работно тело заедно со Законодавно-правната Комисија изготви Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција.

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на droги и психотропни супстанции, Комисијата го разгледа во прво читање и констатира дека предложените измени се однесуваат на допрецизирање на одредени процедури и постапки во однос на инспекцискиот надзор од страна на инспекторите од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и од

Бирото за лекови. Овој закон Комисијата го разгледа и во второ читање.

Во однос на Предлогот на законот за хемикалии во комисиската расправа беше кажано дека предложените решенија се во насока на имплементирање на европските директиви, односно воведување на REACH системот кој има сеопфатен приод кон контролата и управувањето со хемикалиите. Комисијата како матично работно тело го разгледа и Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување по скратена постапка при што беа разгледани амандманите поднесени од овластени предлагачи.

При разгледување на Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2010 година, поконкретно Поглавјето 28 во делот на здравствената заштита, членовите на Комисијата усвоија Заклучок со констатација дека реално се прикажани состојбите во здравствената заштита. Констатиран е добар напредок во областа на тутунот и одредени напредоци во повеќе области и тоа: јавното здравство, безбедноста на производите, безбедноста на крвта, преносливите болести и др.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 17 |
| Вкупно разгледани точки | | 24 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 23 |
| Поднесени амандмани | | 2 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-работните односи и за заштитата на работниците на работа,
- правото на штрајк,
-вработување и права во случај на невработеност,
-заштита на жената на работа и заштита на мајчинството,
-платите и животниот стандард,
-социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните,
-системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата,
-популационата политика, бракот и семејството,
-системот на пензиското и инвалидското осигурување,
-боречко-инвалидската заштита и зашти-тата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
-други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008) со која се определени надлежностите на комисиите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА КИТАНОВСКИ,** претседател | |
| | **ЗОРАН ПЕТРЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Светлана Јакимовска | |
| 2. | Никола Котевски | |
| 3. | Нада Станчевска | |
| 4. | Виолета Ташева | |
| 5. | Дарка Петрушевска | |
| 6. | Марија Рашковска | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Вулнет Амети | |
| 9. | Весна Бендевска | |
| 10. | Радмила Шеќеринска | |
| 11. | Станка Анастасова | |
| 12. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Оливера Трајановска | |
| 2. | Владо Стефановски | |
| 3. | Ристо Стојанов | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Амди Бајрам | |
| 6. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 7. | Рафиз Алити | |
| 8. | Тахир Хани | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Јован Манасијевски | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Имер Алиу | |

Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија за периодот од 01.01.2010 до 31.12.2010 година има одржано 25 (дваесет и пет) седници на кои се разгледани 57 точки на дневен ред и тоа 20 предлози на закони во редовна постапка и 7 предлози на закони во скратена постапка. Во рамките на своите надлежности Комисијата ги разгледа следниве закони:

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

- Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на децата
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност;
- Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи;
- Предлог на закон за спречување и заштита од дискриминација;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за семејството;
- Предлог на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
- Предлог на закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатија со општествена и државна сопственост;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања;
- Педлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
- Предлог на закон за изменување на Законот за евиденциите од областа на трудот;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за работните односи;
- Предлог на закон за посебните права на инвалидите на ОНА, на членовите на семејствата на цивилните жртви и на членовите на семејствата на паднатите борци на ОНА за време на конфликтот во 2001 година;
- Предлог на закон за изменување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;
- Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија;
- Предлог-закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
- Предлог на закон за дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија и
- Предлог на закон за плата и надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија (овој предлог на закон беше повлечен од страна на Владата на Република Македонија како предлагач)

Согласно со Меморандумот за соработка меѓу Собранието на Република Македонија и Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ) потпишан на 20 ноември 2009 година, Комисијата за труд и социјална политика, формираше Работна група за правата на децата.

Во тековната година, беше донесен и нов Закон за спречување и заштита од дискриминација кој предвидува забрана на секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и на помагање во дискриминаторско постапување.

Исто така, Комисијата за труд и социјална политика ги разгледа и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година, Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година во областа на трудот и социјалната политика, како и два извештаи на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Во рамките на своите надлежности Комисијата за труд и социјална политика има одржано и една надзорна расправа на тема: "Имплементацијата на законската регулатива од областа на правата на детето и Конвенцијата на правата на детето", како и една јавна расправа на тема: "Предлог на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија". Како точка на дневен ред на Комисијата за труд и социјална политика се усвоија и заклучоци од јавната расправа како и одлука за формирање на работна група и одлука за одржување на надзорната расправа.

Согласно со членот 120 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за труд и социјална политика Илија Китаноски. Седниците се одржуваат редовно во закажан термин и со присуство на кворум. На седниците на Комисијата беа поканети и придонес во работата дадоа претставници од синдикати, здруженија на пензионери, борци, трудови инвалиди, инвалидни организации и др.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 25 |
| Вкупно разгледани точки | | 50 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 41 |
| Поднесени амандмани | | 13 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Јавна расправа | | 1 |
| Надзорна расправа | | 1 |





# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив,

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите,

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика,

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите,

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите,

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите,

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** претседател | |
| | **КОСАНА НИКОЛИЌ МАЗНЕВА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Соња Цветковска | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Дарка Петрушевска | |
| 5. | Даниела Иротова Лазарева | |
| 6. | Зумрете Јакупи | |
| 7. | Јулијета Марку | |
| 8. | Станка Анастасова | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 2. | Наташа Јаневска | |
| 3. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 4. | Катерина Димеска | |
| 5. | Јаготка Ивановска | |
| 6. | Вулнет Амети | |
| 7. | Феми Јонузи | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Садије Илјази | |

Во текот на 2010 година, Комисијата на првата седница го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010, кој беше едногласно поддржан заедно со амандман за повеќе средства за шелтер-центрите за жртви од семејно насилство.

На втората седница се разгледа Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2011 година кој доби поддршка од Комисијата со забелешка во идните проекции на буџетите на РМ да биде видно застапен родовиот принцип, а исто така поднесе заеднички амандман со Клубот на пратенички за повеќе средства за градинките.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на на Собранието на РМ заедно со Министерството за здравство, Организацијата на жени од Свети Николе, НВО "Студиорум" и Македонското женско лоби беше добитник на наградата "Бисер на мудроста" (Perl of Wisdom) .

Наградата беше доделена на Самитот за цериквален канцер што се оддржа во Европскиот парламент во Брисел на 26 и 27 јануари 2010 година.

Добивањето на наградата беше повод за одржување на јавна расправа на тема "Наградата "Бисер на мудроста" за Македонија од Европската асоцијација за цервикален канцер (ECCA) - признание за напредокот и обврска за иднината". Јавната расправа беше во организација на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранито на РМ во соработка со "Студиорум", Македонското женско лоби и Организацијата на жени од Свети Николе, а се одржа на 3 февруари 2010 година во Собранието на РМ.

Во рамките на активностите на Комисијата одржани во земјата, Лилјана Поповска како нејзин претседател учествуваше во Кампањата против семејното насилство која беше дел од активностите од Националната стратегија за борба против семејното насилство. Таа зеде учество и на семенарот во организација на Министерството за труд и социјална политика, општина Битола, Советот на Европа и Меѓународната организација на франкофонија одржан во Битола на 4 и 5 ноември 2010 година, на тема Родово одговорно буџетирање. Комисијата, исто така имаше претставувања на трибини во Струга и Куманово со учество на Лилјана Затуровска, Дарка Петрушевска (како локални организатори) и Лилјана Поповска.

Во текот на 2010 година Комисијата имаше и меѓународни активности и тоа Лилјана Поповска како претседател на Комисијата учествуваше и претседаваше со работната сесија на четвртиот Самит за рак на грлото на матката "Зрачење на грлото на матката и програми за ХПВ вакцинација во Европа" кој се одржа во Европскиот парламент на 26 и 27 јануари 2010 година.

Катерина Димеска, член на Комисијата учествуваше на "Осмиот регионален стратешки состанок" кој беше во организација на "Регионалниот центар за еднаквост на половите" - ГТФ и Министерството за надворешни работи на Италија, а се одржа од 22 до 24 март 2010 година во Загреб, Република Хрватска.

Претседателот и членот на Комисијата Лилјана Поповска и Зумрете Јакупи заедно со претставници на Комисијата за финансирање и буџет и Клубот на пратенички учествуваа на студиска посета на Виена во рамките на регионалната програма "Родово одговорно буџетирање во Југоисточна Европа". Посетата се одржа на 25 и 26 март 2010 година.

Комисијата за родова еднаквост на Црна Гора во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Црна Гора на 20 и 22 јуни го одржаа десетиот Цетински парламентарен форум на тема "Жената, мирот и

безбедноста". На форумот присуствуваа претседателот на Комисијата Лилјана Поповска, членовите Соња Мираковска и Зумрете Јакупи, како и членот на Комисијата за одбрана и безбедност Оливера Трајановска.

На 5 и 6 ноември 2010 година во Истамбул, Република Турција се оддржа меѓународен состанок на жени од Медитеранот на кој присуствуваа членовите на Комисијата Лилјана Затуроска и Катерина Димеска.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Одржани јавни расправи | | 1 |
| Одржани надзорни расправи | | |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 6 |

- активности на национално ниво 4
- меѓународна соработка 6

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата,

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието,

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти,

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган,

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието,

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието,

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди,

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи,

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување,

-донесување акти за кои е овластена од Собранието,

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието,

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело,

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации,

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци,

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено,

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во вСлужбен весник на Република Македонијаг и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.




| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Илија Китаноски | |
| 2. | Љубисав Иванов-Ѕинго | |
| 3. | Силвана Бонева | |
| 4. | Косана Николиќ-Мазнева | |
| 5. | Анита Кипаризова-Крстеска | |
| 6. | Зоран Петревски | |
| 7. | Горан Минчев | |
| 8. | Никола Ќурчиев | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Рафиз Алити | |
| 11. | Џеват Адеми | |
| 12. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Александар Николоски | |
| 3. | Надица Танчева Тулиева | |
| 4. | Дарко Димитриевски | |
| 5. | Нада Станчевска | |
| 6. | Светлана Јакимовска | |
| 7. | Горан Мисовски | |
| 8. | Марјанчо Николов | |
| 9. | Маринела Тушева | |
| 10. | Ермира Мехмети | |
| 11. | Сафет Незири | |
| 12. | Флора Кадриу | |

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 година). Со оваа Одлука се утврдени бројот на членовите и надлежностите на Комисијата.

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2010 година, Комисијата има одржано 11 седници на кои утврди голем број на предлози на носители на јавни функции, предлози на одлуки за избор, односно именување на состави на тела утврдени со закон, донесе општи и поединечни акти за остварување на права на функционери.

Како позначајни предлози кои Комисијата ги разгледа и утврди, може да се наведат:

-предлог за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија;

- предлог за избор на член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

-предлог на одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство;

-предлог за избор на директор на дирекцијата за заштита на личните податоци;

-предлог - одлука за именување членови на Комисијата за заштита од дискриминација;

- три предлози за избор на членови на Советот за радиодифузија;

-предлог за именување на заменик државен ревизор на државниот ревизир;

-предлог за именување на претседател на Комисијата за електронски комуникации; предлог за разрешување и предлог за именување на член на Комисијата за електронски комуникации;

-предлог на одлука за избор на претседател и членови на Анкетната комисија за настаните во Собранието на Република Македонија случени на 1 јули 2010 година;

-Согласно со Законот за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција утврди две предлог - одлуки за избор на претседател и заменик претседател на Комисијата за верификација на фактите;

- две предлог - одлуки за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

-три предлог - одлуки за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;

-предлог - одлуки за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 100 години од раѓањето на Мајка Тереза - Гонџа Бојаџиу; Одборот за одбележување на 1100 години од смртта на Охридскиот чудотворец Св. Наум Охридски и на Одборот за одбележување на 20 години од одржувањето на првите повеќепартиски избори во Република Македонија;

-предлог - одлуки за изменување на составот на Советот на Собранискиот канал, Буџетски совет на Собранието на Република Македонија и на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

-предлог - одлуки за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Св.Климент Охридски"; Одборот за доделување на државната награда "11 Октомври"; Одборот за доделување на државната награда "Мајка Тереза" и на Одборот за доделување на државната награда "Гоце Делчев";

-два предлога за именување на членови на Советот на Македонската радио-телевизија;

-три предлог - одлуки за именување на членови на Советот за статистика и

-предлог - одлука за именување претставници во Собирот на работници на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството - Скопје.

Во овој период Комисијата има утврдено мислења по правилниците за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија и за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија;

Во овој период Комисијата има донесено одлуки за определување коефициенти за утврдување на плата на функционери кои ги има избрано, односно именувано Собранието и за определување на месечен надоместок на здравствените работници ангажирани во Собранието на РМ, како и решенија за остварување на плата на избрани и именувани лица од Собранието и решенија за остварување на плата по престанување на функцијат.

Во овој период Комисијата разгледа две известување согласно со Законот за спречување на корупцијата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 68 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 68 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања,
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела,
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието,
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот,
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај,
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател | |
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Надица Танчева Тулиева | |
| 2. | Никола Котевски | |
| 3. | Владимир Ѓорчев | |
| 4. | Томе Даневски | |
| 5. | Хисен Џемаили | |
| 6. | Емилијан Станковиќ | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Благородна Дулиќ | |
| 2. | Анета Стефановска | |
| 3. | Јаготка Ивановска | |
| 4. | Стојче Крстевски | |
| 5. | Талат Џафери | |
| 6. | Томе Чингоски | |
| 7. | Роза Топузовска Каревска | |
| 8. | Бесим Догани | |

Комисијата во овој период има одржано три седници. Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, ги разгледува извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листа на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот.

Согласно оваа надлежност Комисијата ги разгледа

- Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-58/2 од 15 јануари 2010 година и

- Извештајот на Државната изборна комисија за прифаќање на остатокот на мандатот за пратеник во Собранието на Република Македонија, согласно член 153 од Изборниот законик, број 10-839/2 од 09 јуни 2010 година и за тоа на Собранието му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите.

Исто така, согласно надлежноста да разгледува иницијативи за измена на Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата го разгледа Предлог деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, по скратена постапка, предложен од група пратеници.

| | |
|---|---|
| Одржани седници | 3 |
| Вкупно разгледани точки | 3 |
| Други акти | 2 |
| Информации, извештаи | 1 |

# Комисија за локална самоуправа

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-локалната самоуправа,

-територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,

-следење на развојот и мерките за унапредување на локалната самоуправа,

-следење на состојбата на територијалната организација и на стандардите за големина, населението и потребите на локалната самоуправа,

-следење на системот, политиката, мерките и инструментите за остварување на порамно-мерен регионален развој и

-следење на остварувањето и користењето на средствата наменети за рамномерен регионален развој

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ЕРМИРА МЕХМЕТИ ДЕВАЈА,** претседател |
| | **НАЗИФ БУШИ** заменик на претседателот |
| **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Цветко Грозданов |
| 2. | Лилјана Поповска |
| 3. | Марјанчо Колевски |
| 4. | Дарко Димитриевски |
| 5. | Весела Честоева |
| 6. | Нада Станчевска |
| 7. | Живко Пејковски |
| 8. | Џеват Адеми |
| 9. | Никола Ќурчиев |
| 10. | Андреј Петров |
| 11. | Флора Кадриу |
| 12. | Абедин Зумбери |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Бонева |
| 2. | Дарка Петрушевска |
| 3. | Васко Шутаров |
| 4. | Марија Рашковска |
| 5. | Ванчо Коцев |
| 6. | Горан Ѓуровски |
| 7. | Илија Димовски |
| 8. | Хајрула Мисини |
| 9. | Марјанчо Николов |
| 10. | Горан Сугаревски |
| 11. | Бесим Догани |
| 12. | Сулејман Рушити |

Комисијата за локална самоуправа во овој период одржа четири седници посветени на предлози на закони и други предлог акти од областа на локалната самоуправа.

**На Четвртата седница** одржана на 3 февруари 2010 година како заинтересирано работно тело беше разгледан Предлог на законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија, односно од општините или градот Скопје, по скратена постапка.

На **Петтата седница** одржана на 28 септември 2010 година како матично работно тело во прво читање беше разгледан Предлог на законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа.

На **Шестата седница** одржана на 20 октомври 2010 година беа разгледани амандманите поднесени од страна на пратениците по Предлогот на законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа. Со оглед на тоа што по Предлогот на законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа се усвоени дел од поднесените амандмани, Комисијата за локална самоуправа и Законодавно-правната комисија изготвија Дополнет предлог на овој закон.

На **Седмата седница** одржана на 28 октомври 2010 година на Комисијата за локална самоуправа, беше разгледан Извештајот по Предлогот на закон за Државниот инспекторат за локална самоуправа од Законодавно-правната комисија и амандманот од Законодавно-

правната комисија кој, исто така, беше усвоен и во Комисијата за локална самоуправа. Комисијата за локална самоуправа и Законодавно-правната комисија изготвија Дополнет предлог на законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | 1 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана,

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРАН МИНЧЕВ,** претседател | |
| | **МЕНДЕ ДИНЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Живко Пејковски | |
| 2. | Томе Чингоски | |
| 3. | Назиф Буши | |
| 4. | Бесим Догани | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Цветко Грозданов | |
| 2. | Горан Сугарески | |
| 3. | Тахир Хани | |
| 4. | Садије Илјази | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 2 |
| Вкупно разгледани точки | | 4 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | 2 |

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони по области | | | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти | Информации, извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Политички систем | Економски систем | Јавни дејности | | | | | |
| уставни прашања | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 48 | 563 | - | 150 | 254 | 98 | 17 | 2 | 59 | - | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 35 | 97 | - | 46 | - | - | 19 | - | 1 | 50 | - |
| одбрана и безбедност | 13 | 23 | - | 17 | - | - | - | - | 4 | 1 | 1 |
| надворешна политика | 39 | 149 | - | 35 | 30 | 39 | - | - | 35 | 10 | - |
| европски прашања | 27 | 97 | - | 24 | 52 | 12 | - | - | 5 | 4 | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 8 | 9 | - | 2 | - | 1 | - | 1 | 1 | 4 | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | 1 | 4 | - | - | - | - | - | - | - | 3 | 1 |
| финансирање и буџет | 40 | 117 | - | - | 101 | - | 6 | 3 | 3 | 10 | - |
| економски прашања | 23 | 55 | - | - | 47 | - | 3 | 2 | 6 | - | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 27 | 42 | - | 1 | 33 | - | 13 | 2 | - | 6 | - |
| транспорт, врски и екологоја | 30 | 100 | - | 12 | 30 | 23 | 19 | - | 20 | 5 | - |
| образование, наука и спорт | 15 | 33 | - | - | - | 30 | 6 | - | 2 | 1 | - |
| култура | 12 | 20 | - | - | - | 13 | - | - | 5 | 2 | - |
| здравство | 17 | 24 | - | - | - | 23 | 2 | - | - | 1 | - |
| труд и социјална политика | 25 | 50 | - | - | - | 41 | 13 | 1 | 5 | 3 | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 2 | 9 | - | - | - | - | - | 2 | - | 1 | 6 |
| прашања на изборите и именувањата | 11 | 68 | - | - | - | - | - | - | 68 | - | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 3 | 3 | - | - | - | - | - | - | 2 | 1 | - |
| локална самоуправа | 4 | 3 | - | 1 | 1 | - | - | - | - | 1 | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 2 | 4 | - | 1 | - | - | - | - | - | 1 | 2 |
| **Вкупно:** | **382** | **1470** | **-** | **289** | **548** | **280** | **98** | **13** | **216** | **104** | **10** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони,

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област,

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците,

-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците,

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон и

-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател | |
| | **КЕНАН ХАСИПИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Живко Пејковски | |
| 2. | Владо Стефановски | |
| 3. | Александар Спасеновски | |
| 4. | Анета Стефановска | |
| 5. | Катерина Димеска | |
| 6. | Никола Ќурчиев | |
| 7. | Менде Диневски | |
| 8. | Теута Арифи | |
| 9. | Фазли Велиу | |
| 10. | Џемаил Јашари | |
| 11. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 12. | Амди Бајрам | |
| 13. | Иван Стоилковиќ | |
| 14. | Авдија Пепиќ | |
| 15. | Имер Алиу | |
| 16. | Бесим Догани | |
| 17. | Имер Селмани | |

**Активности**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на Извештајниот период одржа осум седници и четири продолженија на седниците.

**Седма седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 03 февруари 2010 година** со дневен ред:

- Информација во врска со извршувањето на одредбите на членовите 29, 30 и 31 од Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на

РМ", бр. 101/2008), а во врска со одредбите на Законот за личната карта, Законот за матичната евиденција и Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.
Седницата беше прекината заради немање кворум. (незавршена)

**Осма седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 12 февруари, 09 април и 03 декември 2010 година** со дневен ред:

- Случувањата во сферата на образованието во Република Македонија и нивното влијание врз меѓуетничките односи во земјата.

Комитетот усвои заклучоци.

**Деветта седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 03 март 2010 година** со дневен ред:

- **Расправа по Проектот "Скопје 2014"**

Седницата беше прекината заради немање кворум. (незавршена)

**Десетта седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 19 март 2010 година** со дневен ред:

-Информација за следењето на примената на начелата на соодветна и правична застапеност и недискриминација. (Информација од Народниот правобранител).

**Единаесетта седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 16 јули 2010 година** со дневен ред:

- Јавна расправа во врска со загарантирани пратенички места за припадниците на помалите етнички заедници и нивната застапеност во Собранието на Република Македонија. (незавршена)

**Шеста седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 15 септември 2010 година** (Второ продолжение) со дневен ред:

-Одлучување во врска со спорот за спроведување на постапка за гласање по Дополнетиот предлог на закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа ( второ читање).

**Дванаесетта седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 17 септември и 03 декември 2010 година** со дневен ред:

-Имплементација на Националните акциони планови од Стратегијата и Декада за Ромите во Република Македонија.

Комитетот усвои заклучоци.

**Тринаесетта седница на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 22 октомври и 29 октомври 2010 година** со дневен ред:

- Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија 2011 година.

**Работни средби**

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа осум работни средби и тоа:

-Работна средба на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, Џеват Адеми одржана на 10 март 2010 година со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Амбасадорот Хозе Луис Хереро,

-Работна средба одржана на 12 март 2010 година, на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, Џеват Адеми, со претставници на Амбасадата на САД во Скопје Ман Кинер, политички советник и Адриан Исмаили, асистент,

-Работна средба одржана на 16 март 2010 година со Н.Е. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската Унија во Скопје.

-Работна средба на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, Џеват Адеми, со Делегацијата од Северна Ирска, одржана не 25 март 2010 година.

-Работна средба на претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците одржана на 23 јуни 2010 година со Јулиус Голдман, менаџер на проектот CSS Интегративно посредување, за ангажманот и активностите на Комитетот,

- Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, Џеват Адеми, на 29 јуни 2010 година, оствари средба со претставникот на УНДП, Марија Ристевска, политички аналист на тема "меѓуетничките односиг.

-Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците, Џеват Адеми на 6 септември 2010 година, оствари средба со претставници на Германската непрофитна организација Кристијан Шварц-Шилинг на тема "Решавање на меѓунационалните конфликти на локално ниво во Западен Балкан" и

-Членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците на 26 октомври 2010 година одржаа средба со претставници на Германската непрофитна организација Кристијан Шварц-Шилинг, кои непосредно работат на CSSP проектот за Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти | | 2 |
| Информации, извештаи | | 5 |
| Прашања, предлози | | - |

# 4.3 СОВЕТИ

## 4.3.1 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година,
-предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис Ђ Собранискиот канал.

Во овој извештаен период, Советот не оддржа седници.

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РАФИЗ АЛИТИ,** - претседател | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Димовски | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Лилјана Поповска | |
| 4. | Христина Рунчева | |
| 5. | Талат Џафери | |
| 6. | Весна Бендевска | |
| 7. | Емилијан Станковиќ | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Даут Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Шутаров | |
| 2. | Весела Честоева | |
| 3. | Кенан Хасипи | |
| 4. | Јован Лазарев | |
| 5. | Вулнет Амети | |
| 6. | Славица Грковска | |
| 7. | Томе Чинговски | |
| 8. | Горан Минчев | Г |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Сулејман Рушити | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.3.2. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми,
-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието,
-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија,
-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;
-донесува деловник за својата работа, и
-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на втората седница на Собранието одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008). Оваа Одлука престана да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 104/2009).

| Ред. Број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** претседател |
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Крсто Муковски |
| 2. | Илија Китановски |
| 3. | Иван Стоиљковиќ |
| 4. | Силвана Бонева |
| 5. | Владанка Авировиќ |
| 6. | Хисен Џемаили |
| 7. | Марјанчо Николов |
| 8. | Миле Андонов |
| 9. | Бесим Догани |

Во периодот од 01.01.2010 година до 31.12.2010 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија одржа шест седници. На седниците беа разгледани вкупно 11 точки на дневен ред.

На **Десеттата** седница одржана на 25 февруари 2010 година Буџетскиот совет согласно со членот 27 став (1) од Законот за Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2010 година. Во истиот се операционализирани стратешките цели за 2010 година и активностите преку кои се планира нивно остварување.

На **Единаесеттата** седница одржана на 23 март 2010 година Буџетскиот совет ја усвои измената на Заклучокот под арх.број 31-4814/6 усвоен на осмата седница на Советот, одржана на 19 ноември 2009 година. Имено, поради настанатите промени во пратеничките групи, а согласно со членот 9 став (2) од Законот за Собранието на Република Македонија изменет е распоредот на надворешните соработници по пратенички групи утврден на Осмата седница на Буџетскиот совет.

На **Дванаесеттата** седница одржана на 14 мај 2010 година, Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија едногласно го донесе правилникот за изменување на правилникот за начинот на располагање и набавување на недвижните и движните ствари, како и евидентирање и попишување на имотот на Собранието на Република Македонија. На истата седница Буџетскиот совет донесе заклучок со кој го овласти генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да формира работна група од Службата на Собранието, која ќе изготви Предлог на стратешки план на Собранието на Република Македонија за 2011 година и истиот ќе го достави на разгледување и утврдување до Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Дневниот ред на оваа седница се дополни со уште една точка Информација за реализацијата на средствата за покривање на трошоците на канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните кои беа одобрени со Буџетот на Република Македонија за 2010 година. Врз основа на расправата Буџетскиот совет донесе заклучоци со кои му предложи на Управниот одбор на мрежата на канцеларии во Собранието на Република Македонија да ја испита можноста Собранието на Република Македонија да побара помош и поддршка од Швајцарската влада, во однос на ангажирање на асистентите во канцелариите за контакти на пратениците со граѓаните со полно работно време и да ги утврди можностите за отварање на преостанатите 25 канцеларии, со што би се заокружила мрежата на канцеларии за контакти на пратениците со граѓаните.

На **Тринаесеттата** седница одржана на 17 јуни 2010 година Буџетскиот совет расправаше по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година за Разделот 02001 Собрание на Република Македонија. Врз основа на расправата Буџетскиот совет констатираше дека во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година, во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија има отстапување од Буџетот на Република Македонија за 2010 година и заклучи да ги поддржи амандманите на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година на разделот 02001 Собрание на Република Македонија.

На **Четиринаесеттата** седница одржана на 16 септември 2010 година Буџетскиот совет согласно со членот 27 став (1) од Законот за Собранието на Република Македонија го разгледа и утврди Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за 2011 година. Како втора точка на дневен ред на оваа седница беше разгледано и прифатено Буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2011 година.

На **Петнаесеттата** седница одржана на 23 септември 2010 година Буџетскиот совет ја разгледа Информацијата за состојбата на средства во Буџетот на Собранието на Република Македонија за 2010 година и настанатите, а неплатени обврски на Собранието на Република Македонија од 01.01.2010 – 21.09.2010 година. Врз основа на расправата по оваа точка едногласно беа усвоени заклучоци дека Информацијата ја прикажува реалната состојба на средства во

Разделот 02001-Собрание на Република Македонија во Буџетот на Република Македонија за 2010 година и на преземените, а неплатени обврски на Собранието во периодот од 01.01.2010 година до 21.09. 2010 година.

На **Шестнаесеттата** седница одржана на 14 ноември 2010 година Буџетскиот совет расправаше по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2011 година за Разделот 02001 Собрание на Република Македонија. Буџетскиот совет заклучи да ги поддржи амандманите на Предлогот на Буџетот за 2011 година кои се однесуваат на Разделот 02001 Собрание на Република Македонија.

За сите одржани седници и разгледани точки се изготвени посебни записници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 6 |
| Вкупно разгледани точки | | 11 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 2 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 5 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Правилници | | 2 |

## 4.3.3.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во ЕУ. Советот претставува платформа која овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, сфатено во поширока смисла на зборот – Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа.

Во својата работа Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати: "обединети во разликите" отвореност и инклузивност. Имено, составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел – членство во Европската унија. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа директно пренесувани и покриени од сите заинтересирани медиуми во Република Македонија. Дополнително, во своите активности Советот направи напор за поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати во најважните секторски прашања и политики, преку организирање на отворени јавни расправи, на форуми многу поширoки од составот на самиот Совет.

Согласно со Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007), Советот го известува Собранието на Република Македонија за својата работа најмалку два пати годишно.

Овој извештај се однесува на работата на Советот за периодот од 15 септември 2008 до 22 декември 2009 година.

Во Извештајот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции,
- остварена меѓународна соработка на Советот,
- оценките од работата на Националниот совет и заложби за активностите што претстојат,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет, организираните јавни расправи и одржани средби од меѓународен карактер, и нивно учество во дискусиите и
- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

## ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 25 август 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.106/2008), со Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 24 ноември 2008 година ("Службен весник на РМ" бр.147/2008), Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 15 јуни 2009 година ("Службен весник на РМ" бр. 76/2009) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 25 август 2009 година ("Службен весник на РМ" бр. 106/2009).

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 17 членови, и тоа: по четири члена од парламентарната позиција и опозиција, а членови по функција се претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на Комисијата за надворешна политика и копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и ЕУ.

Членови на Националниот совет се и заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и по еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно со членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа.

Начинот на работа, правата и обврските на претседателот, потпретседателот и членовите на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на седницата одржана на 31 јануари 2008 година.

Согласно со членот 4 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции одржа пет седници, три јавни расправи и две средби од меѓународен карактер со претставници на европските институции и официјални претставници на земјите членки на Унијата.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

На **Единаесеттата седница** одржана на 25 декември 2009 година Советот расправаше за степенот на усвојување на законодавството во текот на 2009 година и по тој повод на расправата беше усвоено **Мислење за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година**.

"Повикувајќи се на Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година, потврдувајќи ја определбата за целосно исполнување на политичките и економските критериуми, како и способноста за преземање на обврските од членството во Европската унија, како и на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, а при тоа имајќи ги предвид забелешките изнесени во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година, Националниот совет за евроинтеграции на 25 декември 2009 година го усвои следново мислење:

1. Националниот совет за евроинтеграции препорачува Собранието на Република Македонија и неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година, дадени во Анексот 1;
2. Имајќи ги предвид позитивниот Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2009 година, како и забелешките во делот на Собранието на Република Македонија, Советот укажува на потребата за понатамошно подобрување на Деловникот за работа на Собранието, согласно со препораките на Венецијанската комисија;
3. Со цел поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година, во претстојниот период Националниот совет за евроинтеграции ќе организира јавни расправи за предлозите дадени во Анексот 2;
4. Во оваа насока Владата на Република Македонија треба да обезбеди редовна пракса на доставување на работните текстови на предлог законите со цел на Советот да му се обезбеди сериозно анализирање на законските предлози и да достави свои предлози, сугестии и препораки;
5. Националниот совет за евроинтеграции и препорачува на Владата на Република Македонија да организира јавни расправи и консултации со засегнатите страни во тек на изработката на подзаконските акти за важни закони кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, согласно со одредбите од

Деловникот на Владата на Република Македонија за проценка на регулаторното влијание со цел за подобра имплементација на законите во пракса;

6. Националниот совет за евроинтеграции ги повикува сите општествени субјекти да дадат свој активен придонес во процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и
7. Со содржината на ова мислење да се запознаат Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија и истото да биде објавено на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

На истата седница Советот го усвои првиот **Извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот септември 2008 - декември 2009 година**. Во Извештајот соодветно беа вградени сите предлози и сугестии кои произлегоа од расправата по истиот, а се однесуваа на потребата за дополнување со податоци за:

- присуството и учеството во дискусиите на членовите и претставниците на Советот,

- потребата во иднина да се обезбеди поголемо присуство на членовите и претставниците на средбите од меѓународен карактер,

- процена на ефектите од активностите на Советот и

- Советот беше информиран дека НВО Инфоцентарот во соработка со Македонскиот центар за европско образование, реализираше мониторинг на неговата работа со следење и анализирање на активностите на Советот.

На истата седница, НСЕИ ги усвои заклучоците од Јавната расправа по работната верзија на Законот за авторско право и сродните права.

На **Дванаесеттата седница,** одржана на 29 јануари 2010 година, Советот ја разгледа **Националната програма за усвојување на правото на ЕУ - ревизија 2010 година**. Како и во претходните години и оваа НПАА ја следи истата структура и концепт на документот, политичките критериуми, економските критериуми, способноста да се преземат обврските кои произлегуваат од членството, јакнење на административните капацитети за пристапување во Европската унија, подготовка на националната верзија на "acquis communautaire" и информирање и комуникација со јавноста за процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската унија. Документот содржи план за постепено транспонирање на европското законодавство во релевантното национално законодавство, како и активности кои директно се однесуваат на подобра имплементација на законодавството. Националната програма опфаќа усвојување на 103 закони и 373 подзаконски акти планирани да се усвојат во 2010 година. Советот со консензус ги усвои следниве заклучоци:

1. Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции ја повторува определбата од Петтата седница, одржана на 6 мај 2009 година, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2010;

2. Националниот совет за евроинтеграции укажува на потребата за навремено реализирање на сите законски, административни и буџетски обврски што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010. Заради реализација на НПАА ревизија - 2010, Советот ги повикува Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија да ги интензивираат консултациите со сите инволвирани субјекти, во насока на подобрување на фазата на подготовка и донесувањето на законите, како и заради подобра примена на законите.
3. Согласно со предвидените рокови за донесување на законските проекти на Владата на Република Македонија, Советот укажува на неопходноста за навремено доставување на работните текстови на законите, со цел Советот соодветно да ја реализира преземената обврска за организирање на јавни расправи по определени закони, утврдени во Анексот 2 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година;
4. Врз база на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции го ревидира Анексот 1 од Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година, донесено на седницата на Советот одржана на 25 декември 2009 година и
5. Овие заклучоци заедно со забелешките на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции изнесени на седницата да се достават до Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија и да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија.

На **Тринаесеттата седница,** одржана на 18 март 2010 година, Националниот совет за евроинтеграции расправаше за **Повеќегодишната спогодба за финансирање 2007-2010 од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) - Петта компонента - рурален развој.**

На **Четиринаесеттата седница,** одржана на 26 април 2010 година, Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа и со консензус ја усвои **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2010 година за периодот од 01.01. до 31.03.2010 година**, изготвена од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија. На истата седница Советот ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлогот на законот за здруженија и фондации, одржана на 23 февруари 2010 година, заклучоците од јавната расправа по Предлогот на законот за јавните службеници, одржана на 24 февруари 2010 година и заклучоците од јавната расправа на тема "Обновливи извори на енергија - Може ли Германското искуство да и помогне на Република Македонија", одржана на 24 март 2010 година.

Во однос на прашањето за учеството на невладините организации во работата на Националниот совет за евроинтеграции, Советот на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1. Најавите за организирање на јавни расправи организирани од Националниот совет за евроинтеграции, кои се однесуваат на различни прашања кои се дел од процесот на евроинтеграција, се објавуваат на интернет страницата на Собранието на Република Македонија, пет дена пред нивно одржување. На јавните расправи можат да учествуваат

сите заинтересирани невладини организации и професионални здруженија, кои во периодот пред оддржувањето своето присуство го пријавиле во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и

2. Невладините организации кои имаат добиено согласност од Националниот совет за евроинтеграции имаат право да ја следат работата на Советот, без право за дискусија на седниците на Советот.

На **Петнаесеттата седница,** одржана на 25 јуни 2010 година Националниот совет за евроинтеграции на седницата расправаше за **Европската интеграција на Република Македонија по Европскиот совет, одржан на 17 јуни 2010 година**.

## ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година, Советот согласно со донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година, презеде обврска да организира јавни расправи за законите за кои смета дека е потребна широка дебата, со цел давање можност за искажување на ставовите и мислењата на сите заинтересирани субјекти (Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ за 2010 година).

Во организирањето на јавните расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема вклученост и отвореност. Беа направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, здруженија на граѓани, како и експерти од академските и стручните институции.

Иницијативата за организирање на јавните расправи од страна на НСЕИ беше поздравена од учесниците на јавните расправи кои придонесоа за зголемување на дебатата за одредената област.

Националниот совет за евроинтеграции на 23 февруари 2010 година организираше Јавна расправа по **Предлогот на законот за здруженија и фондации**. Основна цел на Предлог-законот беше да се обезбеди полиберално слободно здружување согласно со европските практики, според кои, покрај граѓаните како државјани на Република Македонија, да можат странците, правните лица и малолетните граѓани да основаат здруженија и фондации. Основата на оваа определба произлегува од Европската конвенција за заштита на човековите права и практиката на Европскиот суд за човекови права, Конвенцијата за правата на детето и Препораките на Советот на Европа. Собранието законот го донесе на 100-та седница одржана на 12 април 2010 година.

На 24 февруари 2010 година Националниот совет организираше Јавна расправа по **Предлогот на законот за јавни службеници**. Целта на предложениот закон беше усогласување

со Препораката VIII[1] од Извештајот од вториот круг за оценка на Република Македонија усвоен во Стразбур, 10-12 октомври 2005 година, на 25-от пленарен состанок на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа од 2000 година. Предложените решенија беа во функција на воспоставување на единствена основна законска рамка за уредување на правата, обврските и одговорностите на јавните службеници, што ќе придонесе за остварување на поголема професионалност, ефикасност и ефективност во работата на јавната служба во целост. Собранието законот го донесе на 100-та седница одржана на 12 април 2010 година.

На 24 март 2010 година Националниот совет заедно со Фондацијата Фридрих Еберт организираше тематска јавна расправа посветена на: **Обновливите извори на енергија - Дали може германското искуство да биде корисно за Република Македонија.** На јавната расправа беа пренесени искуствата на СР Германија во областа на обновливите извори на енергија. Исто така, беа изнесени мислења, предлози и забелешки за искористувањето на потенцијалот на обновливите извори на енергија и за подобрување на националното законодавство од соодветната област.

## ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции оствари меѓународна соработка со претставнци на европските институции и со официјални претставници на земјите членки на Унијата.

1. На 18 февруари 2010 година е остварена средба со Делегација на Комисијата за надворешна политика во Европскиот парламент (АФЕТ), предводена од г. Алојз Петерле, шеф на Делегацијата и членовите г. Георгиос Кумуцакос, г. Зоран Талер, г-ѓа Норика Николаи, г-ѓа Марије Корнелисен и г. Чарлс Танок;
2. На 19 февруари 2010 година членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции присуствуваа на обраќањето на г. Штефан Фуле Комесар за проширување и европската политика на соседството, во рамките на Седмиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија, што се одржа во Собранието на Република Македонија;
3. На 20 април 2010 година е остварена средба со г. Мигел Анхел Моратинос, министер за надворешни работи на Кралството Шпанија на која присуствуваа и претставници од Комисијата за надворешна политика, Комисија за европски прашања и Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и
4. На 23 јуни 2010 година е остварена средба со г. Дејвид Лидингтон, министер за Европа на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

[1] Препораката VIII се однесува на воспоставувањето на регулативна рамка на модерни административни принципи за голем број на јавни службеници, која ќе соодветствува, до степен кој е возможен, на прописите кои се применуваат во однос на државните службеници.

**ОЦЕНИ ОД РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЗАЛОЖБИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ ШТО ПРЕТСТОЈАТ**

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции во најголем дел расправаше по документи на Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања), со цел конструктивно да придонесе во остварувањето на стратешкиот интерес на Република Македонија за интегрирање во ЕУ, за која е постигнат широк политички и граѓански консензус.

Работата на Советот се движеше во насока да се нагласи широкиот јавен интерес, да се афирмира вкупната согласност за интегративниот процес, да се зајакне заедничката одговорност и да се развиваат оптимални политички услови за заокружување на подготовките за членство во ЕУ, пред сé, заради членството на Република Македонија во ЕУ и исполнување на потребните критериуми и добивање датум за отпочнување преговори со Унијата.

Може да се оцени дека во овој период Советот, во рамките на својата поставеност и со расположливите потенцијали, работеше ефикасно постигнувајќи консензуална согласност по прашањата за кои одлучуваше. Консензуалната природа на одлучувањето во Советот, за жал, предизвика и отсуство на дебата по одредени точки за кои не можеше да се постигне целосна согласност.

За одредени прашања Советот не беше во можност да дебатира, поради недоставување на документи[2] од страна на Секретаријатот за европски прашања.

Националниот совет за евроинтеграции ја унапредува својата отвореност кон јавноста и отчетноста и со својата политика на транспарентност кон поширокиот граѓански сектор.

*Процена на ефектите од заклучоците усвоени на седници на Националниот совет за евроинтеграции за периодот 25 декември 2009 до 30 јуни 2010 година*

Во извештајниот период НСЕИ одржа пет седници, на три седници Советот усвои заклучоци. Во овој дел е дадена процена на ефектите од заклучоците од единаесетата, дванаесеттата и четиринаесеттата седница на НСЕИ.

Согласно со усвоеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година на Советот[3], Собранието на Република Македонија и неговите работни тела дадоа приоритет во разгледување и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2010 година, дадени во Анекс 1 планирани да се донесат во 2010 година.

Во првата половина од 2010 година, забележан е напредок во однос на динамиката на усвојување на законите со кои се усогласува националното законодавство со правото на ЕУ за 2010 година според НПАА, во однос на 2009 година. Владата на Република Македонија до Собранието достави вкупно 52 предлог закони со кои се усогласува националното законодавство со правото на Европската унија, кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија ревизија 2010 година. Собранието, заклучно со 30

[2] Акциониот план за реализација на препораките од Извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија за 2009, Информација за учеството на Република Македонија во програмите на Заедницата, документите за ревизијата на Предпристапното партнерство на Република Македонија.

[3] Мислењето е усвоено на 11 седница на НСЕИ одржана на 25 декември 2009 година.

јуни 2010 година, донесе 44 закони, а во собраниска процедура (прво или второ читање) до крајот на јуни беа 8 предлог закони.

Со донесувањето на измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Собранието[4], може да се констатира дека е реализирана точката 2 од Мислењето на НСЕИ за усвојување на правото на ЕУ за 2010 година.

Оценка: Зголемениот мониторинг на имплементацијата на НПАА во делот на закони вроди со плод, се зголеми процентот на усвоени ЕУ закони. Очекуваме истото да се случи и во поглед на квалитетот на закони и во поглед на подзаконските акти.

Советот во текот на првата половина на 2010 година продолжи да организира јавни расправи согласно со Мислењето и Анексот 2/2010. На јавните расправи продолжи соработката со голем број на невладини организации, институции и заинтересирани субјекти кои ја покажаа својата транспарентност и интерес за учество во расправите. Организацијата на јавните расправи беше поздравена од голем број учесници кои со конкретни предлози и забелешки придонесоа дел од предложените законски решенија да се подобрат (*подетална анализа е дадена во делот од Извештајот што се однесува на процената на ефектите од одржаните јавни расправи на НСЕИ*).

Во првите шест месеци од годината, послаба е динамиката на организирање на јавни расправи од страна на Националниот совет поради малиот број закони од Анекс 2 кои беа подготвени. Вкупно беа реализирани три јавни расправи, две од нив по закони од Анексот 2/2010, и една тематска јавна расправа. Во извештајниот период до Советот не беше доставена ниту една работна верзија на законите од Анексот 2/2010, законите беа разгледани во форма на предлог закони откако влегоа во Собраниска процедура.

Во однос на реализацијата на заклучоците од *Дванаесеттата седница на НСЕИ*, во извештајниот период може да се констатира дека Секретаријатот за европски прашања постапува по заклучокот на НСЕИ од Петтата седница[5] одржана на 6 мај 2009 година, и доставува тримесечни информации за реализација на активностите од НПАА.

Во насока на подобрување на фазата на подготовка и донесувањето на законите, како и заради подобра примена на законите, Собранието на Република Македонија ги интензивираше консултациите со сите инволвирани субјекти. Покрај активностите на НСЕИ, одредени собраниски комисии организираа јавни и надзорни расправи.

Согласно со првата точка од заклучоците од Четиринаесеттата седница на Советот одржана на 26 април 2010 година, најавите за организирање на јавните расправи на Националниот совет за евроинтеграции, редовно се објавуваат на интернет страницата на Собранието на Република Македонија, пет дена пред нивното одржување. На јавните расправи учествуваа сите заинтересирани невладини организации и професионални здруженија, кои во периодот пред одржувањето го пријавија своето присуство во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

---

[4] Измените и дополнувањата на Деловникот на Собранието на република Македонија беа донесени на на седницата на Собранието одржана на 7 септември 2010 година.

[5] Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009, Националниот совет за евроинтеграции заклучи дека е потребно Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции и до Комисијата за европски прашања да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2009.

Во однос на втората точка од заклучоците, за следењето на работата на Советот од страна на невладини организации, прашањето не беше отворено во Советот во периодот опфатен со овој извештај.

*Процена на ефектите од јавните расправи на Националниот совет за евроинтеграции организирани во периодот 25 декември 2009 до 30 јуни 2010 година*

Согласно со донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во 2010 година и Анексот 2, Националниот совет за евроинтеграции во текот на 2010 година организираше две јавни расправи по два Предлог закони доставени од страна на Владата на Република Македонија и една тематска јавна расправа. Во Извештајниот период, Владата на Република Македонија до Советот не достави ниту еден закон во работна верзија.

На сите јавни расправи организирани од Националниот совет имаше голема заинтересираност и активно учество од страна на бројни експерти, професори, организации, здруженија на граѓани и останати заинтересирани субјекти кои со своите дебати придонесоа кон подобрување на квалитетот на законските одредби, подобро усогласување на законите со европското законодавство и за подобра имплементација.

Законот за здруженија и фондации и Законот за јавните службеници беа составен дел и на Анексот 1/2009 година, но Советот не беше во можност да организира јавна расправа по истите од причина што работните текстови не беа доставени до Советот, а двата закони беа префрлени во НПАА за 2010 година. Поради ова Националниот совет организираше јавни расправи во март 2010 година, откако законите влегоа во Собраниска процедура.

Во овој извештај дополнително е направена процена на ефектите од јавната расправа на НСЕИ по работната верзија на Законот за спречување и заштита од дискриминација[6], организирана во април 2009 година. Во следниот извештај за работата на НСЕИ ќе бидат опфатени ефектите од јавните расправи по работните верзии на Законот за авторско право[7] и сродните права и Законот за кривична постапка[8].

*Ефекти од Јавната расправа по Предлог законот за спречување и заштита од дискриминација*

Националниот совет за евроинтеграции заеднички со сојузот "Македонија без дискриминација" на 14 април 2009 година организираа јавна расправа по предлогот на работниот текст на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Законот се донесе во Собранието на 12 април 2010 година.

Во однос на забелешката од јавната расправа која се однесуваше на непостоење на еднаквост на права и обврски на сите граѓани на Република Македонија, *во членот 5* се додаде нова алинеја 6 според која "Еднаквост е начело според коешто сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во обврските и правата. Еднаквоста ја подразбира различноста, односно подразбира постоење неистоветни лица кои треба да бидат еднакво третирани".

[6] Ефектите од јавната расправа не беа вклучени во прво Извештај за работата на НСЕИ за периодот септември 2008-декември 2009, од причина што предлог законот се достави во Собранието во 2010 година, односно истиот е донесен во април 2010 година.
[7] Закон за авторските права и сродните права е донесен на 23 август 2010 година.
[8] Предлог законот за кривична постапка во периодот на изготвување на овој Извештај е во Собраниска процедура.

Во однос на забелешката за дефинирањето на поимите директна и индиректна дискриминација, беше допрецизиран *членот 6*, односно "Индиректна дискриминација врз дискриминаторска основа е секое ставање на некое лице или група во неповолна положба во споредба со други лица, со донесување очигледно неутрални одредби, критериуми или со преземање на определени практики, освен кога таквите одредби, критериуми или практики, произлегуваат од оправдана цел, а средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни".

Во однос на забелешката за допрецизирање на терминот за неповолно постапување, предвидено е следното решение "дискриминација претставува и неповолното однесување кон едно лице, трпење на штетни последици заради тоа што презело одредени активности за заштита од дискриминација (пријавило дискриминација, започнало постапка за дискриминација сведочело во текот на постапката). "

Во однос на забелешките за потребата за преформулирање на исклучоците кои се однесуваат на различни целни групи и различни потреби, предлог законот беше дополнет со *три нови члена 10-а, 10-б и 10-в* (членови 13,14 и 15 од Законот) кои се однесуваат на афирмативните мерки, нееднакво постапување и заштитни механизми за одредени категории на лица (односно што нема да се смета за дискриминација).

Прифатена е забелешката за додавање на нова алинеја, во членот 24 е воведе предвидено следното "Комисијата за заштита од дискриминација прибира статистички и други податоци, формира бази на податоци, спроведува студии, истражувања и обуки во врска со дискриминацијата". Земена е во предвид забелешката од јавната расправа за потребата да се спроведе едукација за заштита од дискриминација на сите возрасни групи, со цел истата да се препознае и да се спречи.

На јавната расправа беше предложено Комисијата за заштита од дискриминација да биде посебно тело кое ќе се занимава со заштита од дискриминација. Според *членот 16 од Глава IV* од Законот, Комисијата за заштита од дискриминација е самостоен и независен орган која работи во согласност со надлежностите утврдени со законот.

Во однос на забелешката "дека не е дадена можност законот да се применува од приватниот и останатите сектори, со што неговата примена е лимитирана" во *членот 4,* дадена е можност законот да се применува и од страна на приватниот сектор, односно се однесува на сите правни и физички лица, вклучително и од приватниот сектор.

Во однос на "товарот на докажување" од *член 38*, беше изнесена забелешка дека се остава простор за различно толкување од страна на судиите, Народниот правобранител и институциите. Во одредбата "товарот на докажување" е јасно назначен кон лицето кое дискриминирало. Делумен проблем е терминот "факти и докази" (наместо само факти) кој воведува обврска за поднесување на докази и од страна на дискриминираното лице.

Забелешката за "промоција и запознавање на јавноста со дискриминацијата да биде прецизно утврдена во законот" е прифатена со вклучување на таква надлежност кај Комисијата за заштита од дискриминација, во членот 24, став 5.

Забелешки од јавната расправа кои не беа земени предвид:

1. Во *членот 5 точка 11* при дефинирањето на маргинализирана група не е прифатен предлогот, терминот "одредени видови насилство" да се допрецизира, дали се работи за физичко или вербално насилство;

2. Прешироко е листата на исклучоци од дискриминација во *Главата III* од законот, во делот на афирмативни мерки, нееднакво постапување и заштитни механизми за одредени категории на лица;

3. Не е регулирана, ниту може да се санкционира, дискриминацијата по основ на говор на омраза;

4. Законот за заштита и спречување на дискриминација да се усогласи со Законот за парнична постапка, Законот за управната постапка, Законот за Народниот правобранител и Законот за еднакви можности за жените и мажите, заради ефикасна имплементација;

5. Законот е премногу апстрактен и општ, остава простор за дискреционо одлучување и

6. Забелешките од страна на претставникот на Исламската верска заедница, во Комисијата за заштита од дискриминација да членува претставник од Исламската верска заедница, како и во државните болници и затворите да се предвидат исламски објекти за вршење на верските обреди, не се прифатени.

Неприфатени забелешки кои не се однесуваат директно на Законот за спречување и заштита од дискриминација:

- Во однос на постоечките надлежности на Народниот правобранител не е извршено проширување на подрачјето на неговото дејствување, соодветно на активностите кои ги добива по основ на дискриминацијата.

- Во канцеларијата на Народниот правобранител треба да се ангажира кадар кој ќе се занимава само со заштита од дискриминација.

- Називот на собраниската Комисија за еднакви можности за жените и мажите да се преименува во Комисија за еднакви можности, со цел да ги опфати сите основи на дискриминација.

*Ефекти од Јавната расправа по Предлог законот за здруженија и фондации*

Во однос на забелешките од јавната расправа и предлогот да се утврди разлика меѓу здружувањето на организациите и статусните промени (спојување, присоединување), *членот 5* беше допрецизиран, односно две или повеќе организации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да стекне својство на правно лице, со регистрација во согласност со овој закон. Организациите можат да членуваат во меѓународни организации или на друг начин да соработуваат со нив. Организациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, со здружувањето не го губат својството на правно лице.

На јавната расправа беше укажано на потребата, основањето на здруженијата и фондациите да може да биде на одредено и неодредено време и ако со статутот не е предвидено времето, да се смета дека основањето е на неодредено време. Ч*ленот 7* беше изменет со следниот текст "Ако

со актот за основање, односно со статутот на организацијата не е определено времето на траење на организацијата, се смета дека организацијата е основана на неопределено време".

Земен е в предвид предлогот за усогласување на *ставот 2 од членот 7* и *членот 88*, односно ставот 2 од членот 7 гласи "Организациите имаат даночни и царински олеснувања во согласност со закон".

Во однос на *членот 13* со кој се регулира непартиското дејствување на јавната расправа, беше истакната потребата од допрецизирање на формулација со цел да се избегне широко толкување на поимот "влијание на избори". Ставот 2 од членот 13 се допрецизира со следниот текст "како влијание на избори во смисла на ставот (1) на овој член се подразбираат учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија".

На јавната расправа беше предложено дополнување на *членот 14*, односно организациите да можат активно да учестуваат и во однос на креирање на политиките на Владата и во донесувањето на законите. Одредбата со амандман се измени со следниот текст "организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење и креирањето на политиките".

Беше прифатена забелешката за измена на *ставот 3 од членот 15*, заради отстранување на пречките, бидејќи со предлог законот беше дадена можност за основање на здружение од страна на малолетни лица со навршена петнаесетгодишна возраст

Забелешката на *членот 17* беше дека одредбата е ограничувачка за најголемиот број на организации кои немаат единствени даночни броеви. Одредбата беше допрецизирана, односно актот за основање на здружението треба да содржи име, седиште и адреса на здружението, име, адреса или седиште и единствен матичен број на основачите на здружението и целите на здружението. Актот за основање или негов дел може да се менува, ако за тоа има изречено волја на основачите додека трае процесот на регистрација.

На јавната расправа беше укажано на потребата да се допрецизираат одредбите од предлог законот заради обезбедување непречено функционирање на органите во организациите, пред се во здруженијата, во делот на органот кој ќе го врши застапувањето. Во предлог законот се користеше формулацијата која укажуваше на потреба од утврдување на името на физичко лице и може да доведе до потреба за измена на статут при секој избор на застапник. Со усвојувањето на амандман се избриша *ставот 2 од членот 25*.

Забелешката *на ставот 2* од *членот 30* од Предлогот на законот, беше дека решението е спротивно на членот 30 од Уставот на Република Македонија каде што се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Оваа забелешка беше прифатена, со амандман се избриша ставот 2 од членот 30.

*^ленот 35* кој се однесува на надлежностите на одборот на фондацијата беше дополнет со нов став со што се предвиде решение според кое одборот на фондацијата ги има правата од ставот 1 на членот, ако со актот за основање или со статутот на фондацијата основачот не ги задржал за себе правата.

На јавната расправа беше укажано дека значајна е можноста организациите да имаат право на избор во однос на воспоставувањето на надзорен орган, најзастапена пракса во земјите

од регионот е доброволност за дополнителен надзорен орган. Во оваа насока *ставот 1 од членот 56* се дополни со следниот текст "организациите може да имаат орган за надзор".

Беше прифатен предлогот за проширување на составот на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, *во членот 79.* Имено, од шест членови бројот на Комисијата се зголеми на десет.

*Ефекти од Јавната расправа по Предлогот на законот за јавните службеници*

Прифатен е предлогот за допрецизирање на *точката 5 од членот 3* од Предлогот на законот за јавните службеници, според кој "работно искуство во струката, е времетраењето на работниот стаж или искуството стекнато во соодветната струка по завршување на соодветно образование на јавниот службеник".

*Во членот 43* од Предлог законот прифатен е предлогот да се даде можност "пред изрекување на дисциплинската мерка јавниот службеник се известува писмено за наводите на извештајот од непосредно препоставениот јавен службеник што постојат против него и истиот има право да даде усмен или писмен одговор во рок кој неможе да биде пократок од 5 дена".

Во однос на *членот 45,* на јавната расправа беше дадена забелешка дека синдикатот е целосно исклучен од комисиите за дисциплинската постапка. Ставот 2 од член 45 предвидува Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап да биде составена од претседател и двајца членови од кои едниот од нив е претставник на синдикатот и нивни заменици.

Прифатен е предлогот за измена на процентот во *членот 50 став 4*, односно додека трае времено отстранување, јавниот службеник има право на плата во висина од 50% од платата што ја примил претходниот месец. Ова е заради усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи.

На јавната расправа беше изнесена забелешка дека претставникот на синдикатот треба да учествува во дисциплинската постапка. *Членот 52* беше дополнет: "Комисијата за утврдување на материјална одговорност на јавниот службеник е составена од претседател и двајца членови од кои едниот од нив е претставник на синдикатот и нивни заменици".

*Ефекти од Јавната расправа* на *тема* "*Обновливи извори на енергија - Дали може германското искуство да биде корисно за Република Македонија*"

Заклучоците од јавната расправа беа доставени до Владата на Република Македонија, надлежното министерство и надлежните собраниски комисии. Советот препорача Владата да воспостави интегрирана политика на енергетика и животна средина, и стратегија со цел за обезбедување и снабдување со енергија за потрошувачите, ограничување на надворешната зависност од енергија, еколошка одржливост и ефикасно справување со климатските промени. При планирањето на развојот на енергетскиот сектор во државата, Советот укажа на потребата за создавање на поволни можности за локални и странски инвестиции во областа на обновливите енергии, подобрување на енергетската ефикасност, преземање на активни мерки за користење на обновливите извори на енергија и технологии со ниска емисија на јаглерод со цел за заштита на животната средина и климата. Исто така, НСЕИ препорача спроведување на широка национална кампања за подигнување на јавната свест за штедење на енергијата,

промовирање и инвестирање во обновливите извори на енергија кои најдобро одговараат на потенцијалот и приоритетите на државата.

Советот очекува препораките од заклучоците да бидат земени в предвид од соодветните институции.

*Усвојување на заклучоците од јавните расправи и извештаи на НСЕИ*

На Четиринаесеттата седница, одржана на 26 април оваа година, Советот со консензус ги усвои заклучоците за трите организирани јавни расправи. По усвојувањето, заклучоците на Советот заедно со стенографските белешки од јавната расправа беа доставени до Владата на Република Македонија, надлежното министерство, претседателот на Собранието, надлежната собраниска комисија и Законодавно правната комисија. Беа изготвени извештаи од секоја јавна расправа и истите беа доставени до надлежните собраниски тела и претседателот на Собранието.

Во извештаите од јавните расправи презентирани се сите одделни мислења, предлози, коментари, препораки и забелешки изнесени на јавните расправи, во насока на подобрување на квалитетот на одредбите од предлог законите.

## ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ, ОРГАНИЗИРАНИТЕ ЈАВНИ РАСПРАВИ И ОДРЖАНИ СРЕДБИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР И НИВНО УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИИТЕ

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и нивното учество во дискусиите беа одржаните седници на НСЕИ, организираните јавни расправи и средбите од меѓународен карактер, во периодот од 25 декември 2009 до 30 јуни 2010 година. В предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуство на членовите и претставниците на НСЕИ (за седници, јавни расправи и средби), записниците од седниците и стенографските белешки.

Дадените податоци за присуството и учеството на средбите од меѓународен карактер се однесуваат на две одржани средби во периодот јануари - јуни 2010 година, на кои беа поканети сите членови и претставници на НСЕИ.

*Присуство на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер*

| Активности / член / претставник | Седници/5 | | Јавни расправи/3 | | Средби/2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Присуство | Процент | Присуство | Процент | Присуство | Процент |
| Радмила Шекеринска | **3** | 60% | **3** | 100% | **2** | 100% |
| Силвана Бонева | **5** | 100% | **3** | 100% | **1** | 50% |
| Александар Николовски | **3** | 60% | **2** | 67% | **0** | 0% |
| Кенан Хасипи | **4** | 80% | **2** | 67% | **1** | 50% |
| Андреј Жерновски | **2** | 40% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Тито Петковски | **5** | 100% | **2** | 67% | **1** | 50% |
| Џеват Адеми | **4** | 80% | **2** | 67% | **1** | 50% |
| Флора Кадриу | **3** | 60% | **1** | 33% | **1** | 50% |
| Петар Поп Арсов | **4** | 80% | **2** | 67% | **2** | 100% |
| Теута Арифи | **0** | 0% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Александар Спасеновски | **3** | 60% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Васко Наумовски | **3** | 60% | **1** | 33% | **0** | 0% |
| Димитар Мирчев | **4** | 80% | **1** | 33% | **2** | 100% |
| Сашко Стефков | **1** | 20% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Владо Камбовски | **1** | 20% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Зоранчо Алексов | **1** | 20% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Роберт Поповски | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Бранко Азески/ Љубица Нури | **4** | 80% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Мирче Чекреџи | **1** | 20% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Ванчо Муратовски/ Живко Митревски[9] | **3** | 60% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Дојчин Цветановски | **3** | 60% | **1** | 33% | **0** | 0% |
| Слободан Антевски | **3** | 60% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Александар Кржаловски | **4** | 80% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Скендер Бузаку | **2** | 40% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Томе Колев | **0** | 0% | **0** | 0% | **2** | 100% |
| Вилма Венковска-Милчев | **1** | 20% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Жаклина Мучева / Мимоза Шумковска Велјановска[10] | **2** | 40% | **0** | 0% | **1** | 50% |

[9] од 16.04.2010, Живко Митревски претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија е номиниран за претставник на ССМ, во НСЕИ.
[10] од 26.04.2010, Мимоза Шумковска Велјановска е номинирана за претставник на Еврејската заедница во Република Македонија, во НСЕИ.

*Учество во дискусија на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер*

| Активности / член / претставник | Седници/5 | | Јавни расправи/3 | | Средби/2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Радмила Шекеринска | **3** | 60% | **3** | 100% | **2** | 100% |
| Силвана Бонева | **5** | 100% | **2** | 67% | **1** | 50% |
| Александар Николовски | **1** | 20% | **1** | 33% | **0** | 0% |
| Кенан Хасипи | **3** | 60% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Андреј Жерновски | **1** | 20% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Тито Петковски | **3** | 60% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Џеват Адеми | **1** | 20% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Флора Кадриу | **3** | 60% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Петар Поп Арсов | **3** | 60% | **0** | 0% | **2** | 100% |
| Теута Арифи | **0** | 0% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Александар Спасеновски | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Васко Наумовски | **3** | 60% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Димитар Мирчев | **3** | 60% | **1** | 33% | **1** | 50% |
| Сашко Стефков | **1** | 20% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Владо Камбовски | **1** | 20% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Зоранчо Алексов | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Роберт Поповски | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Бранко Азески/ Љубица Нури | **3** | 60% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Мирче Чекреџи | **0** | 0% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Ванчо Муратовски/ Живко Митревски | **1** | 20% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Дојчин Цветановски | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Слободан Антевски | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Александар Кржаловски | **4** | 80% | **0** | 0% | **1** | 50% |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Скендер Бузаку | **1** | 20% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Томе Колев | **0** | 0% | **0** | 0% | **2** | 100% |
| Вилма Венковска Милчев | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |
| Жаклина Мучева / Мимоза Шумковска Велјановска | **0** | 0% | **0** | 0% | **0** | 0% |

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Тргнувајќи од тоа дека Националниот совет за евроинтеграции усвојува мислења и дава насоки кои ги обединуваат ставовите на законодавната и извршната власт и на граѓанската платформа по мошне значајните прашања за евроинтеграциите, со членот 8 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" број 140/2007) предвидено е неговите стручни, административни и други работи да ги вршат Службата на Собранието на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања. Според членот 16 од Деловникот на НСЕИ, донесен на 31 јануари 2008 година, стручните, административните, техничките и другите работи за потребите на Советот ги врши Секторот за поддршка на НСЕИ.

Согласно со Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија, како посебна организациона единица е формиран Сектор за поддршка на работата на Националниот совет за евроинтеграции. Со правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија од 14 мај 2010 година, се утврдени 14 работни места за вршење на работите од надлежност на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, нивниот вкупен број, звањата за работните места, распоредот и описот на работните места. Со овој Правилник се предвидени дополнителни две работни места во Секторот, помлад соработник за стручна поддршка на НСЕИ и помлад соработник за евроинтеграции.

Во овој момент, во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции се вработени девет лица. Одделението за поддршка на работата на НСЕИ е екипирано со пет извршители, Одделението за следење на евроинтеграциите вработени се тројца извршители. За целосно екипирање на Секторот е потребно да се вработат уште пет извршители: помошник на раководителот на Секторот, советник за евроинтеграции, виш соработник за стручни работи, помлад соработник за стручна поддршка на НСЕИ и помлад соработник за евроинтеграции.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции ги организира седниците, јавните расправи и средбите на Советот, го следи процесот на европска интеграција, подготвува материјали за седниците и јавните расправи и документи кои произлегуваат од истите, обезбедува материјали за потребите на членовите и претставниците на Советот.

Секторот за поддршка на НСЕИ на собраниската интернет страница редовно објавува соопштенија и известувања за сите реализирани активности на НСЕИ, со што пошироко ја информира јавноста за седниците, средбите, како и организираните јавни расправи на Советот. Секторот исто така, на Собранискиот сајт во делот на НСЕИ, редовно објавува поважни актуелни ЕУ новости поврзани со европските политики и европското законодавство. Секторот изготвува двомесечен билтен на поважни настани на ЕУ за политиките и европското законодавство, и истиот во електронска верзија се доставува до НСЕИ.

За организирање на седниците, јавните расправи и меѓународните средби на Советот е задолжено Одделението за поддршка на НСЕИ. Одделенеието ги следи активностите на актуелното претседателство со ЕУ, Европскиот парламент и Европскиот совет, ги ажурира седниците на НСЕИ во е-Парламентот, остварува редовна комуникација со членовите и претставниците на НСЕИ, со Секретаријатот за европски прашања и државните органи, доставува работни материјали до НСЕИ, обезбедува протоколарна поддршка на активностите на Советот. Во Одделението се изготвуваат покани за настани, дописи до амбасадори на земји членки, записници од одржани седници, одделни соопштенија за секоја активност на НСЕИ, и нивно објавување на собранискиот сајт. Во функција на јавните расправи, Одделението изготвува листи на учесници (експерти, професори, невладини оранизации/заинтересирани страни), според областа која ќе биде предмет на јавна расправа.

Одделението за следење на евроинтеграциите го следи процесот на европската интеграција, остварува контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европската интеграција со службеници од Секторот за меѓународна соработка (Мешовит парламентарен комитет РМ-ЕУ и Секторот за работни тела (Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика), остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ, ја организира и помага соработката на Советот со претставници на цивилниот сектор. Одделението го следи процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ преку матрица за степенот на усвојување на законодавството според НПАА (закони и подзаконски акти), изготвува извештаи од одржани седници и јавни расправи на НСЕИ, врши процена на ефектите од седниците и јавните расправи, ги следи активностите на Европската комисија (политики на ЕУ и европско законодавство), изготвува анализи за европски политики во функција на јавните расправи на НСЕИ.

Имајќи ги предвид надлежностите и целите на Националниот совет за евроинтеграции, како и задачите и обврските на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, приоритетно е на службениците од Секторот да им се овозможат сеопфатни и континуирани обуки за ЕУ во насока на нивно стручно и професионално усовршување што секако ќе се одрази на подобрување на квалитетот во исполувањето на нивните редовни работни задачи и обврски.

За потребите на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции во овој момент се обезбедени соодветни технички и просторни услови за оптимална работа.

***Извештај за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот 01 јули 2010 - 31 декември 2010 година***

Основањето на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) во рамките на Собранието на Република Македонија имаше за цел да ги засили активностите и одговорностите на сите надлежни државни органи и институции во обезбедувањето на заедничка согласност и координирано дејствување во пристапниот процес на Македонија во ЕУ. Советот претставува платформа која овозможува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата. Во неговата работа учествуваат претставници на законодавната и извршната власт (на централно и на локално ниво), како и претставници на граѓанското општество, сфатено во поширока смисла на зборот – Македонската академија на науките и уметностите, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа.

Во својата работа Националниот совет ги прифати и промовира клучните европски постулати "обединети во разликите" отвореност и инклузивност. Имено, составот на Советот ги рефлектира различните политички, етнички, верски и интересни групи во македонското општество кои се обединети во заедничката цел - членство во Европската унија. Советот, без исклучок, работеше на отворени седници кои беа директно пренесувани и покриени од сите заинтересирани медиуми во Република Македонија. Дополнително, во своите активности, Советот направи напор за поголемо вклучување на сите заинтересирани страни во дебати во најважните секторски прашања и политики, преку организирање на отворени јавни расправи, на форуми многу поширoки од составот на самиот Совет.

Согласно со Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 19 ноември 2007 година ("Службен весник на Република Македонија" број 140/2007), Советот го известува Собранието на Република Македонија за својата работа најмалку два пати годишно.

Третиот Извештај на Националниот совет за евроинтеграции се однесува на работата на Советот за периодот од 01 јули до 31 декември 2010 година.

Во Извештајот се презентирани:

- правната рамка за основање, состав и работа на Советот,
- одржани седници на Националниот совет за евроинтеграции,
- јавни расправи во организација на Националниот совет за евроинтеграции,
- остварена меѓународна соработка на Советот,
- оцените од работата на Националниот совет и заложби за активностите што претстојат,
- присуство на членовите и претставниците на седниците на Националниот совет, организираните јавни расправи и одржани средби од меѓународен карактер и нивно учество во дискусиите и

- Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.

## ПРАВНА РАМКА ЗА ОСНОВАЊЕ, СОСТАВ И РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Актуелниот состав на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 25 август 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.106/2008), со Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 24 ноември 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.147/2008), Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 15 јуни 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2009) и Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции донесена на 25 август 2009 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.106/2009).

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 17 члена и тоа: по четири члена од парламентарната позиција и опозиција, а членови по функција се претседателот на Комисијата за европски прашања, претседателот на Комисијата за надворешна политика и копретседателот на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија и Европската унија.

Членови на Националниот совет се и заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и по еден претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, од Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на единиците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите. Овие членови учествуваат во работата на Советот без право на одлучување.

Согласно со членот 5 од Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, во работата на Советот учествуваат 11 номинирани претставници од стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа.

Начинот на работа, правата и обврските на претседателот, потпретседателот и членовите на Советот, јавноста во работата и вршењето на стручните, административните и другите работи за потребите на Советот се уредени со Деловникот на Националниот совет за евроинтеграции, донесен на седницата одржана на 31 јануари 2008 година.

Согласно со членот 4 став 2 од Деловникот, Советот одлучува со консензус на присутните членови што имаат право на одлучување.

Во Извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции одржа три седници, пет јавни расправи и една средба од меѓународен карактер со официјален претставник на земја членка на Унијата.

## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

На **Шеснаесеттата седница,** одржана на 30 август 2010 година, Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2010 за периодот од 01.04.2010 -30.06.2010 година.** Целта на Информацијата подготвена од Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија беше редовно да се информира Собранието на Република Македонија и соодветните собраниски тела, за степенот на спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Информацијата беше доставена од СЕП и разгледана согласно заклучоците усвоени на Дванаесеттата седница на Советот одржана на 29 јануари 2010 година[11]. На седницата Советот заклучи Владата на Република Македонија до Советот да достави информација за степенот на реализација на реформите во јавната и државната администрација, а Секретаријатот за европски прашања да достави информација за процесот на превод на европските акти.

На **Седумнаесеттата седница** одржана на 22 октомври 2010 година, Националниот совет за евроинтеграции ја разгледа **Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија - ревизија 2010 година за периодот од 01.07.2010 до 30.9.2010 година**. Исто така целта и на оваа информација подготвена од Секретаријатот за европски прашања е редовно да се информира Собранието на Република Македонија и Националниот совет за евроинтеграции, за степенот на спроведување на НПАА согласно со заклучоците усвоени на Националниот совет и Комисијата за европски прашања. Од предвидените 106 закони според НПАА ревизија 2010, до период опфатен во Информацијата на СЕП, од страна на Владата биле усвоени 87 предлог закони, во Собранието биле донесени 58 закони, додека 29 предлог закони во периодот биле во Собраниска процедура. Во периодот од почетокот на годината до 30.09.2010 биле транспонирани 428 ЕУ мерки од кои 51% директиви, 29% регулативи и 20% одлуки. На истата седница Советот со консензус ги усвои заклучоците од организираните пет јавни расправи по: Предлог законот за заштита на конкуренцијата и Предлог законот за државната помош, работната верзија на Законот за енергетика, Предлог законот за ревизија, Предлог законот за безбедност на храна и заклучоците од тематската јавна расправа "Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија".

[11] "Во насока на поголемо вклучување и информирање за процесот на реализација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010, Националниот совет за евроинтеграции ја повторува определбата од Петтата седница одржана на 6 мај 2009 година, Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија на секои три месеци до Националниот совет за евроинтеграции да доставува Извештај за реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија-ревизија 2010".

На **Осумнаесеттата седница** одржана на 26 ноември 2010 година, Националниот совет за евроинтеграции го разгледа **Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година.** По повод расправата по Извештајот, Советот ги донесе следнвте заклучоци:

1. "Националниот совет за евроинтеграции ја поздравува повторената препорака на Европската комисија за почеток на преговори за членство на Република Македонија во Европската унија и истакнува дека препораките од Стратегијата за проширување и главните предизвици 2010-2011 даваат силен поттик на процесот на интеграција во Европската унија, за продолжување на политичките и економските реформи на Република Македонија, како и на земјите од регионот;

2. Советот смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2010 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија, за преземените одлуки, мерките кои се имплементирани и усвоените законски акти;

3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено за зајакнување на административниот капацитет за континуирано спроведување на реформите со цел за преземање на обврските од претпристапните преговори. Во оваа насока, Советот предлага Владата на Република Македонија итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2010 година, со носители и рокови на реализација (до крајот на декември 2010 година);

4. Имајќи ја предвид стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка и соработка во процесот на интеграција, засилено мобилизирање и вклучување на целокупното општество, преку сите надлежни институции и субјекти во насока на преземање на одговорностите од претпристапните преговори;

5. Во периодот до одржување на седницата на Советот на ЕУ во декември 2010 година, Советот укажува на потребата од активно вклучување на целокупниот потенцијал на државата во добивање на датум за почеток на преговори, ефикасни подготовки за реализацијата на сите активности кои ќе следат по добивањето на датумот. Воедно, Советот ги повикува земјите членки на ЕУ да одобрат преминување кон втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна;

6. Се истакнува дека одржувањето на добрососедски односи, вклучувајќи и меѓусебно прифатливо решение за прашањето за името под покровителство на ОН, е клучно во следната фаза од евроинтегративниот процес. Во оваа насока, Националниот совет за евроинтеграции како тело коешто го претставува општиот консензус за членството во Европската унија, останува на располагање за консултации околу можното решение;

7. Советот ја нагласува потребата од одржување и интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што нѐ поддржуваат

на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

8. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија;

9. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија;

10. Со заклучоците на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија и

11. Заклучоците на Советот да се објават на интернет страницата на Собранието на Република Македонија за да бидат достапни до пошироката јавност".

На истата седницата Советот го разгледа и усвои **Извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот од 25 декември 2009-30 јуни 2010 година** и врз основа на расправата ги донесе следниве заклучоци:

1. "Во периодот што претстои Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжи подинамично да дејсвува како активен фактор во процесот за заокружување на подготовките за членство на Република Македонија во ЕУ. Своите заложби особено ќе ги насочи кон унапредување на формите на координирана соработка со надлежните државни органи и со граѓанскиот сектор, проширување на дијалогот, организирање на јавни расправи по респективни теми, интензивирање на меѓународната соработка во земјата и во странство по прашања за евроинтеграциите и обезбедување на висок степен на транспарентност во својата работа;

2. Советот ќе продолжи да настојува да обезбеди поактивна улога на Собранието на Република Македонија во евроинтегративните процеси и ќе продолжи и во иднина ангажирано и континуирано да ја остварува улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија и

3. Советот препорачува Собранието на Република Македонија да донесе измени и дополнувања на Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија" бр.140/2007) и на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции („Службен весник на Република Македонија" бр.106/2008, 147/2008, 76/2009 и 106/2009), со можност да се предвидат заменици на членовите на Советот, заради продолжување за остварување на делегираните надлежности во полн капацитет".

## ЈАВНИ РАСПРАВИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка и донесување на законите предвидени во Националната програма за усвојување на правото на

Европската унија за 2010 година, Советот согласно со донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година, презеде обврска да организира јавни расправи за законите за кои смета дека е потребна широка дебата, со цел да се даде можност за искажување на ставовите и мислењата на сите заинтересирани субјекти (Анекс 2 од Мислењето за усвојување на правото на ЕУ за 2010 година).

Во организирањето на овие јавни расправи, Националниот совет се водеше од принципот на поголема вклученост и отвореност. Беа направени напори да се поканат сите заинтересирани страни, здруженија на граѓани, како и експерти од академските и стручните институции.

Иницијативата за организирање на јавните расправи од страна на НСЕИ беше поздравена од учесниците на јавните расправи кои придонесоа за зголемување на дебатата за одредената област.

Во периодот опфатен со овој извештај, Советот организираше пет јавни расправи.

На 3 септември 2010 година Националниот совет за евроинтеграции организираше Јавна расправа по **Предлог-законот за заштита на конкуренцијата** и **Предлог-законот за државната помош.** Основна цел на Предлог законот за заштита на конкуренцијата беше да се продолжи со хармонизирање на законодавството за заштита на конкуренцијата со соодветното законодавство на ЕУ[12], да се обезбеди слобода на пазарот и претприемништвото, законитост и ефикасност во постапувањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и ефикасен надзор над функционирањето на пазарите со цел за спречување на нарушување на конкуренцијата и создавање услови за непречено функционирање на ефективна пазарна конкуренција.

Основна цел за донесување на Предлог законот за државна помош, беше зголемување на ефикасноста во постапувањето на Комисијата при надзорот и контролата на државната помош, усогласување на одредбите од законот со одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за заштита на конкуренцијата. Исто така, и со цел да се овозможи поедноставна управна постапка пред КЗК во предметите кои се однесуваат на државна помош, како и појасна и транспарентна постапка за сите заинтересирани страни. Со Предлог законот за државна помош се изврши усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ од соодветната област[13]. Двата закона беа донесени во Собранието на Република Македонија на 123-та седница одржана на 28 октомври 2010 година.

Националниот совет за евроинтеграции на 22 септември 2010 година организираше Јавна расправа по **работната верзија на Законот за енергетика**. Целта на новиот закон беше да се воспостави синхронизирана и усогласена правна рамка на националното законодавство со националните законодавства на земјите членки на ЕУ во поглед на функционирањето и овозможувањето на конкурентност на енергетските пазари и либерализација во снабдувањето со електрична енергија и природен гас. Со законот се врши усогласување на националното

[12] членови 101, 102 и 106 од Договорот за функционирање на ЕУ (Службен весник на ЕУ бр.Ц 115/49 од 09.05.2008), Регулатива 1/2003 (Службен весник на ЕУ бр.Л 1/1 од 04.01.2003), Регулатива 773/2004 (Службен весник на ЕУ бр. Л 123/18 од 27.04.2004) и Регулатива бр.139/2004 (Службен весник на ЕУ бр. Л 24/1 од 29.01.2004).

[13] членови 107 и 108 од Договорот за функционирање на ЕУ (Службен весник на ЕУ бр. Ц 115/49 од 09.05.2008) и Регулатива бр. 659/1999 (Службен весник на ЕУ бр. Л 83/1 од 27.03.1999).

законодавство со соодветното законодавство на ЕУ[14]. Предлог законот за енергетика е во собраниска процедура.

На 29 септември 2010 година Националниот совет за евроинтеграции организираше јавна расправа на тема **„Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија".** Беа разгледани три предлози на закони од областа на заштитата на животната средина: Предлог закон за ратификација на Протоколот за тешки метали од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот[15]; Предлог закон за ратификација на Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс)[16] од 1998 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот и Предлог на закон за ратификација на Протоколот за борба против киселењето, еурофикацијата и пониското слој озон од 1999 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот. Трите закони за ратификација на протоколите Собранието ги донесе на 121-та седница, одржана на 5 октомври 2010 година.

На 1 октомври 2010 година Националниот совет за евроинтеграции организираше Јавна расправа по **Предлог-законот за ревизија**. Целта на Предлог законот беше да се постигне потполна усогласеност со Директивата 2006/43/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот на ЕУ, за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки. Исто така, и со цел да се обезбеди ефикасен систем за контрола на квалитетот на ревизијата и соодветен надзорен орган чие крајно овластување ќе биде надзор и унапредување на ревизорската професија. Собранието законот го донесе на 124-та седница, одржана на 6 декември 2010 година.

На 15 октомври 2010 Националниот совет за евроинтеграции организираше Јавна расправа по **Предлог-законот за безбедност на храната**. Целта на предложениот законот беше да се обезбеди високо ниво на заштита на здравјето кај луѓето, заштита на интересите на потрошувачите во однос на храната, регулирање на внатрешниот промет со храна, воведување општи начела и одговорности на операторите со храна вклучени во сите фази на производство,

[14] Директива 2003/54/ЕС за заедничките правила за внатрешниот пазар на електрична енергија, Директива 2003/55/ЕС за заедничките правила за внатрешниот пазар на природен гас, Директива 2005/89/ЕС за мерките за обезбедување на сигурност во снабдувањето со електрична енергија и инфраструктурни инвестиции, Директива 2004/67/ЕС за мерките за обезбедување сигурност во снабдувањето со природен гас, Регулатива (ЕС) 1228/2003 за условите за пристап на мрежи за прекугранична размена на електрична енергија, Регулатива (ЕС) 1775/2005 за условите за пристап на мрежи за пренос на природен гас, Директивата 2006/32/ЕС за енергетска ефикасност на крајна потрошувачка и за енергетски услуги, Директивата 31/2010/ЕС за енергетски карактеристики на градежни објекти, Директивата 30/2010/ЕЕС за означување по пат на етикетирање и стандардни информации на производите за потрошувачката на енергија и други ресурси на апаратите за домаќинствата, Директивата 2004/8/ЕС за унапредување на комбинираното производство врз основа на побарувачката за корисна топлина на внатрешниот пазар на енергија и за измена и дополнување на Директивата 94/42/ЕЕС, Директива 2009/28/ЕС за промоција на употребата на енергија од обновливи извори и дополнување и последователно отповикување на Директивата 2001/77/ЕС и Директивата 2003/30/ЕС, Директива 2009/125/ЕС за воспотавување на рамка за утврдување на екодизајнирањето на енергетските производи, Директива 2003/30/ЕС за промоција на користење на биогорива и други горива за транспорт, Директива 2000/55/ЕС за барања за енергетска ефикасност на придушници за флуоресцентно осветлување.

[15] Република Македонија по пат на сукцесија од Поранешна Југославија, ја презеде Конвенцијата за далекосежно прекугранично загадување на воздухот донесена во Женева во ноември 1979, стапила во сила во 1983. Конвенцијата е ратификувана со закон за ратификација (Службен лист на СФРЈ бр.11/1988). Конвенцијата е мултилатерален договор на Обединетите нации и Европската економска комисија-УНЕЦЕ . Од моментот на влегување во сила на Конвенцијата, истата е дополнета со осум протоколи.

[16]"Перзистентни органски загадувачки супстанции" (POPs) се органските супстанции што: (i) поседуваат токсични карактеристики; (ii) се перзистентни; (iii) биоакумулативни; (iv) се пренесуваат во атмосферата на големи растојанија и се таложат и (v) имаат особини да предизвикаат значајни негативни ефекти врз човековото здравје или врз животната средина, во близина на нивните извори и подалеку од нив.

да се обезбеди пристап кон безбедност на храната и храната за животните поставен врз цврста научна основа и да се уреди работата и надлежностите на органот за спроведување на законот. Со цел да се воспостави единствен систем на контрола на храната и храна за животни, согласно со постоечките практики во земјите членки на ЕУ и согласно со европското право, со законот се предлагаше формирање на Агенција за храна и ветеринарство во која ќе се инкорпорираат Управата за ветеринарство и Дирекцијата за храна. Со предлог законот се уредува т.н. „хигиенски пакет" на регулативи на ЕУ од областа на безбедноста на храна и храната за животни[17].

Собранието законот го донесе на 127-та седница одржана на 30 ноември 2010 година.

*Усвојување на заклучоците од јавните расправи на НСЕИ*

На Седумнаесеттата седница одржана на 26 април 2010 година, Советот со консензус ги усвои заклучоците од петте јавни расправи[18]. Заклучоците на Советот заедно со стенографските белешки од јавната расправа беа доставени до претседателот на Собранието, Владата на Република Македонија, надлежните министерства и надлежните собраниски комисии. Националниот совет достави извештаи за организираните јавни расправи до надлежните Собраниски тела и претседателот на Собранието. Во извештаите од јавните расправи презентирани се сите одделни мислења, предлози, коментари, препораки и забелешки изнесени на јавните расправи, во насока на подобрување на квалитетот на одредбите од предлог законите.

## ОСТВАРЕНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

Во периодот опфатен со овој извештај, Националниот совет за евроинтеграции одржа една средба од меѓународен карактер, со г. Пјер Лелуш, министер за европски прашања на Француската Република. Средбата се одржа на 23 јули 2010 година.

## ОЦЕНИ ОД РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ И ЗАЛОЖБИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ ШТО ПРЕТСТОЈАТ

Во извештајниот период Националниот совет за евроинтеграции во најголем дел расправаше по документи на Владата на Република Македонија (Секретаријатот за европски прашања) и на Европската комисија, со цел конструктивно да придонесе во остварувањето на стратешкиот интерес на Република Македонија за интегрирање во ЕУ, за која е постигнат широк политички и граѓански консензус.

---

[17] ЕУ регулативи 178/2002, 852/2004, 853/2004, 854/2004 и 882/2004 како основни текстови, како и други подзаконски акти на ЕУ кои ја доуредуваат областа на безбедноста на храната.

[18] Јавната расправа по Предлог законот за заштита на конкуренцијата и Предлог законот за државна помош,Јавната расправа по Предлог-законот за енергетика, Јавната расправа на тема "Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија", Јавната расправа по Предлог законот за ревизија и Јавната расправа по Предлог законот за безбедност на храна.

Работата на Советот се движеше во насока да се нагласи широкиот јавен интерес, да се афирмира вкупната согласност за интегративниот процес, да се зајакне заедничката одговорност и да се развиваат оптимални политички услови за заокружување на подготовките за членство во ЕУ, пред сé, заради членство на Република Македонија во ЕУ и исполнување на потребните критериуми и добивање датум за отпочнување преговори со Унијата.

Може да се оцени дека во овој период Советот, во рамките на својата поставеност и со расположливите потенцијали, работеше ефикасно постигнувајќи консензуална согласност по сите прашања за кои одлучуваше.

За одредени прашања Советот не беше во можност да дебатира, поради недоставување на документи[19] од страна на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања.

Советот, како досега така и во иднина ќе продолжи да настојува да обезбеди поактивна улога на Собранието на Република Македонија во евроинтегративните процеси, ќе продолжи ангажирано и континуирано да ја остварува улогата на форум којшто придонесува за унапредување и одржување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

***Процена на ефектите од заклучоците усвоени на седниците на Националниот совет за евроинтеграции одржани во периодот јули 2010 - декември 2010 година***

Во извештајниот период НСЕИ одржа три седници, на две седници Советот усвои заклучоци. Во овој дел е дадена процена на ефектите од заклучоците од Шеснаесеттата и Осумнаесеттата седница на НСЕИ.

Советот очекува Владата на Република Македонија да ја достави информацијата за степенот на реализација на реформите во јавната и државната администрација како и Предлог-стратегијата за реформа на јавната администрација, а Секретаријатот за европски прашања да достави информација за процесот на превод на европските акти и да се изврши презентација за процесот на програмирање на Инструментот за претпристапна помош.

Советот го разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година и со консензус усвои заклучоци со кои беа запознати Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Овие заклучоци претставуваа основа и се содржани во заклучоците кои Собранието ги усвои на 124-та седница, одржана на 29 ноември 2010 година на која се дебатираше по Извештајот на Европската комисија за

[19] Информација за степенот на реализација на реформите во јавната и државната администрација, Предлог-статегија за реформа на јавната администрација, Информација за процесот на превод на европските акти, презентација за процесот на програмирање на Инструментот за претпристапна помош.

напредокот на Република Македонија за 2010 година. Советот предложи Владата итно да изготви план за реализација на препораките содржани во Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2010 година, со носители и рокови на реализација (до крајот на декември 2010 година).

Во однос на заклучоците усвоени по повод Извештајот за работата на Националниот совет за евроинтеграции за периодот од 25 декември 2009-30 јуни 2010 година, се очекува во Собранието на Република Македонија да се поднесе предлог одлука за измени и дополнувања на Одлуката за основање Национален совет за евроинтеграции и предлог одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, со цел да се предвидат заменици на членовите на Советот, заради продолжување на остварување на делегираните надлежности во полн капацитет.

Согласно со усвоеното Мислење[20] на НСЕИ за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2010 година, Собранието на Република Македонија и неговите работни тела и во втората половина од 2010 година дадоа приоритет во разгледување и донесување на законите предвидени во НПАА за 2010 година. Зголемениот мониторинг на имплементацијата на НПАА во делот на закони вроди со плод, се зголеми процентот на усвоени ЕУ закони. Како во првата така и во втората половина од 2010 година, забележан е напредок во однос на динамиката на усвојување на законите со кои се усогласува националното законодавство со правото на ЕУ, во однос на 2009 година. Во периодот јануари -декември 2010 година, Владата на Република Македонија до Собранието достави вкупно 100 предлог закони со кои се усогласува националното законодавство со правото на ЕУ, кои се дел од Националната програма за усвојување на правото на ЕУ. Од нив, 86 беа првично предвидени според НПАА ревизија 2010, а дополнително беа доставени 14 предлог закони кои иако не беа предвидени според ревизијата на НПАА, истите претставуваат закони за усогласување со правото на ЕУ. До крајот на декември 2010 Собранието на Република Македонија донесе 94 закони, а 6 закони се наоѓаат во Собраниска процедура. Од предвидените 373 подзаконски акти според НПАА, во текот на 2010 година биле усвоени 209.

***Процена на ефектите од јавните расправи на Националниот совет за евроинтеграции организирани, одржани во периодот јули 2010-декември 2010 година***

Согласно со донесеното Мислење за усвојување на правото на Европската унија во 2010 година и Анексот 2, Националниот совет за евроинтеграции и во текот на втората половина од 2010 година продолжи да организира јавни расправи за закони значајни за евроинтегративниот процес и за кои е потребна поширока дебата. Беа организирани пет јавни расправи по шест закони[21]. Во Извештајниот период Владата до Советот достави работни верзии на: Законот за

[20] Мислењето е усвоено на 11 седница на НСЕИ одржана на 26 декември 2009 година.
[21] Закон за заштита на конкуренцијата, Закон за државна помош, Закон за енергетика, три законите за ратификација на протоколи кои се однесуваат на заштита на животната средина, Закон за ревизија и Закон за безбедност на храната

енергетика и трите закони за ратификација на протоколи од областа на заштита на животната средина. За четири закони[22] од Анексот 2, Советот организираше јавни расправи откако истите беа доставени во Собранието од страна на Владата, во форма на предлог закон.

На сите јавни расправи организирани од Националниот совет имаше голема заинтересираност и учество на бројни експерти, професори, организации, здруженија на граѓани и останати заинтересирани страни кои со своите дебати придонесоа кон подобрување на законските одредби, подобро усогласување на законите со европското законодавство и нивна подобра имплементација.

Во овој Извештај дополнително е направена проценка на ефектите од јавните расправи на НСЕИ по работните верзии на Законот за кривичната постапка[23] и Законот за авторското право и сродните права[24] и кои беа организирани на 22 јули и 22 декември 2009 година. Во овој Извештај не е дадена проценка на ефектите од јавната расправа по работната верзија на законот за енергетика од причина што предлог законот се уште се наоѓа во собраниска процедура. Во следниот извештај на НСЕИ ќе бидат земени предвид ефектите од јавната расправа по Законот за енергетика.

*Ефекти од Јавната расправа по Предлог законот за заштита на конкуренцијата и Предлог законот за државна помош*

Во текстот на законот не беа вградени забелешките, мислењата и предлозите од јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции. На матичната Собраниска комисија при второто читање на предлог законот беа усвоени два амандмани за измена на *членот 65 став 5 и членот 69 став 1*, но истите не се однесуваа на забелешките од јавната расправа.

Во однос на Законот за државната помош (Закон за контрола на државната помош)[25] прифатени се дел од забелешките и предлозите изнесени на јавната расправа. Советот повика на целосна имплементација на законската регулатива од областа на конкуренцијата, особено на воспоставување на ефикасна претходна контрола на државната помош. Со амандманите на законот и согласно со заклучоците од Националниот совет, подетално се уредува областа и надзорот на државната помош. Беше извршено допрецизирање и дефинирање на поимите во текстот на законот, со цел усогласување со сродни закони.

Прифатена е забелешката за измена на *членот 4, заради усогласување на* терминот "претпријатие" со одредбите од Законот за трговските друштва. Прифатена е забелешката која се однесуваше на враќањето на незаконската државна помош со измена на *членот 22 став 1* со

[22] Законот за заштита на конкуренцијата, Закон за државна помош, Закон за ревизија и Закон за безбедност на храната

[23] Ефектите од јавната расправа не беа вклучени во претходните два Извештаи за работата на НСЕИ за периодот септември 2008-јуни 2010, од причина што предлог законот Владата го достави во Собранието во јули 2010 година и истиот е донесен на 123 седница одржана на 17 ноември 2010 година.

[24] Ефектите од јавната расправа не беа вклучени во претходните два Извештаи за работата на НСЕИ за периодот септември 2008-јуни 2010, од причина што предлог законот Владата го достави во Собранието во јуни 2010 година и истиот е донесен на 113 седница одржана на 23 август 2010 година.

[25] Комисијата за економски прашања го усвои амандманот поднесен од страна на Законодавно-правната комисија за измена на насловот на Предлог законот за државна помош, со цел преку насловот на законот да се појасни дека законот опфаќа и правила за контрола и надзор над доделувањето на државната помош.

што Комисијата за заштита на конкуренцијата не може да бара враќање на незаконската државна помош чие доделување не е дозволено по истекот на десет години од денот на доделувањето на незаконската државна помош, независно дали истата е доделена како индивидуална помош или во рамките на шема на помош.

*Ефекти од јавната расправа на тема "Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија"*

Заклучоците од јавната расправа беа доставени до Владата на Република Македонија, надлежното министерство и надлежните собраниски тела. Советот очекува препораките од заклучоците да бидат земени в предвид од надлежните институции.

Националниот совет препорача дека е потребно да се превземат дополнителни мерки и активности за подобрување на спроведувањето на законодавството од областа на животната средина, особено во делот на квалитетот на водите и механизмите за интегрирано спречување и контрола на загадувањето; потребно е зајакнување на административниот капацитет на национално и локално ниво; подобрување на координацијата помеѓу органите на државната управа и надлежните за прашања од областа на животната средина; развивање на проценките за влијание врз животната средина; зголемување на инвестициите во инфраструктурата на животната средина и др. Исто така, Советот укажа на потребата за примена на правата кои произлегуваат од Архуската конвенција за пристап до информации[26], учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина, заради ефикасно остварување на правата на јавноста за учество во креирањето и имплементацијата на политиката за животна средина.

*Ефекти од јавната расправа по Предлог законот за ревизија*

Од јавната расправа на НСЕИ може да се констатира дека се оствари најголем ефект и влијание на Предлог законот за ревизија, имено со прифаќањето на голем дел од забелешките и предлозите изнесени на јавната расправа се придонесе за подобрување на одредбите од законот, подобро усогласување со соодветното европско законодавство и со цел за подобра имплементација.

Во *членот , точки 1, 2 и 3* зборовите: „усвоените Меѓународни сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување" се заменија со зборовите: „прифатената рамка за финансиско известување", од причина што во Република Македонија постојат друштва/организации кои имаат различна рамка за финансиско известување од МЦП и МСФИ и истите подлежат на ревизија.

[26] Законот за ратификација на Протоколот за регистри на загадувачи и пренос на загадувачки материи кон Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (Архус), беше донесен на 121 седница на Собранието на РМ, одржана на 05 октомври 2010 година.

Во *членот 4 точка 15* и во *членот 17 став 1* прифатена е забелешката, после зборовите „Институт на овластени ревизори" да се додадат зборовите „на Република Македонија".

Беше прифатена забелешката дека терминот "групен ревизор" треба да се дефинира како правно, а не како физичко лице, односно во *членот 4 точка 20* по зборовите "овластен ревизор" се дополнија зборовите "трговец поединец".

Во целост беше прифатен предлогот во *членот 8 став 2 алинеја 6*, да се бришат зборовите „врз основа на препораките добиени од Институтот на овластени ревизори", поради тоа што барањето со документацијата за издавање на лиценца за вршење на ревизија се доставува директно до Советот, а Институтот дава препорака. Кандидатот кај Институтот се стекнува со уверение за ревизор врз основа на положен испит согласно со *членот 27* од законот.

Во *членот 8 став 2 алинеја 9* зборот "уверение" се замени со зборот „лиценца". Советот издава лиценца за работа, а Институтот уверение за положен испит за ревизор.

Забелешката на *членот 10 став 1 алинеја 2* зборовите „правото или економијата" да се заменат со зборовите „економијата и правото" беше прифатена со цел да се даде приоритет на областа.

Прифатен е предлогот за бришење на *став 5 од член 10,* со цел да не се ограничува членувањето во Советот, на партнерите и управителите на друштвата за ревизија и во други правни лица.

Прифатена е забелешката за бришење на зборовите „Основање на" во насловот пред *членот 17,* бидејќи Институтот на овластени ревизори на Република Македонија е основан во 2006 година.

*Членот 19* од Предлог законот за ревизија, се усогласи со членот 13 во однос на надлежностите на Советот и Институтот, во делот на одобрување на годишната програма и годишниот извештај.

*Во членот 19 став 1* беше прифатен предлогот за додавање на нова алинеја со следниот текст „донесува годишна програма и годишен извештај за својата работа по добиена претходна согласност од Советот. Одобрениот годишен извештај се објавува на веб страницата на Институтот". Предлогот беше заради определување на надлежностите и обврските согласно со *членот 13, став 1, алинеја 7* од предлог законот.

Прифатена е забелешката на *член 19, став 1, алинеја 2* за бришење на зборот „овластен", односно останува само терминот „ревизор" бидејќи испитот е за стекнување на звањето ревизор.

Прифатен е предлогот, во *членот 19 став 1 во алинеја 3,* да се бришат зборовите „по барање на лицето кое ги исполнува условите од член 27 од овој закон". Уверението за ревизор се издава на секој што ќе го положи испитот и тоа во рок од 30 дена, како што беше предвидено во членот 27 став 5 од предлог законот.

*Членот 19, во алинејата 11* дополнет е со текстот „спроведува проверка за контрола на квалитетот на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор-трговец поединец за извршени законски ревизии најмалку еднаш на шест години, а проверката за овластените ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор -трговец поединец, кои вршат ревизии на правни лица од јавен интерес најмалку еднаш на три години". Ова беше предложено заради усогласување со Директивата 2006/43/ЕЗ во точка 17.

*Во членот 20 став 1,* зборовите „Овластените ревизори и друштвата за ревизија" беа заменети со зборовите „Овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поедници", поради опфатеност на контрола на квалитетот на сите субјекти кои вршат ревизија согласно законот.

Прифатен е предлогот за попрецизно дефинирање на критериумите за контрола *од членот 20.* Имено,"Системот за контрола на квалитет треба да ги исполнува следниве критериуми: да е независен од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци кои се предмет на контрола на квалитет; да подлежи на надзор од страна на Советот; да има обезбедено начин на финансирање и да е ослободен од какво било неповолно влијание од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци; да е овластен ревизор кој е независен од ревизорите кои се предмет на контрола".

Во *членот 20 став 4* зборовите "Меѓународни сметководствени стандарди" беа заменети со зборовите "Меѓународни стандарди за ревизија".

Во *членот 23 став 3* зборовите "претставува како ревизор" беа заменети со зборовите "претставува како *овластен* ревизор", заради допрецизирање на условите и терминот.

Беше прифатена забелешката на *членот 28*, се предвиде дека „Овластениот ревизор е должен да посетува обука од најмалку 120 часа за период од три години, односно да посетува обука од најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување заради надградување на знаењето во областа на сметководството и ревизијата".

Дадениот предлог „Обуката може да биде организирана од Институтот" делумно беше прифатен, *членот 28* се дополни со точка 2 според која "Обуката може да биде организирана од Институтот или од друга акредитирана релевантна институција во странство".

Целосно беше прифатен предлогот за додавање на точките 3 и 4 *во член 28*: „(3) На овластениот ревизор кој нема да ги посетува обуките или нема да обезбеди доказ за завршени обуки од став 1 на овој член, Советот му ја одзема лиценцата за овластен ревизор, по предлог на Институтот.(4) Против решението од став 3 може да се поведе судска постапка."

Во *членот 30 став 1* по зборовите "Институтот води регистар на" беа додадени зборовите "ревизори, регистар на".

Беше прифатен предлогот за измена на *член 32 став 3*, односно „(3) Извештајот на независниот ревизор го потпишува овластениот ревизор - трговец поединец кој ја извршил ревизијата. Во случај кога ревизијата е извршена од страна на друштво за ревизија, во име на друштвото за ревизија извештајот на независниот ревизор го потпишуваат еден овластен ревизор вработен во друштвото за ревизија и застапникот на друштвото за ревизија."

Во *членот 33 став 6* зборовите „најмалку десет(10) години" беа заменети со „најмалку седум (7) години", согласно меѓународните стандарди за ревизија прифатени во државата.

Делумно беше прифатен предлогот за измена на *членот 35 став 2,* односно "Извештајот за транспарентност го потпишува застапникот на друштвото за ревизија".

Прифатен е предлогот за измена на алинеја 5 од членот 39 според кој: „Друштвата за ревизија кои вршат законска ревизија на правни лица од јавен интерес се должни да достават писмена изјава до Одборот за ревизија".

Во *членот 40 став 1* зборовите "најмалку седум последователни финансиски години" беа заменети со зборовите "најмногу седум последователни финансиски години", од причина што субјектот на ревизија може да го менува ревизорот секоја година.

*Ефекти од јавната расправа по Предлог законот за безбедност на храна*

Прифатена е забелешката за соодветно дефинирање на терминот "адултерација" во *членот 9 став 2 точка 2*, со цел да се препознае и разбере од граѓаните во праксата. Поимот беше допрецизиран со следниот текст:"Адултерација на храна" е додавање на одредени супстанции во храната со цел да се зголеми масата или да се намали трошокот на производство на храната, со намера да се измами потрошувачот". Исто така за одредени термини и поими во членот 4, односно "каренца" и "зооноза" дополнително беа дефинирани значењата.

Прифатена е забелешката на *членовите 8, 59 и 72***,** терминот „јавно здравство", е заменет со терминот „јавното здравје".

Прифатен е предлогот во *членот 73 став 1,* покрај Агенцијата за храна и ветеринарство да се додаде и Државниот санитарен и здравствен инспекторат. Ова од причина доколку има одредено алиментарно заболување, известувањето се врши преку инфективната клиника или одделение кое задолжително го известува Центарот за јавно здравје на Република Македонија.

*Членот 73 став 4* е дополнет, односно "Директорот на Агенцијата во согласност со Министерството за здравство, поблиску ги пропишува начинот и постапките на вршење на официјални контроли, на епидемиолошките испитувања на болести преносливи со храна и мерките кои се превземаат во случај на сомнение или позитивен наод".

Прифатен е предлогот за дополнување на *членот 119 став 4,* според кој "Организационата структура за комуникација и соработка со ЕФСА се состои од претставници од научни и научно образовни институции и јавно здравствени установи од релевантните области на безбедност на храна и храна за животни". Според организационата поставеност покрај другите институции и Институтот за јавно здравје претставува научно истражувачка установа.

*Ефекти од Јавната расправа по Предлог законот за авторското право и сродните права*

При проценката на ефектите, констатирано е дека постојат одредени измени во текстот на Предлог законот доставен до Собранието со работната верзија на законот разгледан на јавната расправа на НСЕИ. Измените се во следната насока:

- во однос на забелешката дека не е дефинирано радиодифузното емитување како што е во основниот Закон за радиодифузија, прифатен е предлогот во *членот 36* да се користи термин „реемитување" наместо „радиодифузно реемитување",

-прифатена е забелешката на *членот 52*, за измена на терминот „лица со инвалидитет" со терминот „лица со посебни потреби" и

-прифатен е предлогот за законското уредување на колективното управување, допрецизиран е и дополнет е *членот 129* со нови три става.

На матичната Собраниска комисија беше усвоен амандман за измена на една одредба од Предлог законот, но измената не се однесуваше на забелешките, мислењата и предлозите изнесени на јавната расправа на НСЕИ.

*Ефекти од јавната расправа по работната верзија на Законот за кривичната постапка*

Делумно беше прифатен предлогот за институцијата Народен правобранител, за негово зајакнување како контролен инструмент. Во *членовите 161* и *178* за категориите "постапка со задржаните лица" и "посета на притвореник", Народниот правобранител со закон има право без дозвола и одобрение да ги посетува и без надзор да разговара со задржани, односно притворени лица.

Предлогот за зајакнување на институцијата Народен правобранител како контролен инструмент беше прифатен. Со цел да се направат реформи во правниот систем компатибилни со меѓународните документи, дополнително е направена измена во *членот 161 став 5* и со додавање на нов став 3 во членот *178,* во редоследот на институциите на прво место е Народниот правобранител, односно "Народниот правобранител на Република Македонија, претставниците на Европскиот комитет за превенција од тортура или понижувачко однесување или казнување на Советот на Европа, претставниците од Поткомитетот за превенција од тортура и друг вид нечовечко постапување и казнување при Комитетот за спречување на тортурата при Организацијата на Обединетите нации имаат право без дозвола и одобрение да ги посетуваат и без надзор да разговараат со задржаните лица".

## ПРИСУСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ И ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ, ОРГАНИЗИРАНИТЕ ЈАВНИ РАСПРАВИ И ОДРЖАНИ СРЕДБИ ОД МЕЃУНАРОДЕН КАРАКТЕР И НИВНО УЧЕСТВО ВО ДИСКУСИИТЕ

Предмет на анализа на присуството на членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и нивното учество во дискусиите беа одржаните седници на НСЕИ, организираните јавни расправи и средби од меѓународен карактер, во периодот од  јули 2010 година до  декември 2010 година. В предвид беа земени податоците од посебните списоци за евиденција на присуство на членовите и претставниците на НСЕИ (за седници, јавни расправи и средби), записниците од седници и стенографските белешки.

Дадените податоци за присуството и учеството на средбите од меѓународен карактер се однесуваат на одржаната средба во јули 2010 година, на кои беа поканети сите членови и претставници на НСЕИ.

*Присуство на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер*

| Активности / член / претставник | Седници/3 | | Јавни расправи/5 | | Средби/1 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Присуство | Процент | Присуство | Процент | Присуство | Процент |
| Радмила Шекеринска | 3 | 100% | 5 | 100% | 1 | 100% |
| Силвана Бонева | 2 | 66% | 5 | 100% | 1 | 100% |
| Александар Николовски | 3 | 100% | 2 | 40% | 0 | 0% |
| Кенан Хасипи | 1 | 33% | 3 | 60% | 1 | 100% |
| Андреј Жерновски | 3 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Тито Петковски | 3 | 100% | 2 | 40% | 0 | 0% |
| Џеват Адеми | 1 | 33% | 1 | 20% | 0 | 0% |
| Флора Кадриу | 2 | 66% | 4 | 80% | 1 | 100% |
| Петар Поп Арсов | 3 | 100% | 5 | 100% | 1 | 100% |
| Теута Арифи | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Александар Спасеновски | 3 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Васко Наумовски | 3 | 100% | 1 | 20% | 0 | 0% |
| Димитар Мирчев | 3 | 100% | 2 | 40% | 1 | 100% |
| Сашко Стефков | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Владо Камбовски | 1 | 33% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Зоранчо Алексов | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Роберт Поповски | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Бранко Азески* | 2 | 66% | 0 | 0% | 1 | 100% |
| Мирче Чекреџи | 2 | 66% | 3 | 60% | 0 | 0% |
| Живко Митревски** | 2 | 66% | 2 | 40% | 0 | 0% |
| Дојчин Цветановски | 2 | 66% | 1 | 20% | 0 | 0% |
| Слободан Антевски | 1 | 33% | 1 | 20% | 1 | 100% |
| Александар Кржаловски | 3 | 100% | 1 | 20% | 1 | 100% |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Скендер Бузаку | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Томе Колев | 0 | 0% | 1 | 20% | 1 | 100% |
| Вилма Венковска-Милчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Мимоза Шумковска Велјановска | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |

* на 16 и 18 седница присуство на Љубица Нури, на средбата присуство на Билјана Пеева Ѓуриќ

** на 18 седница присуство на Ангелко Ангеловски

*Учество во дискусија на седниците на НСЕИ, јавните расправи и средбите од меѓународен карактер*

| Активности / член / претставник | Седници/3 | | Јавни расправи/5 | | Средби/1 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент | Учество во дискусија | Процент |
| Радмила Шекеринска | 3 | 100% | 5 | 100% | 1 | 100% |
| Силвана Бонева | 2 | 66% | 4 | 80% | 0 | 0% |
| Александар Николовски | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Кенан Хасипи | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Андреј Жерновски | 2 | 66% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Тито Петковски | 2 | 66% | 1 | 20% | 0 | 0% |
| Џеват Адеми | 1 | 33% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Флора Кадриу | 2 | 66% | 0 | 0% | 1 | 100% |
| Петар Поп Арсов | 3 | 100% | 0 | 0% | 1 | 100% |
| Теута Арифи | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Александар Спасеновски | 1 | 33% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Васко Наумовски | 3 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Димитар Мирчев | 3 | 100% | 1 | 20% | 0 | 0% |
| Сашко Стефков | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Владо Камбовски | 1 | 33% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Зоранчо Алексов | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Роберт Поповски | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Бранко Азески | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Мирче Чекреџи | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Живко Митревски | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Дојчин Цветановски | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Слободан Антевски | 1 | 33% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Александар Кржаловски | 3 | 100% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Негово Преосвештенство епископ Хераклејски Климент | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Скендер Бузаку | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Томе Колев | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Вилма Венковска Милчев | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Мимоза Шумковска Велјановска | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

# 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.

Функцијата претседател на Собранието е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

За време на извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија г. Вељаноски дејствуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеењето на правото во Република Македонија, притоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во остварувањето на неговите бројни со Уставот и со Деловникот утврдени надлежности, како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста на предлозите за донесување на закони и други акти, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали
- грижата за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија,
- продолжување на практиката на соработка со координаторите на пратеничките групи во врска со прашањата за унапредување и поефикасно работење на Собранието,
- грижата за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа,
- продолжување на практиката на соработка и координирање со потпретседателите на Собранието и одлучување по прашања за прием на претставници и делегации на параламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на постојани и повремени собраниски делегации во органите и организациите во странство и
- прифаќање на бројни лични и покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определување претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење, со примена на современата информатичка технологија, за што се користени искуствата од парламентите на повеќе држави.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата примарна законодавна функција, продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието во овој период оствари динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (01 јануари 2009 - 31 декември 2010)**

Средба со амбасадорот на Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Ендру Ки** (12 јануари 2010);

Средба со **лордот Џорџ Фолкс** од Домот на Лордовите на Британскиот парламент и **г.Марк Версалион** од Конзервативната партија (22 јануари 2010);

Средба со министерот за европски и меѓународни работи на Република Австрија**, г. Михаел Спинделегер** (22 јануари 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Народна демократска република Алжир, **Н.Е. г. Хамруи Хабиб Сауки** (29 јануари 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Индија, **Н.Е. г. Давиаб Манцанда** (29 јануари 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Србија, **Н.Е. г. Томислав Ѓурин** (10 февруари 2010);

Средба со амбасадорот на Германија, Н.Е. **г-ѓа Марија Урлике Кноц (**12 февруари 2010);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Ендру Ки** (12 февруари 2010);

Средба со делегацијата на Конгресот на САД, предводена од конгресменот **Ерл Померој**, амбасадорот на САД, **Н.Е. г. Филип Рикер** и директорот на Агенцијата за меѓународен развој на САД**, г. Мајкл Фриц** (18 февруари 2010);

Официјална посета на Република Македонија - претседател на Државниот Збор на Република Словенија**, г. Павел Гантар** (10 до 12 март 2010);

Средба **со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Полска, г. Фатмир Џељадини** (15 март 2010);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Турција**, г. Ахмет Давутоглу** (26 март 2010);

Средба со амбасадорот на Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г.Ендру Ки** (13 април 2010);

Средба со претседателот на Република Албанија**, г. Бамир Топи** (14 април 2010);

Средба со амбасадорот на НР Кина, **Н.Е. г. Дон Чун Фенг** (14 април 2010);

Средба со амбасадорот на НР Кина, **Н.Е. г. Дон Чун Фенг** (16 април 2010);

Посета на НР Кина Пекинг/Шангај (26 април до 02 мај 2010);

Средба со министерот за надворешни работи на Израел, **г. Авигдор Либерман** (04 мај 2010);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Бугарија, **г. Николај Младенов** (05 мај 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Црна Гора, **Н.Е. г. Душан Мрдојевиќ** (07 мај 2010);

Работна вечера на покана на Амбасадорот на НР Кина, **Н.Е. г. Дон Чун Фенг** (07 мај 2010);

Средба со претседателот на Претставничкиот дом на Република Италија, **г. Џанфранко Фини** (25 мај 2010);

Средба со претседателот на Република Романија, **г. Трајан Басеску** (27 мај 2010);

Проштална средба со амбасадорот на Република Турциј, **Н.Е. г. Хакан Окчал** (01 јуни 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Словенија, **г. Игор Попов** (01 јуни 2010);

Средба со **г. Кристијан Хедберг** од Генералниот директорат за проширување на Европската комисија (02 јуни 2010);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Ендру Ки** (16 јуни 2010);

Средба со воена делегација предводена од **г. Ма Хјао Тиан,** заменик началник на генералштаб на Народна ослободителната армија на Народна Република Кина (17 јуни 2010);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Ендру Ки** (25 јуни 2010);

Официјална посета на **г-ѓа Славица Ѓукиќ Дејановиќ,** претседател на Народното Собрание на Република Србија (08-09 јули 2010);

Средба со **г. Иво Јосиповиќ,** претседател на Република Хрватска (12 јули 2010);

Средба со амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Ендру Ки** (14 јули 2010);

Средба со **г. Валдис Затлерс,** претседател на Република Латвија (14 јули 2010);

Средба со **г. Илир Мета,** претседател на Советот на министри и министер за надворешни работи на Република Албанија (28 јули 2010);

Проштален прием - амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Ендру Ки** (28 јули 2010);

Прием - амбасадорот на САД, **Н.Е. г. Филип Рикер** (31 јули 2010);

Средба со новоименуван амбасадор на Република Турција, **Н.Е. г. Гурол Сокменсуер** (01 август 2010);

Средба со **г-ѓа Корнелија Утевска**, новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Сојузна Република Германија (02 септември 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, **Н.Е. г. Кристофер Ивон** (16 септември 2010);

Средба со **г. Ѓорѓи Филипов,** новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Австрија (24 септември 2010);

Официјална посета на Република Турција (26-29 септември 2010);

Средба со **г. Сашко Стефков,** новоименуван амбасадор на Република Македонија во Република Грција (01 октомври 2010);

Прием, Амбасада на Сојузна Република Германија (04 октомври 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Кралството Шведска, **Н.Е. г. Ларс Валхнуд** (19 октомври 2010);

Средба со претседател на Влада на Црна Гора, **г. Мило Ѓукановиќ** (22 октомври 2010);

Средба - проштална со амбасадорот на Швајцарија, **Н.Е. г-ѓа Никол Вирш** (29 октомври 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Бразил, **Н.Е. г. Вашингтон Луис Переира де Соуса Нето** (29 октомври 2010);

Официјална посета на Канада, на покана на претседателот на Претставничкиот дом на Парламентот на Канада, **г. Питер Миликен** (31 октомври -08 ноември 2010);

Средба со **Н.Е. г. Давид Коен** амбасадор на Израел во Република Македонија (12 ноември 2010);

Средба со **г. Горан Тасковски** новоименуван амбасадор на Република Македонија во Република Турција (18 ноември 2010);

Средба со **г. Веле Трпевски** новоименуван амбасадор на Република Македонија во Република Албанија (18 ноември 2010);

Средба (проштална) со **Н.Е. г. Хозе Мануел Паз Агерас** амбасадор на Шпанија во Република Македонија (18 ноември 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Австралија, **Н.Е. д-р Хелена Стадерт** (06 декември 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Данска, **Н.Е. Торбен Брил** (06 декември 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Малта, **Н.Е. Павел Гиерински** (07 декември 2010);

Официјална посета на Државата Израел (21-23 декември 2010);

Средба со амбасадорот на Украина, **Н.Е. Ј. Гончарук** (27 декември 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија, **Н.Е. Благој Ханџиски** (29 декември 2010);

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (01 јануари 2009 - 31 декември 2010)**

Учество на одбележувањето на 65- годишнината од ослободувањето на логорот Аушвиц, на покана на Организацијата на Европски пријатели на Израел (ЕФИ) во Краков, Полска (26-27 јануари 2010):

Средба со копретседавачот на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија, **г. Јоргос Шацимаркакис** и шефот на Делегацијата на Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент, **г. Алојз Петерле** (18 февруари 2010);

Средба со еврокомесарот за проширување и политика на соседство, **г. Штефан Фуле** (19 февруари 2010);

Средба со МАП Тимот на НАТО, предводен од заменик на помошникот на генералниот секретар на НАТО за безбедносна соработка и партнерство на Република Македонија, **г. Роберт Симонс** (26 март 2010);

Средба со амбасадорот на ОБСЕ во Република Македонија, **г. Хозе Луис Хереро** (31 март 2010);

Средба со генералниот секретар на Советот на Европа, **г. Торнбјорн Јагланд** (13 април 2010);

Конференција на претседатели на параламенти на држави членки на ЕУ, Стокхолм (13-15 мај 2010);

Работен ручек со амбасадори на држави членки на Европската унија во резиденцијата на амбасадорот на Шпанија (19 мај 2010);

Обраќање на седница на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Советот на Европа (21 мај 2010);

Средба со претседателот на ПС на СЕ, г. Мевлут Чавушоглу и изјави за медиуми (21 мај 2010);

Осма Европска конференција на претседатели на параламенти на ПСЈИЕ Анталија, Република Турција (05-08 јуни 2010);

Конференција на претседатели на параламенти, Совет на Европа, Лимасол, Кипар (10-13 јуни 2010);

Средба со новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Брисел, **г. Никола Поповски** (18 јуни 2010);

Средба со **г. Андерс Ф. Расмусен,** генерален секретар на НАТО (18 јуни 2010);

Потпишување на Меморандум за соработка меѓу Националниот институт и Собранието на Република Македонија и посета на Парламентот на Швајцарија (21-23 јуни 2010);

Средба со амбасадорот на ЕК **Н.Е. г. Ерван Фуере** (07 јули 2010);

Осма Европска конференција на претседатели на параламенти на ПСЈИЕ Анталија, Република Турција (05-08 јули 2010);

Обраќање на отворањето на 75-от Рос-Рот семинар (19 октомври 2010);

Вечера во чест на гостите на 75-от Рос-Рот семинар (19 октомври 2010);

Средба со шефот на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија, **Н.Е. г. Ерван Фуере** (26 октомври 2010);

Предавање на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2010 година (10 ноември 2010).

**Преглед на други активности на претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски (01 јануари 2009 - 31 декември 2010)**

Божиќна литургија во Соборниот храм (07 јануари 2010);

Средба со граѓани (08 јануари 2010);

Празничен прием по повод божиќните празници, Соборен храм (08 јануари 2010);

Традиционална божиќна трпеза, резиденција на **Г.Г. Стефан** (09 јануари 2010);

Средба со министерот за животна средина и просторно планирање, **г. Неџати Јакупи** (11 јануари 2010);

Неформална средба со акредитирани новинари во Собранието на Република Македонија, Кабинет (13 јануари 2010);

Работен состанок, **г. Коце Трајановски**, **г. Илија Димовски, г-ѓа Силвана Бонева, г. Јани Макрадули, г. Андреј Петров, г-ѓа Цветанка Иванова, г. Тахир Хани** (14 јануари 2010);

Презентација на анкетата на ИРИ (направена во период 17-22.12.2009), за претседателот и потпретседателите на Собранието од страна на **г. Дејв Вилијамс,** презентер на анкетата и **г-ца Александра Крстевска,** административен асистент на ИРИ во Македонија (14 јануари 2010);

Снимање на емисијата "Х/О" со **Роберт Поповски,** Канал 5 Телевизија - емитувана на 18 јануари 2010 (15 јануари 2010);

Средба со претседателот на Совет за радиодифузија **г. Зоран Стефаноски,** директорот на Агенција за електронски комуникации **г. Петар Ивановски** и претседателот на Организацијата на потрошувачи на Македонија**, г-ѓа Маријана Лончар Велкова** (20 јануари 2010);

Основање на собраниски Управен одбор за правата на децата во рамките на Меморандумот за соработка потпишан меѓу Собранието на Република Македонија и канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија (20 јануари 2010);

Средба со граѓани (22 јануари 2010);

Средба со амбасадорот на Република Полска **Н.Е. г. Карол Бахура** и претседателот на еврејската заедница во Република Македонија **г-ѓа Бјанка Суботиќ** и изјави за медиумите по повод учество на претседателот на Собранието на одбележување на 65 годишнината од ослободувањето на логорот Аушвиц (25 јануари 2010);

Прес-конференција - претсавување на шестото издание на публикацијата "Мојот пратеник" (29 јануари 2010);

Средба со група граѓани чии семејства биле прогонувани од тајните служби - барање за поддршка за спроведување на Законот за лустрација во целост и изјава за медиумите (02 февруари 2010);

Обраќање на јавна расправа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите по повод наградата "Бисери на мудроста" за Македонија од Асоцијацијата за цервикален канцер (ECCA) и врачување на истата (03 февруари 2010);

Презентација на Годишниот извештај за работа на Собранието за 2009 година и за двата имплементирани проекти - собраниската интернет страницата и воведувањето на системот е-Парламент (05 февруари 2010);

Воведно обраќање на меѓународна работилница "Имотна состојба и судир на интереси" во организација на Државната комисија за спречување на корупција (08.02.2010);

Средба со членовите на експерската работна група за подготвување на одговор на решението на Уставниот суд во врска со Законот за определување на дополнителен услов за вршење јавна функција (10 февруари 2010);

Средба со претставници на МОСТ за дефинирање на можност за нови заеднички проекти (23 февруари 2010);

Средба - брифинг со акредитирани новинари во Собранието на РМ (26 февруари 2010);

Положување цвеќе во алејата на великаните, на гробот на поранешниот претседател на Република Македонија г. Борис Трајковски - шест години од авионската несреќа (26 февруари 2010);

Изјава за медиумите за доставување на одговор на решението на Уставниот суд во врска со Законот за определување на дополнителен услов за вршење јавна функција (02 март 2010);

Средба со граѓани (05 март 2010);

Прва седница (конститутивна) на Одборот за одбележување на 100 годишнината од раѓањето на Мајка Тереза (09 март 2010);

Втора седница на Управниот одбор за правата на детето (15 март 2010);

Средба со граѓани (19 март 2010);

Интервју за Радио Слободна Европа (23 март 2010);

Обраќање на претседателот на отварањето на Меѓународниот натпревар за студенти “Macedonian Case Challenge” (26 март 2010);

Втора седница на Одборот за одбележување на 100-годишнината од раѓањето на Мајка Тереза (29 март 2010);

Средба - брифинг со новинари акредитирани во Собранието на Република Македонија (31 март 2010);

Интервју за Спортско радио (01 април 2010);

Обраќање-отворање на Јавна дискусија "Кон побрза интеграција и инклузија на Ромите во Република Македонија" по повод 8-ми Април, Меѓународен ден на Ромите (07 април 2010);

Врачување на Плакета од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Македонија во знак на соработка и посебни заслуги (09 април 2010);

Потпишување во книга на жалост во Амбасада на Република Полска (12 април 2010);

Прес-конференција (13 април 2010);

Трета седница на Одборот за одбележување на 100 годишнината од раѓањето на Мајка Тереза (15 април 2010);

Интервју за Вест (16 април 2010);

Свечена изјава на член на Судскиот совет на Република Македонија, **г. Бранко Ушковски** (23 април 2010);

Трета седница на Управниот одбор за правата на детето (23 април 2010);

Средба со граѓани (07 мај 2010);

Свечено потпишување на Меморандумот за разбирање меѓу Собранието на Република Македонија и Швајцарски Федерален Совет (17 мај 2010);

Манифестација "Македонија во чест на Св. Кирил", Рим (21-25 мај 2010);
Аудиенција кај Папата Бенедикт 16
Средба со државниот секретар, **кардиналот Тарчисио Бертоне**
Изложба "Синестезија"
Концерт "Мјузик прогресив" и моноизведба на г. Петар Темелковски
Молебен во чест на Св. Кирил во Базиликата Сант Клементе, Рим

Средба со граѓани (28 мај 2010);

Средба со граѓани (04 јуни 2010);

Седница (четврта) на Одбор за подигање меморијален споменик на Тодор Проевски во Крушево (09 јуни 2010);

Презентација на последната анкета на ИРИ (15 јуни 2010);

Седница (конститутивна) на Одборот за одбележување на 1100 години од смртта на Наум Охридски (16 јуни 2010);

Седница на Одборот за одбележување на 100 години од раѓањето на Мајка Тереза - Гонџа Бојаџиу (17 јуни 2010);

Обраќање на Конференција "Институционални механизми за соработка меѓу Собранието на Република Македонија и НВО на Република Македонија" (18 јуни 2010);

Средба со претседателот на МАНУ г. Ѓорги Старделов (18 јуни 2010);

Свечена седница на Советот на град Скопје по повод одбележување на 30 години од прогласувањето на Мајка Тереза - Гонџа Бојаџиу за почесен граѓанин на Скопје (27 јуни 2010);

Отворање на 49-то издание на интернационалниот фолклорен фестивал "Балкански фестивал на народни песни и игри" (06 јули 2010);

Обраќање на 7-ма интернационална школа за млади политичари - Фондација Борис Трајковски (12 јули 2010);

Отворање на Охридско лето (12 јули 2010);

Прием на покана на претседател на Република Македонија **г. Ѓорге Иванов** (23 јули 2010);
Положување цвеќе на споменикот на Методија Андонов Ченто (02 август 2010);

Прием по повод 9 годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор (13 август 2010);

Централна свеченост по повод 18 август - Ден на АРМ (18 август 2010);

Свечено отворање на изложбата на 100 портрети на Мајка Тереза од **г. Мифтар Мемети** (25 август 2010);
Свечена академија по повод 100 години од раѓањето на Мајка Тереза (25 август 2010);

Положување цвеќе на споменикот на Мајка Тереза (26 август 2010);

Понтификална Света литургија, катедрала "Пресвето срце Исусово" (26 август 2010);

Средба со претседателот и членови на Државната комисија за спречување корупција, **г. Иљми Селмани, г. Зоран Додевски и г-ѓа Љубинка Муратовски Маркова** (02 септември 2010);

Средби со граѓани (03 септември 2010);

Свечен прием по повод 8 Септември - Ден на независност на Република Македонија (07 септември 2010);

Свечена академија по повод 8 Септември - Ден на независност на Република Македонија (08 септември 2010);

Отворање на Конференција за е-Демократија во Охрид (13 септември 2010);

Седница на Одборот за одбележување на 110 години од упокојување на Св. Наум Охридски (15 септември 2010);

Средби со граѓани (17 септември 2010);

Поздравно обраќање на почеток на состанокот на Комисијата за миграции, население и бегалци на Парламентарното собрание на Совет на Европа (20 септември 2010);

Свечена изјава на нов член на Судски совет на Република Македонија, **г. Мерсељ Пајазити** (20 септември 2010);

Обраќање на јавна расправа за правата на детето во организација на УНИЦЕФ (20 септември 2010);

Обраќање на тркалезна маса: "Декада на ОН за акција за безбедност на патиштата 2011-2020" во организација на ФИА (24 септември 2010);

Презентација на последната анкета на ИРИ (29 септември 2010);

Работен состанок - Одбор за подигање на Меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево (30 септември 2010);

Средба со Архиепископот Охридски и Македонски **г.г. Стефан** (01 октомври 2010);

Обраќање на Меѓународниот симпозиум посветен на Св. Наум Охридски поповод 1100 години од неговото упокојување (04 октомври 2010);

Прием - годишнина на Канал 5 телевизија(04 октомври 2010);

Свечена академија по повод 11 Октомври (11 октомври 2010);

Учество во хуманитарна акција по повод одбележување "Ден на служба" во организација на Амбасадата на САД во Република Македонија (13 октомври 2010);

Средби со граѓани (22 октомври 2010);

Средба со претставници на Стопанската комора на Република Македонија (29 октомври 2010);

Обраќање - одбележување на 20 години од првите повеќепартиски избори во Република Македонија (11 ноември 2010);

Прием - одбележување на 20 години од првите повеќепартиски избори во Република Македонија (11 ноември 2010);

Брифинг со новинари (16 ноември 2010);

Средби со граѓани (26 ноември 2010);

Обраќање - свечена академија по повод одбележување на државниот празник Св. Климент Охридски (07 декември 2010);

Средба со граѓани (10 декември 2010);

# 5.2.ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на шестиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Рафиз Алити од ДУИ и за прв пат потпретседател од редовите на најголемата опозициона партија СДСМ Јани Макрадули.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период потпретседателите, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија, реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

## ➢ Потпретседател Светлана Јакимовска

***1. Учество во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и во пратеничките групи за билатерална соработка***

Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, доаѓа од редовите на партијата ВМРО ДПМНЕ.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија има реализирано голем број активности преку редовно учество на седниците на Колегиум на Собранието на кои се разгледуваа прашања поврзани со тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Како пратеник редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како потпретседател раководи со пленарните седници на Собранието.

Има остварено бројни активности како претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, како член во работата на Комисијата за труд и социјална политика и како заменик член во Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Законодавно-правната комисија и Комисијата за прашањата на изборите и именувањата. Потпретседателката има земено конструктивно учество во работата и на седниците на други работни тела.

Таа е активен член и во Управувачкиот совет на Парламентарниот иститут.

Активен член е во пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска, Парламентот на Република Словенија, Парламентот на Црна Гора и Парламентот на Австралија.

Активен член е во Клубот на Пратенички.

Присуство на презентациите на анкетите на ИРИ во просториите на претседателот Трајко Вељаноски (14 јануари, 15 јуни и 29 септември 2010).

Потпретседателката Јакимовска прими група на ученици од средното училиште „Раде Јовчевски – Корчагин" кои зедоа изјава за училишниот весник (02 февруари 2010).

Остварена средба со тројцата корисници на Меѓународната парламентарна стипендија и евалуација на програмата за Меѓународна Парламентарна стипендија (03 февруари 2010).

Присуство на 96-тата пленарна седница на која што свое обраќање имаше Н.Е. г-н Павел Гантар, претседател на Државниот сабор на Репубика Словенија (10 март 2010).

Средба на ПГ на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија со Претседателот на Државниот сабор на Република Словенија Н.Е. г-н Павел Гантер (10 март 2010).

Средба на ПГ на Собранието на Република Македонија за соработка со Полска со Полскиот Амбасадот во Република Македонја Н.Е. г. Карол Бахура (14 октомври 2010).

Службено патување во Полска со пратеничката група на Собранието на РМ за соработка со Полска (од 19 до 22 октомври 2010).

Остварен состанок со претседателот на Собрание на РМ Трајко Вељаноски, неговите заменици и координаторите на пратеничките групи по повод предавањето на годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија – 2010 година од страна на шефот на делегацијата на ЕК Н.Е. г. Ерван Фуере (10 ноември 2010).

Присуство на одбележувањето на 20 години од првите повеќепартиски избори во Р.Македонија (11 ноември 2010).

Присуство на седницата на која годишно обраќање имаше Претседателот на Република Македонија Н.Е. г-н Ѓорѓе Иванов, (14 декември 2010).

2. *Средби со амбасадори и други дипломатски претставници*

- Потпретседателката оствари средба со германската амбасадорка Н.Е г-ѓа Улрике Мариа Кноц во Република Македонија и тројцата корисници на Меѓународната парламентарна стипендија (03 февруари 2010).
- Потпретседателката присуствуваше на обраќањето на европскиот комесар за проширување на ЕУ, г-н Стефан Фуле пред заедничкиот парламентарен Комитет РМ-ЕУ во салата Борис Трајковски (19 февруари 2010).
- Средба со германската амбасадорка г-ѓа Улрике М. Кноц и градоначалникот на Општина Кисела Вода г-н Марјан Ѓорчев (09 март 2010).
- Средба со Делегацијата на Комисијата за хармонизација со ЕУ на Големото Национално Собрание на Р.Турција (07 април 2010).
- Присуство на средбата на НСЕИ со г-н Мигел Анхел Моратинос - министер за надворешни работи на Шпанија (20 април 2010).
- Одбележување на Националната Полска трагедија која што се случи на 10.04.2010 година во Смоленск во која што својот живот трагично го загуби Полскиот претседател Лех Качински и повеќе од 90 високи државни претставници (28 април 2010).
- Свечено потпишување на меморандумот за разбирање помеѓу Швајцарскиот Федерален совет и Собранието на РМ во врска со Швајцарската помош за Парламентаниот институт (17 мај 2010).
- Остварена средба со претседателот на Чешката Република Н.Е. г-н Вацлав Клаус (21 јуни 2010).
- Пречек на претседателот на Собранието на Република Србија г-ѓа Славица Ѓукиќ - Дејановиќ на граничниот премин Табановце (08 јули 2010).
- Присуство на прием по повод Националниот ден на Црна Гора во организација на Амбасадорот на Црна Гора во РМ Н.Е. г-н Душан Мрдовиќ и неговата сопруга г-ѓа Ленка Мрдовиќ (13 јули 2010).
- Присуство на прием по повод 61-та годишнина од установувањето на Народна Република Кина во организација на Вонредниот и Ополномоштен Амбасадор на НР Кина во РМ Н.Е. г-н Донг Чунфенг и неговата сопруга г-ѓа Ма Џихиа (29 септември 2010).
- Присуство на прием по повод 87-та годишнина од основањето на Р.Турција во организација на Амбасадорот на Република Турција во Република Македонија и г-ѓа Ѓурол Сокменсуер (29 септември 2010).
- Присуство на приемот по повод 20 годишнината од германското обединување во организација на Германската Амбасадорка во Република Македонија г-ѓа Улрике Кноц (04 октомври 2010).
- Работен ручек со шефот на канцеларијата на УНИЦЕФ г-н Шелдон Јет и пратениците кои учествуваа во интерпарламентарната дискусија (08 октомври 2010).
- Присуство на свечено врачување на Одликувањата на Министерот за Надворешни работи на Република Полска г-н Радослав Сикорски, на амбасадорот Петре Наковски и

на д-р Танас Вражиновски за нивниот значаен придонес во зајакнувањето на позицијата на Полска на меѓународната арена (08 ноември 2010).

- Присуство на прием по повод Денот на независноста на Република Полска организиран од Амбасадорот на Република Полска Н.Е. г. Карол Бахура и неговта сопруга (11 ноември 2010).
- Остварена средба со Делегација на Државната дума на Руската Федерација (16 Декември 2010)

### *3. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми*

- На покана на претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов, потпретседателката присуствуваше на церемонијата на свечено доделување Орден "8 Септември" на Н.Е. г-н Уфе Елеман Јенсен, поранешен министер за надворешни работи на Кралството Данска (12 февруари 2010).
- Учество во Надзорна расправа на тема "Имплементација на спогодбата меѓу Владата на земјата примач и Владата на земјата испраќач, која се однесува на стопанска, техничка и сродна помош" во организација на Комисијата за надворешна политика (18 февруари 2010).
- Учество во дискусија за законодавно истражување - Конгресен сервис за истражување, надлежности за персонал, услуги и производи на покана од НДИ (18 февруари 2010).
- Учество во јавната расправа по Предлог на законот за спречување и заштита од дискриминација во организација на Постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот (22 февруари 2010).
- Учество на јавната трибина на тема "Родови политики во Европската Унија" во организација на жените пратенички каде што учество земаа евроамбасадорот г-н Ерван Фуере, г-ѓа Симоне Филипини - амбасадорка на Кралството Холандија и г-ѓа Асја Варбанова - програмски менаџер на УНИФЕМ Македонија (24 февруари 2010).
- Потпретседателката присуствуваше на прославувањето на патрониот ден на ОУ "Кузман Јосифовски - Питу" во Општината Кисела Вода (25 февруари 2010).
- Присуство на петтиот Меѓународен лидерски форум на тема: "Соочување со предизвиците - вредноста на комуникацијата" во организација на Меѓународната фондација Борис Трајковски (26 февруари 2010).
- Присуство на "Вечера на молитва и заедништво", по повод одбележувањето 5 години од смртта на поранешниот претседател на РМ Борис Трајковски, во организација на Меѓународната фондација Борис Трајковски (26 февруари 2010).
- Свечено поставување на плакета на големиот полски композитор Фредерик Шопен од страна на општина Кисела Вода и Амбасадата на Република Полска во Република Македонија а по повод 200-годишнина од раѓањето на славниот композитор (01 март 2010).
- Учество на јавната дискусија на тема "Кон побрза интеграција и инклузија на Ромите во Р.Македонија" (07 април 2010).

- Положување свежо цвеќе во црквата Св. Спас по повод 107-годишнината од загинувањето на Гоце Делчев (04 мај 2010).
- Присуство на доделувањето на Државната награда "Гоце Делчев" од страна на одборот за доделување на Државната награда "Гоце Делчев" (04 мај 2010).
- По повод патрониот празник на Општината Кисела Вода - Ѓурѓовден, Советот на општината одржа свечена седница каде што гостин беше потпретседателката (06 мај 2010).
- Собранието на Република Македонија во соработка со НДИ и невладината организација "МОСТ" секоја година организираат "Отворен Парламент" при што потпретседателката прими повеќе групи на граѓани (07 мај 2010).
- Учество во дискусија на тема "Кон отворен и транспарентен дијалог помеѓу Собранието на РМ и граѓанскиот секторг во организација на Собранието на РМ и граѓанската организација "МОСТ" (07 мај 2010).
- Учество во јавната расправа по "Предлог - Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија", во организација на Комисијата за труд и социјална политика (18 мај 2010).
- На покана од Министерството за правда потпретседателката присуствуваше на поставувањето на камен темелник на Кривичниот суд - Скопје (29 мај 2010).
- Учество на јавната дебата за "Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје" во организација на Клубот на пратенички (31 мај 2010).
- Учество на Надзорна расправа на тема "Имплементација на законот за донации и спонзорства во јавните дејности" во организација на Комисијата за култура (01 јуни 2010).
- Потпретседателката имаше свој говор на "Годишната конференција за оценка на имплементираноста на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата" во организација на Државната комисија за спречување на корупција (18 јуни 2010).
- Свечено одбележување на големиот јубилеј 55 години од постоењето на општина Кисела Вода (29 јуни 2010).
- Присуство на започнување на реконструкцијата на улицата "Првомајска" од страна на општина Кисела Вода и градот Скопје (27 јули 2010).
- Поставување на камен темелник за изградба на тениски терени во село Орешани од страна на премиерот Никола Груевски (28 јуни 2010).
- Потпретседателката го отвори 40 Републички фестивал на народни песни и игри "Илинденски денови" во Битола (29 јули 2010).
- По повод одбележувањето на 100 години од раѓањето на Мајка Тереза, потпретседателката присуствуваше на свечената академија во Домот на АРМ организирана од страна на претседателот на Собранието на РМ, Н.Е. г. Трајко Вељаноски (25 август 2010).
- Присуство на доделувањето на Државната награда "Мајка Тереза" од страна на Одборот за доделување на Државната награда "Мајка Тереза" (04 мај 2010).

- Присуство на приемот по повод 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија во организација на претседателот на Собранието на РМ Н.Е. г. Трајко Вељаноски (07 септември 2010).
- Присуство на прием на Свечена академија во Домот на АРМ по повод 8-ми Септември, Денот на независноста на Република Македонија во организација на претседателот на Собранието на РМ Н.Е. г Трајко Вељаноски (08 септември 2010).
- Присуство на Трибина на тема: "Политичка одговорност - зацврстување на врските меѓу Собранието и граѓаните" по повод Меѓународниот ден на демократијата а во организација на Собранието на РМ, НДИ и ИПД (15 септември 2010).
- Учество на Меѓудржавна консултативна средба за улогата на парламентите во промоција и мониторингот на детските права во организација на Собранието на РМ и УНИЦЕФ (20 и 21 септември 2010).
- Присуство на одбележување на Денот на Бошњаците во Република Македонија (28 септември 2010).
- Потпретседателката на Собрание на РМ присуствуваше на свеченото пуштање во употреба на "Паркот на Фредерик Шопен" во општината Кисела Вода од страна на Полскиот Амбасадор во РМ Н.Е. г. Карол Бахура (29 септември 2010).
- Присуство на коктел забава  по повод 12 години работење на Канал 5 телевизија (04 Октомври 2010).
- Потпретседателката оствари средба со 11 деца од предучилишна и училишна возраст од "Сојузот за грижа и воспитување на децата на Македонија" (07 Октомври 2010).
- Предводник на Делегацијата од Собрание на РМ на погребот на поранешниот претседател на Собрание на Република Македонија г-н Љупчо Јордановски (09 октомври 2010 година).
- Присуство на доделувањето на Државната награда "11-ти Октомври" од страна на Одборот за доделување на Државната награда "11-ти Октомври" за 2010 година (11 октомври 2010).
- Присуство на свечена академија и прием во Домот на АРМ по повод 69 годишнината од 11 Октомври Денот на народното востание во организација на претседателот на Владата на Република Македонија Н.Е. г. Никола Груевски (11 октомври 2010).
- Присуство на доделувањето на Државната награда "23 Октомври" од страна на Одборот за доделување на Државната награда "23 Октомври" за 2010 година  (23 октомври 2010).
- Присуство на свечена академија во МОБ по повод одбележувањето на државниот празник 23 Октомври Денот на македонската револуционерна борба во организација на претседателот на Република Македонија Н.Е. д-р Ѓорѓе Иванов (23 октомври 2010).
- Присуство на доделувањето на наградата "13 Ноември" од страна на Градот Скопје во Домот на АРМ по повод одбележувањето на 13 Ноември Денот на ослободувањето на Град Скопје (13 ноември 2010).
- Учество на јавна расправа на тема "Побезбеден интернет" во организација на Мешовитиот парланемтарен комитет (29 ноември 2010).

- Присуство на свечена академија во Домот на АРМ по повод државниот празник "Св Климент Охридски" во организација на претседателот на Собрание на Република Македонија Н.Е. г. Трајко Вељаноски (08 декември 2010).
- Присуство на централната манифестација по повод 21 Декември, Денот на настава на турски јазик (21 декември 2010).
- По повод одбележувањето на 1100 години од упокојувањето на Охридскиот чудотворец Свети Наум Охридски, потпретседателката го отвори концертот со духовна музика во Катедралниот храм на Охридската архиепископија "Света Софија" во Охрид (22 декември 2010).

## ➢ Потпретседател Рафиз Алити

Потпретседателот Рафис Алити кој доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ), на оваа функција е избран на седница на Собранието на Република Македонија на 31 јули 2008 година.

Во извештајниот период како потпреседател на Собранието на Република Македонија реализира голем број активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, прашања од општ карактер, како и на редовни координативни средби на Соообранието на Република Македонија.

***1. Учеството во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија и пратенички групи за билатерална соработка***

- Редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија,
- Учествува во работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и на Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за европски прашања во својство на заменик член,
- Член на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Португалската Република и на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија,
- Претседател на Советот за Собранискиот канал,
- Учествува на повеќе средби и приеми со министрите и со Владата на Република Македонија, средби со координатори на други политички партии во Собранието на Република Македонија, учествува на доделување на признанија и награди и
- Има многубројни средби со граѓани на Република Македонија.

***2. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

- Средба со Делегација на Парламентот на Романија (24 февруари 2010),
- Официјална посета на г. Павел Гантар, претседател на Државниот Збор на Република Словенија (9 март 2010),

- Средба со Амбасадорот на Индонезија (23 март 2010),
- Средба со Делегација на Комисија од Надворешна Политика на Сенатот на Романија (25 март 2010),
- Средба со Делегација на Европската Комисија (3 јуни 2010),
- Средба со Делегацијата на КФОР (18 октомври 2010),
- Посета на Делегацијата на Германскиот Бундестаг на Република Македонија во рамките на "Меѓународна парламентарна стипендија" ( ИПС ) (22 октомври 2010),
- Посета на г. Скендер Дурмиши Амбасадор на Република Косово (25 октомври 2010),
- Средба со непрофитабилната Оранизација CSSP (26 октомври 2010),
- Средба со Амбасадорот на Велика Британија (18 ноември 2010),
- Средба со поранешниот премиер на Република Албанија г. Ули Буфи (26 ноември 2010),
- **Од 29 ноември до 30 ноември 2010 на службено патување во Брисел,**
- Средба со Претседателот на Здружението на "Американски пријатели" - "Пријатели на Бил Клинтон", г. Агим Реџепи (7 декември 2010).

***3. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- Учествува во јавната расправа на тема "Меѓународна научна и јавна трибина" (7 мај 2010),
- Учествува на јавната расправа на тема "Имплементација на законската регулатива од областа на правата на детето и конвенцијата на правата на дететото", (1 јуни 2010),
- Учествува на свеченото отварање на јубилејното петто издание Европскиот ден на претприемачот (11 мај 2010),
- Учествува на свеченоста по повод на 100 години од раѓањето на Мајка Тереза - Гонџа Бојаџиу организирана од страна на преседателот на Советот на град Скопје (26 јуни 2010),
- Учествува на свеченото одбележување на државниот празник "Денот на Првото заседание на АСНОМ" (2 август 2010),
- Учествува на одбележување на 9-годишнина на Секретаријатот за спроведување на Охридскиот договор (13 август 2010),
- Учествува на Свеченоста на Денот на независноста на Република Македонија организирана од страна на преседателот на Собрание на Република Македонија (7 септември 2010),
- Учествува во презентацијата на годишниот извештај за Македонија за 2009 од страна на Ерван Фуере (10 ноември 2010),
- Учествува во Првиот подготвителен состанок на Делегацијата на Собрание во Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и Европската Унија (24 ноември 2010),
- Учествува на трибина организирана од Вестминстер фондација за демократија во соработка со политичките партии од Велика Британија (26 ноемви 2010),

## ➢ Потпретседател Јани Макрадули

Господинот Јани Макрадули е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија на Седнница одржана на 25 август 2008 година, од редовите на Пратеничката Група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, најголемата опозициона политичка партија, застапена во Собранието на Република Македонија. Оваа функција прв пат ја врши и еден претеник од опозицијата.

Од стапувањето на функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија, г. Јани Макрадули по потреба претседава со пленарните седници на Собранието, редовно учествува на координации и колегиуми на Собранието и извршува други задачи кои се во негова надлежност согласно со Деловникот на Собранието на РМ.

Покрај редовните собраниски активности член е и во собраниски Делегации и парламентарни групи за соработка со парламенти на други држави:

- во Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија,
- член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Австрија, Австралија, Царството Јапонија и Република Косово.
- Од 09 септември 2009 претседава со Управувачкиот совет на Парламентарниот институт во Собранието на Република Македонија и
- Во 2010 година ја извршуваше функцијата претседател на Одборот за одбележување на 20 години од првите повеќепартиски избори.

***Политичко портфолио***

- 1996 - 2000- локални избори, Советник во општина Центар, Скопје
- 1997- учесник на политичката школа за локална самоуправа во Фрајбург
- 2001 – 2002 -пратеник во Собранието на Република Македонија - дополнителни парламентарни избори
- 2002 –избран за пратеник и координатор на пратеничката група на СДСМ
- 2003 –претседател на Комисија за информатичка технологија
- 2005 –член на Постојаната комисија за соработка со Европскиот Парламент
- 2005 - член на ад хок експертската комисија на Советот на Европа за Информатичко општество
- 2006 - 2008- избран за пратеник во Собранието РМ и координатор на ПГ на СДСМ
- 2008 -избран за пратеник во Собранието РМ, од 25 август 2008 избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија

***Преглед на активности***

- Учество на расправа по повод 9 февруари - Европски ден на безбеден интернет (9 февруари 2010),
- Оствари средба со делегација на Комисијата за надворешни работи на Долниот дом на парламентот на Република Италија (2 март 2010),

- Како потпретседател на Собранието на Република Македонија, во својство на домаќин приреди ручек за д-р Павел Гантар, претседател на Државниот збор на Словенечкиот парламент (10 март 2010),
- Преку фондацијата "Фридрих Еберт" учествуваше на конференција на тема "Отворени парламенти: транспарентност и отчетност на парламентите на Југоисточна Европа" што се одржа во Софија (22 април 2010),
- Учество на конференцијата во организација на невладината организација Мост: "Институционални механизми за соработка меѓу Собранието и граѓанскиот сектор во Република Македонија" што се одржа во хотелот Холидеј ин во Скопје (18 јуни 2010),
- Во Собраниска делегација, заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија г. Трајко Вељаноски, имаше работна посета на Швајцарија - Берн, по повод основањето на Парламентарниот институт (од 21 до 26 јуни 2010),
- Учество на Третата светска конференција на спикери на парламенти во организација на ИПУ што се одржа во Женева (од 19 до 21 јуни 2010),
- Учество на конференција за е-демократија (13 септември 2010),
- Преку фондацијата "Фридрих Еберт" учествуваше на конференција "Кој ја има моќта во Југоисточна Европа - улогата на парламентот", што се одржа во Цавтат (од 8 до 10 октомври 2010),
- Во својот Кабинет имаше средба со народниот правобранител на Мароко, г. Мулај Мхамед Ираки (28 октомври 2010).

***Активности на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт***

- Оддржани шест седници на Управувачкиот совет и 12 состаноци на подготвителни работни групи.
- Усвоени сите документи потребни за почеток на работата на Параментарниот институт.
- ***Активности на Одборот за одбележување на дваесетгодишницата од првите повеќепартиски избори***
- 11.11.2010 год. - во Собранието на РМ се оддржа јавна дебата со пратениците од првиот парламентарен состав, со која претседаваше г. Јани Макрадули.
- 12.11.2010 год. - г. Јани Макрадули го отвори паркот на Парламентаризмот.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Секторот за меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија својата активност ја остварува преку работата на двете одделенија: Одделение за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и Одделение за билатерална соработка. Во Секторот се вработени девет државни службеници, од кои осум се со високо образование и еден со средно образование.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2002 година донесе Одлука за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2002). Со оваа одлука се создаде правна рамка за постапката на формирањето, активноста и надлежноста на делегациите на Собранието на Република Македонија, кои го претставуваат Собранието во мултилатералните меѓународни организации.

Согласно со оваа одлука, Собранието на Република Македонија формираше постојани делегации во следните меѓународни организации: Парламентарното собрание на Советот на Европа, Парламентарното собрание на ОБСЕ, Интерпарламентарната унија, Парламентарната димензија на ЦЕИ, Парламентарното собрание на НАТО, како и Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарен комитет за стабилизација и асоцијација.

Со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 97/2006), се основаше Делегација на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија (СЗЕУ).

Со Одлуката за изменување и дополнување за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 117/2006) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот).

Во Собранието на Република Македонија е формирана и Секција на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, од чии редови е избрана и делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Во Собранието на Република Македонија се формирани **вкупно 46 пратенички групи за соработка** со парламенти на одделни држави.

Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 16 септември 2008 година донесе Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка ("Службен весник на Република Македонија" број 117/2006). Согласно оваа сдлука, формирани се 44 пратенички групи за соработка со парламенти на одделни држави, и тоа со: Австрија, Албанија, Австралија, Балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, Кралството Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, земјите од Блискиот и Средниот Исток, Сојузна Република Германија, Република Грција, Кралството Данска, Република Индонезија, Државата Израел, Исламската Република Иран, Ирска, Република Исланд и Кралството Норвешка, Република Италија, Царството Јапонија, Народна Република Кина, Канада, Големото Војводство Луксембург, Република Малта и Република Кипар, Република Монголија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Република Полска, Република Португалија, Република Романија, Руската Федерација, САД, Словачката Република, Република Словенија, Република Србија, Република Турција, Република Црна Гора, Украина, Република Унгарија,

Република Финска, Република Франција, Кралството Холандија, Република Хрватска, Чешката Република, Конфедерацијата Швајцарија, Кралството Шведска и Кралството Шпанија.

Со Одлуката за дополнување на Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламенти на други држави ("Сл.весник на РМ" број 57/2010) се формираше и Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Косово.

Со Одлуката за дополнување на Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламенти на други држави ("Сл.весник на РМ" број 65/2010) се формираше и Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Латинска Америка и од Карибите.

Со Одлуката за изменување на Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието за соработка со парламенти на други држави ("Сл.весник на РМ" број 170/2010) Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија се прошири и за соработка со Парламентот на Нов Зеланд.

Согласно со Правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија, во Секторот за меѓународна соработка се извршуваат следните активности:

- целокупна кореспонденција сврзана со организирање на учество на одреден меѓународен настан (обработка на поканата за одредена меѓународна активност во Собранието на Република Македонија, кореспонденција со други државни органи во Република Македонија, кореспонденција со амбасадите на Република Македонија во странство и со амбасадите акредитирани во Република Македонија, кореспонденција со секретаријатите на меѓународните организации и службите на одделни парламенти),
- оперативна и стручна подготовка на учеството на одредена делегација или пратеник,
- свикување на подготвителни состаноци на делегации и пратенички групи сврзани за учество на одреден меѓународен настан,
- подготвување на тези за дискусија, излагања, амандмани, драфтирање на завршни документи на меѓународни конференции,
- подготвување на извештаи и белешки од одржаниот состанок, конференција, сесија, семинар,
- координација со другите сектори на Собранието на Република Македонија во врска со доенсување на одлуки, решенија и други документи кои произлегуваат од одредбите на меѓународни договори склучени меѓу Република Македонија и други меѓународни организации; следење на седниците на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред се точки за ратификација на меѓународни договори, спогодби, повелби и конвенции,
- стручно организирање на меѓународни средби, состаноци, конференции и семинари кога Собранието на Република Македонија е домаќин или коорганизатор на настанот.

# 6.1. Мултилатерална соработка

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николовски
**Членови:** г-Ѓа Ермира Мехмети и г. Игор Ивановски
**Заменици-членови:** г. Зоран Петрески, г. Андреј Жерновски и г-ѓа Флора Кадриу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од десет земји, а денес има 47 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото,
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност,
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот кримин-нал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Севетот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде што се расправа за проблемите со кои се соочува европското општество и има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашањата од тековната политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите членки.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година**

На првиот дел на редовната годишна сесија на Парламентарното Собрание на Советот на Европа (ПС на СЕ), што се одржа од 25 до 29 јануари 2010 година во Стразбург, Француската Република, учествуваше шефот на делегацијата г. Александар Николоски, г. Зоран Петрески, член на Делегацијата, г. Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова.

На 12 март 2010 година во Париз, Француската Република, се одржа седница на Постојаниот комитет на ПС на СЕ на која учествуваше шефот на Делегацијата г. Александар Николоски, во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На 25 март 2010 во Белград, Република Србија се одржа Конференција: "Трајни решенија за бегалци и внатрешно раселени лица". На конференцијата учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за миграции, население и бегалци на ПС на СЕ, што се одржа на 30 и 31 март 2010 година во Париз, Француската Република, учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата.

На 9 април 2010 година во Женева, Швајцарската Конфедерација, се одржа седница на Мониторинг комисијата, на која учествуваше г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата.

Од 26 до 30 април 2010 година се одржа редовната сесија на ПС на СЕ во Стразбур, Француската Република. На сесијата учествуваа пратениците: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата г. Игор Ивановски, г. Зоран Петрески, членови на Делегацијата, г. Андреј Жерновски г-ѓа Флора Кадриу, заменици членови на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова.

Од 5 до 7 мај 2010 година во Тирана, Република Албанија се одржа Кран Монтана Форум. На форумот учествуваше пратеникот г. Игор Ивановски, член на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за миграци, население и бегалци на ПС на СЕ што се одржа на 18 мај 2010 година во Париз, Француската Република, учествуваше пратеникот г. Андреј Женровски, заменик член на Делегацијата.

На 20 и 21 мај 2010 година во Собранието на Република Македонија се одржаа состаноците на Претседателскиот комитет, Бирото на ПС на СЕ и на Постојаниот комитет на ПС на СЕ, во рамките на Македонското претседателство со Советот на Европа.

На 17 и 18 јуни 2010 се одржа Семинар за активностите на Судот за човекови права во Стразбур, Француската Република, на кој учествуваа г. Никола Тодоровски, државен советник за меѓународна соработка и г-ца Марија Стефанова, советник за билатерала.

Од 21 до 25 јуни 2010 година во Стразбур, Француска Република се одржа редовна сесија на ПС на СЕ. На сесијата учествуваа пратениците г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата г-ѓа Ермира Мехмети Деваја, Зоран Петрески, членови на Делегацијта, г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата г. Никола Тодоровски и г-ца Марија Стефанова

На 8 сетември 2010 година во Рим, Италија се одржа седница на Бирото на Парламентарното собрание на Советот на Европа на која учествуваше пратеникот г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата на ПС на СЕ.

Од 30 септември до 4 октомври 2010 година во Босна и Херцеговина пратеникот г. Игор Иваноски, член на Делегацијата на ПС на СЕ учествуваше на наблудување на парламентарните избори во БиХ.

Од 4 до 8 октомври 2010 година во Стразбур, Франсуската Република се одржа редовната сесија на Парламентарното

собрание на Советот на Европа. На сесијата учествуваа пратениците г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата како и Никола Тодоровски, секретарот на Делегацијата.

На 28 и 29 октомври 2010 година во Скопје, Република Македонија се одржа Конференција за акциски план за социјална кохезија во организација на Минситерството за труд и социјална политика и Советот на Европа. На конферецијата учествуваше пратеникот г. Зоран Петрески, член на Делегацијата на ПС на СЕ.

На 4 и 5 ноември 2010 година во Битола, Република Македонија се одржа Конференција на тема: "Редовното буџетирање, од теорија до пракса" во организација на Министерството за труд и социјална политика и Советот на Европа.На конференцијата учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик член на Делегацијата на ПС на СЕ.

На 11 и 12 ноември 2010 година во Анталија, Република Турција се одржа седница на Бирото и на Постојаниот комитет на кој учествуваше пратеникот г. Зоран петрески, член на Делегацијата на ПС на СЕ и г-ца Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На 3 декември 2010 година во Париз, Француската Република се одржа состанок на секретари на Парламентарното собрание на Советот на Европа на националните парламенти. На состанокот учествуваше г-ца Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

OSCE PA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Андреј Петров

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Хисен Џемаили

**Заменици-членови:** г. Васко Шутаров, г. Цветко Грозданов и г. Даут Реџепи

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската повелба за нова Европа од 1990 година. Основна задача на Парламентарното собрание е да го олеснува меѓупарламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три генерални комитети: Комитетот за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитетот за економски работи, технологија и животна средина како и Комитетот за политички работи и безбедност.

Членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учествуваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година**

На 18 и 19 февруари 2010 година во Виена, Република Австрија се одржа Зимската сесија на Парламентарното

собрание на Оранизацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ), на која учествуваа шефот на Делегацијата, г. Андреј Петров, г. Хисен Џемаили, член на Делегацијата, во приддружба на г-ца Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учетвуваше на есенското заседание на Парламентарното собрание на ОБСЕ која се одржа од 8 до 10 октомври 2010 година во Палермо, Италија. На заседанието учествуваа пратениците г. Андреј Петров, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев и г. Хисен Џемаили, членови на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски
**Членови:** г-ѓа Силвана Бонева, г. Тахир Хани, г. Горан Мисовски, г. Јани Макрадули, г. Имер Алиу и г-ѓа Флора Кадриу

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 153 национални парламенти и осум меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република

Македонија" број 96/2008, 106/2008, 147/2008 и 138/2009) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и шест членови.

**Активности во периодот од 31 јануари до 31 декември 2010 година**

На 1 март 2010 година во Загреб, Република Хрватска се одржа состанок по повод иницирањето на регионална соработка во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ). На состанокот учествуваше г-ѓа Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка.

Третата светска конференција на спикери на парламенти се одржа од 19 до 21 јули 2010 година во Женева, Швајцарска Конфедерација. На Конференцијата учествуваше Јани Макрадули, потпретседател на Собранието на Република Македонија во придружба на Лидија Каракамчева, раководител на Секторот за меѓународна соработка.

CEI
CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г. Петар Поп Арсов

**Членови:** г. Јован Лазарев и г. Марјанчо Николов

**Заменици-членови:** г. Миле Пачемски, г. Феми Јонузи и г. Бесим Догани

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 17 земји членки: Англија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина, Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на

Република Македонија се состои од три члена.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година**

Од 25 до 28 ноември 2010 година во Будва, Црна Гора се одржа седница на Парламентарното собрание на ЦЕИ на која учествува пратениците г. Јован Лазарев, член на Делегација г. Феми Јонузи, заменик член на Делегација и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на Делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Илија Китаноски и г. Владо Бучковски
**Заменици-членови:** г. Павле Трајанов, г. Џемаиљ Јашари и г. Бесим Догани

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација на пратеници од 28 земји членки на Алијансата на НАТО и 14 нејзини асоцијативни членки. Собранието претставува критерички форум за меѓународен дијалог на пратеници од Европа и од Северна Америка кои заедно дискутираат за теми од заеднички интерес и важност. Собранието е целосно независно од НАТО но е во врска меѓу националните парламенти на земјите членки и НАТО и придонесува за јакнење на заедничкото разбирање во Алијансата. Всушност Собранието континуирано проверува дали донесените одлуки на меѓудржавно ниво во рамките на НАТО, имаат политичка поддршка од демократските избрани парламенти во земјите членки.

Основна задача на Собранието е да ги надмине националните интереси и да се обиде преку дискусии и семинари за безбедносни прашања да постигне консезус меѓу земјите. Затоа, основен елемент во работата на Собранието е да се разменуваат информации и да влијае врз националните ставови и интереси. Исто така, Собранието е форум каде што одредени актуелни прашање на НАТО се тестираат и проценуваат.

Во оваа смисла, Собранието индиректно игра значајна улога во формирањето на политичките мислења. Препораките и резолуциите на Собранието се доставуваат до националните влади и парламенти, како и до генералниот секретар на НАТО и другите релеванти организации. Врз основа на дебатата во Постојаниот совет на НАТО, генералниот секретар на НАТО подготвува одговори на препораките и резолуциите на Собранието. Целите на ПС на НАТО накратко можат да се формулираат како:

-да се охрабри дијалогот меѓу парламентарците за важните безбедносни прашања,

-да се привлече парламентарното внимание за централните безбедносни прашања, за политиката на Алијансата и поголемо разбирање за неа,

-да се пренесат колективните парламентарни ставови изградени во ПС на НАТО во НАТО и во неговите земји членки,

-да се развие подобро разбирање за политиката на НАТО и да се промовира повисоко ниво на колективна одговорност и

-да се зајакнат трансатлантските односи.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година**

Од 1 до 3 март 2010 година во Тирана, Република Албанија, шефот на Делегацијата на ПС на НАТО г. Талат Џафери оствари посета на земјата во рамките на Политичкиот комитет.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав: Талат Џафери, шеф, Владо Бучковски, член и Павле Трајанов, заменик-член, како и Лидија Каракамчева учестуваа на РОС-РОТ семинарот што се одржа во Јереван, Ерменија од 10 до 13 март 2010 година.

Во официјална посета на Република Македонија на 25 март 2010 година во Собранието на Република Македонија престојуваше г. Стефан Елгерсма, надлежен офицер за Досието на Република Македонија во НАТО.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на редовното пролетно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, што се одржа од 28 мај до 1 јуни 2010 година во Рига, Латвија. Делегацијата беше во состав од пратениците г.Талат Џафери, шеф на Делегацијата, г. Владо Бучковски, член на Делегацијата, како и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

На 1 јули 2010 година во Република Македонија престојуваше тимот на Секретаријатот на Парламентарното собрание на НАТО во врска со организирањето на 75-от РОС-РОТ семинар, што ќе се одржи во Скопје од 18 до 20 октомври 2010 година.

Од 19 до 21 октомври 2010 година во Скопје, Република Македонија се одржа 75-от РОС-РОТ семинар во организација на Парламентарното собрание на НАТО и Собранието на Република Македонија на тема "Југоисточна Европа-Создавање на нов моментум".

Од 12 до 16 ноември 2010 година во Варшава, Република Полска се одржа редовното Годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО на кој учествуваше пратеникот г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата и г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николоски

**Членови на Делегацијата:** г. Џеват Адеми, г-ѓа Роза Топузовска Каревска, г. Андреј Петров.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie –APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста меѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се слободата и политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл.

Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкофонијата формирани се и следниве органи : Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 65 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2009 година**

Делегацијата на Собранието на Република Македонија не учествуваше во работата на ПС на Франкофонијата во периодот од 1 јануари - 31 декември 2010 година

## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Александар Спасеновски

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија (ЕУ)** е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и 14 члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на

евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година**

На 18 и 19 февруари 2010 година во Скопје, Република Македонија се одржа Седмиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија.

Во рамките на посетата на Република Македонија на г. Јозеф Даул, претседател на Пратеничката група на ЕПП во Европскиот парламент, на 22 јуни 2010 година во Собранието на Република Македонија беше оставрена средба со г. Александар Спасеновски, ко-претседавач на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европската унија.

Копретседавачот на МПК РМ-ЕУ г. Александар Спасеновски од 9 до 11 ноември 2010 година во Брисел, Кралството Белгија учествуваше на подготвителниот состанок на Делегацијата од Европскиот парламент на МПК РМ-ЕУ и на пленарна сесија на Европскиот Парламент.

На 29 и 30 ноември 2010 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа Осмиот состанок на Мешовитиот парламетнарен комитет Република Македонија и Европската унија. На состанокот учествуваше Делегација од Собранието на Република Македонија предводена од шефот на Делегацијата г. Александар Николовски, членови на Делегацијата г. Рафис Алити, г-ѓа Славица Грковска, г-ѓа Соња Мираковска и г. Владимир Ѓорчев како и секретарот на Делегацијата г-ѓа Ана Качакова и г-ца Маријана Опашинова.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски
**Членови:** г. Васко Шутаров, г.Сафет Незири
**Заменици-членови:** г. Ванчо Коцев, г. Ристо Пенов и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

Парламентарното собрание на Медитеранот е релативно нова меѓународна мултилатерална организација и претставува продолжување на парламентарната димензија на долгогодишна Конференција за соработка во Медитераниот (CSCM), процес кој функционираше во рамките на Интерпарламентарната унија (ИПУ), а како самостојна меѓународна мултилатерална организација започна да функционира од септември 2006 година.

Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот се одржа на 10 и 11 септември 2006 година во Аман, Хашемитско Кралство Јордан, кога со консензус беше усвоен Статусот на оваа организација.

Земји членки на Парламентарното Собрание на Медитеранот се парламентите на земјите од медитеранскиот брег: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија, Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис, Турција И Палестина. Исто така, членки на ПС на Медитеранот се парламентите на Република Македонија, Јордан и Португалија, држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него.

Парламентарното собрание на Медитеранот заседава на пленарна седница, еднаш годишно. Неколку месеци пред одржувањето на годишното заседание, се состануваат трите постојани комитети.

Парламентарното собрание е воспоставено со цел да се даде поголемо значење на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион, односно регионот да се здобие со сопствен парламентарен форум како зајакнување и унапредување на дијалогот меѓу културите.

### Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година

На состаноците на специјалните групи кои своите активности ги остваруваат во рамките на Третиот постојан комитет на Парламентарното Собрание на Медитеранот, што се одржаа на 15 и 16 април 2010 година во Љубљана и Порторож, Република Словенија, учествуваше пратеникот г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата.

Од 4 до 7 ноември 2010 година во Истанбул, Република Турција се одржа Меѓународен состанок на жени парламентарки во организација на Истанбулскиот истражувачки центар за жени и повеќе невладини организаци и Парламентарното собрание на Медитеранот. На состанокот учестваа пратеничките г-ѓа Лилјана Затуровска и г-ѓа Катерина Димевска.

## ЕВРОПСКО СОБРАНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА, СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николоски
**Членови:** г. Џеват Адеми и г. Јован Манасијевски
**Заменици-членови:** г-ѓа Лилјана Поповска, г. Кенан Хасипи и г. Павле Трајанов

Европското собрание за безбедност и одбрана, Собрание на западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, кога Бриселскиот договор за европска соработка во областа на безбедноста и одбраната од 1948 година беше изменет со цел да се формира Западноевропската унија.

Собранието ги разгледува и поддржува меѓувладините активности на европско ниво во сите области од европската безбедност и одбрана, вклучувајќи ја и соработката во доменот на одбранбената опрема. Трансформацијата на Западноевропската унија и преземањето на оперативни функции на владиниот дел на ЗЕУ од страна на Европската унија, доведоа до промена на позицијата и функциите на СЗЕУ. Тоа денес се фокусира на следење на европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), продолжувајќи да врши надзор над целосната имплементација на обврската за колективна одбрана, пропишана во членот 5 од изменетиот Бриселски договор, како и соработката со НАТО, базирана врз основа на членот 4 од Договорот.

Во СЗЕУ членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 39 европски држави (27 земји членки, пет асоцијативни членки и седум земји партнери). Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно**.** Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбранбени и безбедносни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во декември 2003 година Република Македонија се здоби со стасус на "специјален гостин" во Собранието на ЗЕУ, а од јуни 2008 година учествува во работата на Собранието со статус "партнер".

### Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година

На 23 и 24 март 2010 година во Брисел, Кралството Белгија, се одржаа редовните состаноци на СЗЕУ. На состаноците учествуваше пратеникот г. Џеват Адеми, член на Делегацијата, во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

Пратениците г. Јован Манасијевски и г-ѓа Лилјана Поповска, членови на Делегацијата на СЗЕУ учествува на редовните состаноци на Собранието на Западноевропската унија, кои се одржаа на

29 септември 2010 година во Брисел, Кралството Белгија.

# РЕГИОНАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Иницијативата за регионална соработка во ЈИЕ е покрената на состанокот на министрите за надворешни работи во Софија 1996 година, под име Процес на добрососедство, стабилност, безбедност и соработка. Во текот на претседателството на Романија во 2000 година, соработката во регионот е преименувана во Процес за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ). Во Букурешт е усвоена Повелба за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ, која се смета за базичен документ на Процесот и по донесувањето се потпишува при приемот на новите членови.

Потребата за меѓупарламентарен дијалог меѓу земјите членки на ПСЈИЕ експлицитно е набележана во Повелбата за добрососедски односи, стабилност, безбедност и соработка во ЈИЕ од Букурешт во точката 11, посветена на главните форми на соработка. Досега се одржани седум конференции на ниво на претседатели на парламентите и три состанока на ниво на претседатели на парламентарни комисии.

Со Седмата конференција на претседателите на парламентите, одржана во Софија, од 13 до 15 април 2008 година, започната е нова фаза во регионалната парламентарна соработка. На неа е усвоен Меморандумот за разбирање за меѓупарламентарната соработка во Југоисточна Европа кој е потпишан од претседателите на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ, со кој се определени надлежностите и улогата на Регионален секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ, со седиште во Софија.

**Активности во периодот од 01 јануари до 31 декември 2010 година**

На 30-31 март 2010 година во Сараево, Босна и Херцеговина е одржан подготвителен состанок за Осмата конференција на претседателите на парламентите на земјите членки на ПСЈИЕ. На состанокот учествуваше Никола Тодоровски, национален координатор за парламенарна соработка во ЈИЕ и државен советник за меѓународна соработка.

На 5-8 јуни 2010 година во Анталија, Турција се одржа Осмата конференција на претседателите на парламентите на ПСЈИЕ. На конференцијата учестуваше претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Трајко Вељаноски.

На Семинарот на тема: "Овластувањето на парламентите во донесувањето и надгледувањето на буџетот", што се одржа на 21 и 22 јуни 2010 година во Брисел, Белгија, учествуваа г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерална соработка, г. Вања Ралев, советник, г. Драган Пулевски, помлад соработник и г. Иван Цветановски, помлад соработник.

Од 11 до 13 октомври 2010 година во Белград, Република Србија се одржа Конференција на тема: "Борба против сиромаштијата и социјална исклученост во контекст на еврпскиот интеграциски процес:

Улога на националните парламенти". На конференцијата учествува пратениците г. Никола Котевски и г-ѓа Станка Анастасова, членови на Комисијата за труд и социјална политика и г. Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка.

На 8 ноември 2010 година во Софија, Бугарија е одржан работен состанок на Регионалниот секретаријат за парламентарна соработка во ЈИЕ со националните координатори на парламентите на ПСЈИЕ. На состанокот учествуваше Никола Тодоровски, национален координатор за парламенарна соработка во ЈИЕ и државен советник за меѓународна соработка.

## 6.2.БИЛАТЕРАЛА

Делегација на Големата комисија за европски прашања на Финскиот парламент оствариjа официјална посета на Република Македонија од 26 до 28 јануари 2010 година.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на претседателот на Државниот збор на Република Словенија, д-р Павел Гантар, остварена на 11 март 2010 година, се оствари средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија.

Официјална посета на Република Македонија од страна на министерот за надворешни работи на Република Турција г. Ахмет Давутоглу, остварена на 26 март 2010 година.

Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Хрватска од 24 до 26 мај 2010 година оствариjа официјална посета на Саборот на Република Хрвтска. Делегацијата ја соочинуваа пратениците: г-ѓа Благородна Дулиќ, шеф на Делегацијата, г. Васко Шутаров, г-ѓа Надица Танчева Турлиева и г. Даут Рeџепи, членови на Делегацијата, како и г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

Од 4 до 7 јули 2010 година г. Антонио Крстичевиќ, пратеник од Парламентот на Западна Австралија оствари официјална посета на Република Македонија, при што беше остварена средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија.

## 6.3. СТРУЧНА СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

Од 20 до 23 јануари 2010 година во студиска посета на Парламентот на Словачката Република учествуваа: г. Вјекослав Анѓеловски, заменик генерален секретар на Собранието на Република Макеоднија, г-ѓа Лилјана Ивановска, раководител на Законодавно-правниот сектор и г-ѓа Маја Ермилова, раководител на Секторот за работни тела на Собранието на Република Македонија.

Од 22 до 25 февруари 2010 година во Трст, Италија се одржа Семинар на тема: "Меѓурегионална соработка: промоција на демократска стабилност и развој". На семинарот учествуваше г. Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка.

Во организација на ЕЦПРД на 26 март 2010 година во Париз, Француската Република се одржа семинар на тема: "Искуствата од актуелната финансиска и економска криза: улогата на парламентарното истражување". На семинарот учествуваше г. Сандре Нонкуловски, заменик генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На Семинарот на тема: "Овластувањето на парламентите во донесувањето и нагледувањето на буџетот", што се одржа на 21 и 22 јуни 2010 година во Брисел, Белгија, учествуваа г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерална соработка, г. Вања Ралев, советник, г. Драган Пулевски, помлад соработник и г. Иван Цветановски, помлад соработник.

Службеници од Собранието на Република Македонија на 11 и 12 ноември 2010 година оствариja студиска посета за запознавање на европските институции во Брисел, Кралството Белгија. На оваа посета учеcтуваа службениците: Маријана Опашинова, советник и координатор на групата, Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка, Марина Димовска, соработник во Секторот на генералниот секретар, Иван Цветановски, соработник и Вјолца Бајрами, помлад соработник во Кабинетот на претседателот на Собранието, Габриела Спирковска, советник, Даниела Паунова, советник, Елена Дановска соработник, Владимир Наумовски, помлад соработник, Ристо Илиевски, соработник, Соња Аврамовска, помлад соработник во Секторот за работни тела, Елена Давчева, советник, Нијази Јаха, раководител на Одделението во Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции, Александра Пуловска, помлад соработник во Законодавно-правниот сектор и Џемаљедин Неџипи, раководител на Одделението за внатрешна ревизија.

Службеници од Собранието на Република Македонија од 25 до 27 октомври 2010 година учествуваа на семинарот за "Јавна администрација и судството во земјите од Западен Балкан", која се организираше во Европскиот парламент. На семинарот учествуваа: Маја Ермилова, раководител на Секторот за работни тела, Лилјана Ивановска, раководител на Законодавноправниот сектор, Билјана

Огненовска, раководител на Одделението и Блета Биљали, помлад соработник.

Службеници од Собранието на Република Македонија на 1 и 2 декември учествуваа на регионална работилница на TAIEX за улогата на парламентите во приговорите со Европската унија што се одржа во Брисел, Кралството Белгија. На работилницата учествува г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерала, г-ѓа Даниела Велковска, раководител на Секторот на националниот совет, г. Иван Коробар, раководител на Одделение, г-ца Јасминка Трпкова, советник и г-ѓа Лилјана Петреска, советник.

Од 6 до 9 декември 2010 година службеници на Собранието на Република Македонија оствarија студиска посета на Германскиот будестаг во Берлин, Сојузна Република Германија. На студиската посета учествуваа г-ѓа Ана Качакова, помошник раководител на Секторот за меѓународна соработка, г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделението за билатерала и г-ца Маријана Опашинова, советник.

## 6.4. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

Од 30 јануари до 15 февруари 2010 година во Вашинтон, САД, се одржа студиска посета за лидерството на тема: "Политички дијалог", во организација на Стејт Департментот на САД. Во студиската посета учестуваа пратениците г. Илија Димовски и г. Емилијан Станковиќ.

Делегација на Собранието на Република Македонија учествуваше на 58. Национален молитвен појадок, што се одржа од 1 до 5 февруари 2010 година во Вашингтон, САД. Делегацијата ја сочинуваа пратениците, г. Александар Спасеновски, г. Андреј Петров, и г. Сулејман Рушити.

На Конференцијата на тема: "Стандардите за мерење и самооценување на демократските парламенти", која во организација на Светската Банка и УНДП се одржа од 2 до 4 март 2010 година во Париз, Француската Република, учествуваше пратеничката г-ца Христина Рунчева.

Во официјална посета на Република Македонија на 7 јуни 2010 година престојуваше г. Андреас Ронки, министер за европска политика во Владата на Италија.

На 23 јуни 2010 година во официјална посета на Република Македонија престојуваше г. Дејвид Лидингтон, министер за Европа на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Во организација на Европскиот парламент на 29 и 30 септември 2010 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа Парламентарен семинар на тема: "Реформа на јавната админастрација и судството". На семинарот учествуваа пратениците г. Рафис Алити, потпретседател на Собранието на Република Македонија и член на Комисијата за политички систем, г. Зоран Петрески, претседател на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, г-ѓа Соња Мираковска, член на Законодвно-правната

комисија и г. Владо Бучковски, член на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како и секретарот на Делегацијата г-ѓа Ана Качакова и г-ца Нада Кочовска.

Од 11 до 13 октомври 2010 година во Белград, Република Србија се одржа Конференција на тема: "Борба против сиромаштијата и социјална исклученост во контекст на еврпскиот интеграциски процес: Улога на националните парламенти". На конференцијата учествува пратениците г. Никола Котевски и г-ѓа Станка Анастасова, членови на Комисијта за труд и социјална политика и г. Иван Петрушевски, помлад соработник во Секторот за меѓународна соработка.

# 7. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ

## 7.1. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И ПРОТОКОЛАРНИ СРЕДБИ




## 7.2. МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ, МАНИФЕСТАЦИИ, ГОДИШНИНИ, СВЕЧЕНОСТИ И СЕМИНАРИ

| |
|---|
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Тркалезна маса "Декада на Обединети Нации за безбедност на патиштата" |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Отворениот меѓународен симпозиум во организација на Универзитетскиот конгресен центар |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија пред младите на Европска народна партија - 7-ма интернационална школа за млади политичари |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на јавната расправа на УНИЦЕФ за правата на детето |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Конференција "Проширувањето на Европската унија меѓу Лисабонскиот договор и економската оправданост" во организација на Паневропска унија на Република Македонија |

| |
|---|
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на јавната расправа на Комисијата за еднакви можности на мажите и жените по повод наградата "Бисери на мудроста" |
| Обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Конференција "Институционални механизми за соработка на Собранието на Република Македонија и невладиниот сектор" |
| Презентација на анкета на ИРИ |
| Промоција на списанието "Регионална соработка на Западен Балкан на патот кон ЕУ и НАТО" во организација на Фондација Конрад Аденауер |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на меѓународен натпревар за студенти Macedonian Case Chalange |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 65-годишнина на Заседанието на АСНОМ - Прохор Пчински и Пелинце |
| Покровителство на Конференција за е-демократија |
| Покровителство на Свечената академија по повод 100 години од раѓањето на Гонџа Бојаџиу - Мајка Тереза |
| ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ - 7 Мај |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 49-то издание на интернационалниот фолклорен фестивал "Балкански фестивал на народни песни и игри" |
| Покровителство на г-ѓа Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието на Република Македонија на 40-тиот републички фестивал на народни песни и игри |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија по повод 2 Август, Ден на Републиката, на положувањето на свежо цвеќе пред споменикот на Методија Андонов Ченто |
| Состанок на Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Свечената академија по повод 8 Септември, Ден на независноста на Република Македонија |
| Шести РОС РОТ семинар на ПС на НАТО |
| Поздравно обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на 6-тиот РОС РОТ семинар |
| Конференција на Бирото и Постојаниот Комитет на ПС на СЕ |
| Состанок на Комисијата за миграција, бегалци и население на ПС на СЕ |
| Поздравно обраќање на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Комисијата за миграција, бегалци и население на ПС на СЕ |
| Дебата по повод 20 години од првите повеќепартиски парламентарни избори |
| Акција за пошумување - "Парк на парламентаризмотг по повод 20 години од првите повеќепартиски парламентарни избори" |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на Свечената академија по повод 8 Декември "Свети Климент" |
| Покровителство на г. Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија на верен концерт со духовна музика по повод 1100 години од упокојувањето на Охридскиот чудотворец Свети Наум Охридски, во црква "Света Софија" Охрид |

| |
|---|
| Свечена седница по повод 1100 години од упокојувањето на Охридскиот чудотворец Свети Наум Охридски |
| Предавање на Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија - 2010 година од страна на Н.Е. г. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската унија |
| Потпишување на Меморандум за разбирање меѓу Швајцарскиот федерален совет и Собранието на Република Македонија |

## 7.3. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГОДИШНИ НАГРАДИ

| |
|---|
| Доделување на наградата "Гоце Делчев" |
| Доделување на државната награда "Мајка Тереза" |
| Доделување на државната награда "11 Октомври" |
| Доделување на државната награда "23 Октомври" |
| Доделување на државната награда "Св. Климент Охридски" |
| Доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин" |

## 7.4. СВЕЧЕНИ ИЗЈАВИ

| |
|---|
| Свечена изјава на **г. Бранко Ушкоски**, член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Мерсел Пајазити**, член на Судскиот совет на Република Македонија |
| Свечена изјава на **г. Мирален Асани**, член на Советот на јавни обвинители |

# 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 8.1.СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Во 2010 година Собранискиот канал МТВ изврши вкупно 115 директни преноси на пленарни седници на Собранието на Република Македонија во вкупно времетраење од 35.346 минути.

Во текот на минатата година емитувани се 57 случувања од собраниската активност од кои 17 биле директно пренесени, а нивната вкупна минутажа е 4.165 минути. Од овие настани вкупно осум биле репризирани во времетраење од 162 минути.

Вкупно два преноса на владини седници се нашле на програмите на МТВ во времетраење од 1.391 мин. Овие преноси биле репризирани три пати во времетраење од 2.174 минути. Три емисии во времетраење од 102 минути со сроден карактер се нашле на програмите на МТВ од кои продуктивно биле произведени 28 минути, а репродуктивно 74 минути. Овие емисии биле репризирани пет пати во вкупно траење од 221 минути.

Што се однесува до седниците на комисиите тие биле пренесувани до гледачите на МТВ било како директен пренос, било како снимки.

Така седниците на Комисијата за финансирање и буџет кои биле вкупно 67 со минутажа од 10.714 минути односно 4.951 минути биле директен пренос а продуктивно биле емитувани вкупно 5.763 минути.

Седниците на Законодавно-правната комисија минатата година биле вкупно 79 или изразено во минути 8.458 од ко сите биле продуктивни.

Комисијата за транспорт и врски минатата година одджала вкупно 35 седници и сите биле одложено емитувани во времетраење од 3.886 минути.

Вкупно 24 седници оддржала Комисијата за економски прашања или 2.146 минути.

Комисијата за европски прашања оддржала 34 седници во времетраење од 2.478 минути.

59 седници оддржала Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и како и останатите седници на комисиите, тие се сопствено производтство на Собранискиот канал а нивното траење е вкупно 8.073 минути.

Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинување на претседателот Борис Трајковски се состанала само еднаш, а нејзината работа траела само 2 минути вообичаено овој тип на седници е од затворен карактер и двете минути се само старт на седницата каде што е пренесено само гласањето за нејзиниот затворен карактер.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство лани имала 28 седници кои сите биле снимени од собранискиот канал и како одложени емисии пред гледачите биле презентирани во вкупна минутажа од 3.177 минути.

Комисијата за образование, наука и спорт минатата година одржала 17 седници во времетраење од 1.202 минути и сите биле сопствено произвотство на Собранискиот канал и биле одложно емитувани.

Комисијата за надворешна политика оддржала 24 седници во времетраење од 1.405 минути и сите биле одложено емитувани.

Комисијата за одбрана и безбедност се состанала вкупно 13 пати и расправала во временска рамка од 962 минути.

Комисија за мандатно-имунитетни прашања само три пати се состанала во текот на 2010 год. А нејзината работа изразена во минути изнесува 19 минути.

Комисијата за здравство оддржала 22 седници во времетраење од 2.304 минути.

Комисијата за прашања за избори и именувања оддржала 11 седници во време од 930 минути.

Комисијата за евроинтеграции минатата година се состанала 15 пати а седниците траеле вкупно 1.503 минути.

Комисијата за локална самоуправа оддржала само пет седници и сите биле сопствена продукција на Собраниски канал во време од 274 минути.

Комисијата за труд и социјална политика во текот на минатата година оддржала вкупно 28 седници од кои како одложени емисии биле емитувани вкупо 3.398 минути.

Комисијата за надзор на спроведување мерки за следење на комуникациите од страна на МВР и Министерството за одбрана се состанала само три пати а од тие состаноци произлегле и три емисии кои одложено биле емитувани на Собранискиот канал во времетраење од 123 минути.

Анкетната комисија за правата на граѓаните во текот на минатата година оддржала 13 седници кои траеле 1.132 минути.

Комисијата за култура вкупно се состанала 16 пати со време од 1.387 минути.

Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите имала во текот на минатата година само две седници кои траеле 211 минути.

Анкетната комисија за утврдување на настаните од 1 јули 2010 година во минатата година се состанала три пати, а состаноците траеле 256 минути.

Како резиме би истакнале дека во 2010 година на програмите на Собранискиот канал вкупно се нашле 695 емисии кои траеле 97.601 минути. Од нив како директен пренос биле емитувани вкупно 41.705 минути додека како репризи биле емитувани 16 емисии во вкупно траење од 2.557 минути. Од вкупниот број емисии премиерно биле емитувани 589 и времетраење 95.044 минути.

## 8.2. Електронска комуникација

### Е-ПАРЛАМЕНТ И СОБРАНИСКАТА ВЕБ-ЛОКАЦИЈА

Во 2010тата година законодавниот процес се одвива по електронски пат со помош на системот за водење на документи врзани со законодавната постапка, т.н. е-Парламент.

Со е-Парламент опфатени се следниве процеси:

1. Прием на материјали
   a. прием и архивирање на материјал
   b. известување за нов материјал

2. Седници на работни тела
   a. Закажување на седници
   b. Додавање на заклучоци
   c. Додавање на извештаи

3. Собраниски седници
   a. Закажување на седници
   b. Додавање на заклучоци
   c. Додавање на извештаи
   d. Додавање на стенограми
   e. Додавање на аудио и видео записи
   f. Додавање на гласања

4. Пратенички прашања
   a. најави на пратенички прашања
   b. додавање на поставени прашања
   c. додавање на одговори

Е-парламентот нуди автоматско генерирање на документи и писма базирано на урнеци, нотификации по е-пошта за сите активности поврзани со материјалите и седниците.




Над 100 државни службеници и пратениците активно и секојдневно работат со системот на прием на материјали, закажување на седници на Собранието и на седници на работните тела, објавување на извештаи, заклучоци, записници, стенограми, гласања, видео и аудио записи, пратенички прашања, а сите вработени во Службата на Собранието имаат пристап до е-парламент и го користат во секојдневната работа за успешно и квалитетно извршување на работните задачи.

Во текот на 2010 година, во е-Парламент се процесирани вкупно 3672 материјали:

| | |
|---|---|
| Предлог на закон | 298 |
| Амандман | 3077 |
| Анализи, извештаи, информации и друг материјал | 79 |
| Декларација, резолуција, одлука и препорака | 70 |
| Ратификација на меѓународни договори | 50 |
| Друго | 34 |
| Автентично толкување на закон | 30 |
| Избори, именувања и разрешувања на јавни и други функции | 11 |
| Интерпелација | 6 |
| Оставка на носител на јавна и друга функција | 5 |
| Согласност на статути и други општи акти | 5 |
| Граѓанска иницијатива | 4 |
| Предлог стратегија | 2 |
| Измена на устав | 1 |
| **ВКУПНО** | **3672** |




Имајќи предвид дека информатичкото општество ја развива партиципативната демократија преку зголемената транспарентност овозможувајќи јавните податоци да бидат достапни во отворен и стандардизиран формат, а граѓаните, невладиното општество, јавноста и експертите, со своите иницијативи да учествуваат во донесувањето на одлуките, Собранието на Република Македонија ја редизајнираше и ја збогати со податоци собраниската веб-локација.




Покрај постоечките податоци, сега на веб-локацијата можат да се најдат сите материјали кои биле или сé во собраниска процедура, дневна агенда и планирани следни активности, видео и аудио записи од седници, извештаи од седници на работни тела, информации за канцелариите за контакт со граѓаните, форми за контакт со претседателот на Собранието и пратениците и многу други податоци.

Поголемиот дел од информациите може да се прочитаат уште и на англиски, албански и француски јазик.

Исто така, преку веб-локацијата може да се следат собраниските седници во живо.




Во македонската јазична верзија на веб-локацијата на Собранието била посетена над 350.000 пати и тоа од над 80.000 различни посетители.

## 8.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 1351 претставник на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностита на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 89/ 2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес центар со телефонски линии и компјутери. Редовно по пошта се испраќаат материјали од активностите на Собранието на сите акредитирани медиуми.

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 17 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 101 |
| МТВ Ђ ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 24 |
| РЕДАКЦИЈА НА ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ НА МТВ | 40 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА ВЛАШКИ ЈАЗИК | 2 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА РОМСКИ ЈАЗИК | 1 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА БОСАНСКИ ЈАЗИК | 4 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА ТУРСКИ ЈАЗИК | 9 |
| РЕДАКЦИЈА ЗА СРПСКИ ЈАЗИК | 3 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 43 |
| ТВ 5 ПЛУС | 23 |
| ТЕЛМА | 28 |
| АЛ САТ | 26 |
| СИТЕЛ | 59 |
| АБ КАНАЛ | 36 |
| А1 | 76 |
| А2 | 12 |
| ТВ ЕРА | 10 |
| СКАЈНЕТ | 4 |
| ТВ АЛФА | 50 |
| РТВ БТР НАЦИОНАЛ | 10 |
| НАША ТВ | 8 |
| ТВ СОНЦЕ | 10 |
| ТВ “Е” | 11 |
| ПИНК 15 | 15 |
| 24 ВЕСТИ | 28 |
| АЛБ ТВ | 13 |

| | |
|---|---|
| МАКЕДОНСКО РАДИО | 43 |
| КАНАЛ 77 | 2 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 |
| ГЛАС НА АМЕРИКА Ђ радио на албански јазик | 1 |
| РАДИО ВАТ | 3 |
| **ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ** | |
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ДНЕВНИК | 39 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 26 |
| ВЕЧЕР | 18 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 36 |
| ВРЕМЕ | 40 |
| ШПИЦ | 13 |
| ВЕСТ | 33 |
| ФАКТИ | 3 |
| КОХА | 7 |
| КОХА Е Ре | 6 |
| ЉАЈМ | 10 |
| БИЗНИС | 4 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| ФОКУС ПРЕС | 7 |
| ГЛОБУС | 12 |
| ФОРУМ | 6 |
| ДЕНЕС | 1 |
| КАПИТАЛ | 27 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 10 |
| МИА-агенција | 42 |
| МАКФЕСТ-агенција | 21 |
| ОБСЕ | 32 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| НЕТ ПРЕС КОМ | 3 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ | 8 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИЈА | 3 |
| ЗАМАН | 1 |
| КУРИР | 7 |
| ТОМАТО ДООЕЛ | 5 |
| еРЕПОРТЕР | 5 |
| ЖУРНАЛ | 7 |
| РАДИО РОСА | 1 |

# 9.КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

На 9 февруари 2010 година, Клубот на пратенички со две свои претставнички, пратеничките Катерина Димеска и Маринела Тушева, учествуваше на неколкудневен семинар организиран за жените - парламентарки од Југоисточна Европа и Централна Азија, на тема: Промовирање на еднаквите можности за учество на жените во политичкиот и во јавниот живот.

Семинарот беше во организација на Канцеларијата на ОБСЕ, а во соработка со Парламентот на Туркменистан и под покровителство на претседателот на Туркменистан и се одржа од 9 до 11 декември 2009 г. Во Туркменбаши, Туркменистан.

Претставничките на семинарот имаа свои излагања за состојбите на женската застапеност во политичкиот и во јавниот живот во Република Македонија и воедно ја искористија можноста да разменат искуства со своите колешки од останатите земји за можностите и начините за подобрување на еднаквите можности во политичкиот и во јавниот живот.

На 25 февруари 2010 година, Клубот на пратенички организираше јавна расправа на тема: Родови политики во Европската унија. Трибината ја отвори координаторката на Клубот на пратенички Славица Грковска - Лошкова.

Свои обраќања на темата имаа гостите, претставници од меѓународната заедница - нивните екселенции г. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската унија и шеф на делегација на Европската унија, г-ѓа Симоне Филипини, амбасадор на Кралството Холандија во Република Македонија, г-ѓа Наталија Дрозд, амбасадор, заменик-шеф на мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, како и г-ѓа Асја Варбанова, раководител на програмата, шеф на Канцеларија на УНИФЕМ во Република Македонија. Нивните обраќања предизвикаа голем интерес кај присутните кои дискутираа изнесувајќи ги своите ставови, коментари, предлози и друго, се со цел за унапредување на родовата еднаквост во Република Македонија.

На темата дебатираа: пратеничките г-ѓа Наташа Јанева, г-ѓа Косана Николиќ Мазнева и г-ѓа Дарка Петрушевска, претседателката на Националниот совет на жените во Република Македонија - СОЖМ г-ѓа Савка Тодоровска, г-ѓа Слободанка Марковска од Институтот за родови студии - Филозофски факултет-Скопје, г-ѓа Сања Костовска од Центарот за истражување и креирање на политики, г-ѓа Теута Крашница-Чучкова од НВО "Животна искра" и г-ѓа Даниела Димитриевска од Македонското женско лоби.

На 9 август 2010 година, Клубот на жени пратенички одржа состанок во просториите на Уставната сала во Собранието на Република Македонија со следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи и

2. Разно.

На 1 септември 2010 година, на предлог на Клубот на пратенички на пленарната седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 2010 година, беше усвоена Резолуција за влијанијата на климатските промени во Република Македонија која произлезе како резултат на јавната дебата „Што по Копенхагенг организирана од страна на Клубот на пратенички.

Со резолуцијата се истакнува дека Република Македонија има интерес од воведување на мерки за приспособување и намалување на влијанието од климатските промени. Ваквите мерки и посебните закони треба да бидат донесени со заемна активност на Собранието, Владата и другите државни институции и невладините организации и здруженија.

Клубот на пратенички се надева дека оваа резолуција ќе придонесе за успешно водење на развојната и тековната политика за намалување на последиците од климатските промени во Република Македонија.

На 1 септември 2010 година Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија одржа состанок накој го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи и донесе одлука да се поднесе амандман на членот 31 од измените на законот, со кој ќе се загарантира работното место на работникот по враќањето од родителското отсуство.

Исто така, поради договорот направен во координација на претседателот на Собранието со координаторите на пратеничките групи, членови на Претседателството на Клубот на пратенички се донесе одлука Претседателството на Клубот на пратенички да се дополни со пратеничката Соња Мираковска заради формирање на нова пратеничка група.

На 4 октомври 2010 година, Клубот на жени во Собранието на Република Македонија оствари работна средба со г-ѓа Алида М. Блек, професор по историја и меѓународни односи на Универзитетот "Џорџ Вашингтон" - САД.

На средбата, покрај координаторката, г-ѓа Катерина Димеска и членките на претседателството на Клубот на пратенички г-ѓа Славица Грковска-Лошкова и г-ѓа Зумрете Јакупи, присуствуваа и г-ѓа Силвана Бонева, координатор на Пратеничката

група на ВМРО-ДПМНЕ, г-ѓа Цветанка Иванова, координатор на Пратеничката група на СДСМ, г-ѓа Ангела Агелер, советник за односи со јавноста во Американската амбасада во Република Македонија, г-ѓа Рената Трајковска-Бубевска, програм-асистент во Американската амбасада во Република Македонија, г-ѓа Даниела Димитриевска, директор на Македонското женско лоби, членови на Клубот на пратенички, пратеници на Собранието на Република Македонија, како и претставници на медиумите.

Воведно излагање имаше координаторката, г-ѓа Катерина Димеска, која ги запозна присутните со составот, активностите и позначајните достигнувања на Клубот на пратенички, истакнувајќи ја заедничката и единствена цел на Клубот на пратенички - преку законски решенија да се постигне родова еднаквост и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување на државата, како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на македонското општество.

Госпоѓата Алида М. Блек, професор по историја и меѓународни односи на Универзитетот „Џорџ Вашингтон" - САД во своето излагање искрено се заблагодари за поканата, споделувајќи ги своите досегашни искуства пред присутните и воедно посочи дека и понатаму „треба да се борите да создавате стуктури и да ги имплементирате законите".

Во текот на работната средба,земаа учество и г-ѓа Даниела Димитриевска, г-ѓа Ангела Агелер, г-ѓа Силвана Бонева, г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Славица Грковска-Лошкова и г-ѓа Зумрете Јакупи.

Целта на оваа работна средба беше можност за размена на искуства, развивање на дискусија и создавање на една плодна соработка како денеска така и во иднина.

На 1 ноември 2010 година, Клубот на жени пратенички во Собранието на Република Македонија оствари работна средба со г-ѓа Ана Заброска, пратеник во Европскиот парламент од Словачка и член на Комисијата за правата на жените и половата еднаквост во Европскиот парламент.

На средбата, покрај координаторката, г-ѓа Катерина Димеска и членките на претседателството на Клубот на пратенички: г-ѓа Славица Грковска-Лошкова, г-ѓа Зумрете Јакупи и г-ѓа Соња Мираковска, присуствуваа и потпретседателите на Собранието на Република Македонија г. Рафиз Алити и г-ѓа Светлана Јакимовска, потоа г-ѓа Силвана Бонева, координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, г-ѓа Цветанка Иванова, координатор на Пратеничката група на СДСМ, г-ѓа Лилјана Поповска, претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, г. Владимир Ѓорчев, претседател на Комисијата за одбрана и безбедност, г. Александар Спасеновски, претседател на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Македонија, г-ѓа Даниела Димитриевска, директор на Македонското женско лоби,

членови на Клубот на пратенички, пратеници на Собранието на Република Македонија, како и претставници на медиумите.

Со воведно излагање работната средба ја отвори координаторката, г-ѓа Катерина Димеска, која ги запозна присутните со составот, активностите и позначајните достигнувања на Клубот на пратенички, истакнувајќи ја заедничката и единствена цел на Клубот на пратенички - преку законски решенија да се постигне родова еднаквост и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување на државата, како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на македонското општество, потенцирајќи го принципот на консензус врз кој работи и одлучува Клубот на пратенички.

Госпоѓа Ана Заброска, пратеник во Европскиот парламент од Словачка и член на Комисијата за правата на жените и половата еднаквост во Европскиот парламент се заблагодари за поканата што за прв пат е во Република Македонија и за можноста да ги пренесе своите лични ставови и искуства во однос на прашањата за родова еднаквост и унапредување на правата на жените, ставот во однос на бракот како институција, легализација на проституцијата, лесните droги, колку треба да е квотата за родова рамноправност и како тие се справуваат со неа.

Присутните истакнаа дека оваа средба беше можност за размена на искуства и продлабочување на соработката и дека ваков тип на коалиции на интернационални женски здруженија се од особена важност и ја олеснуваат борбата на националното ниво за правата на жените. Секако, за остварување на тоа, потребна е и поддршка од машкиот пол.

На 3 ноември 2010 година, пратеничката Славица Грковска учествуваше на Форумот на парламентарци од Централна Азија за родови и ИЦПД прашања, кој се одржа од 27 до 29 октомври 2010 година во Алмати, Казахстан, во организација на Азискиот форум на парламентарци за население и развој (АФППД).

Госпоѓата Грковска, за прв пат, беше дел од Европската делегација која присуствуваше на тој форум, во рамките на соработката на Клубот на пратенички со Европскиот парламентарен форум (ЕПФ) и како прва заедничка иницијатива меѓу ЕПФ и УНФПА.

Целта на форумот беше да се поттикнат дискусиите за CEDAW легислативата и обезбедување на позитивна атмосфера за зголемување на капацитетот на пратениците за покренувања на родови прашања и нивните врски со ИЦПД во Централна Азија и Источна Европа.

Покрај тоа беа покренати и прашања за образование на девојките и жените, легислативата за родова еднаквост и заштита на правата на жените, едукација за репродуктивно здравје за младите, родово буџетирање на националните политики и Пекинг +15.

На 12 ноември 2010 година, координаторката на Клубот на пратенички, г-ѓа Катерина Димеска и пратеничката, г-ѓа Лилјана Затуровска, член на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите, учествуваа на Меѓународна конференција Womenist (Жените на Истанбул), во Истанбул, Турција.

Конфернцијата се одржа на 5 и 6 ноември 2010 година, во рамките на Истанбул - град на европската култура 2010, во соработка со ИКАМ - Женскиот центар за истражување од Истанбул, поддржан од Промотивниот фонд на премиерот на Република Турција.

Целта на конференцијата беше да се проговори за женските прашања од разни аспекти: како жената и вработувањето, семејното насилство, градови кои ќе бидат во служба на жените, улогата на политиката во подобрувањето на женските прашања.

На конференцијата свои излагања имаа и премиерот на Турција, г. Реџеп Таип Ердоган, како и потпретседателката на Европскиот парламент, г-ѓа Диана Валис.

Покрај пратеничките на конференцијата, од Република Македонија, присуствуваа и г-ѓа Даниела Димитриевска од Македонското женско лоби и г-ѓа Савка Тодоровска од Националниот совет на жените - СОЖМ.

На 12 ноември 2010 година, Клубот на жени пратенички одржа состанок во просториите на Салата на Влада во Собранието на Република Македонија со следниот дневен ред:

1.Организирање на работна средба со Холандската амбасада,

2.Тековни активности на Клубот на пратенички и

3.Разно.

На 18 ноември 2010 година, Клубот на пратенички во Собранието на Република Македонија одржа работна средба со амбасадорот на Кралството Холандија, Н.Е. Симоне Филипини, како и со генералниот директор и со управниот директор на холандската организација Women Inc, г-ѓа Џанет Ваесен и г-ѓа Алет Кларенбеик. На средбата, покрај координаторката, г-ѓа Катерина Димеска, присуствуваа и членките на претседателството: г-ѓа Славица Грковска, г-ѓа Зумрете Јакупи, г-ѓа Флора Кадриу и г-ѓа Соња Мираковска.

Работната средба со свое воведно излагање ја отвори координаторката, г-ѓа Катерина Димеска, која ги запозна присутните со составот, активностите и позначајните достигнувања на Клубот на пратенички, истакнувајќи ја заедничката и единствена цел на Клубот на пратенички - преку законски решенија да се постигне родова еднаквост и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување на државата, како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на македонското општество, потенцирајќи го принципот на консензус врз кој работи и одлучува Клубот на пратенички.

Амбасадорот на Кралството Холандија, Н.Е. Симоне Филипини, заедно со г-ѓа Џанет Ваесен и г-ѓа Алет Кларенбеик, ја искористија оваа работна средба за презентација на активностите на огранизацијата Women Inc, чијашто цел е да обезбеди целосно учество на жените во холандското општество.

Еднаквото учество на жените не е само важно за индивидуалната позиција на жената, туку и за целото општество од сите аспекти, без оглед дали станува збор за економијата, науката, културата, моќта итн.

Госпоѓа Ваесен ги посочи петте цели на кои работи Women Inc, а тоа се: спроведување на економската независност, користење на правата на жените, еманципација на родителството, зголемена застапеност и различност на жените во медиумите, зголемено учество на жените, особено мобилност во образованието и вработувањето.

Пратеничките г-ѓа Славица Грковска, г-ѓа Зумрете Јакупи, г-ѓа Флора Кадриу, г-ѓа Соња Мираковска, г-ѓа Наташа Јаневска, г-ѓа Цветанка Иванова, г-ѓа Лилјана Поповска и г-ѓа Даниела Димитриевска, извршен директор на Македонското женско лоби, се согласија дека и за Република Македонија во однос на прашањето за жените, овие пет цели се исто така битни, но можеби со поинаков редослед.

Воедно, беше посочено дека Република Македонија има свои мрежи за еманципација на жените кои работат на лобирање и спроведување на терен на активностите кои се битни.

Учесниците согласно се повикаа и понатаму да се работи на обезбедување на финансии за одржување на веќе постоечката мрежа, зголемување на квотите за жените како во законодавната, така и во извршната власт, да се работи на полето во борба против сиромаштијата и подобрување на положбата на жената.

На крај од средбата беше истакнато дека градењето на мрежи, систем од ваков тип е со цел подигање на свеста и еманципација на жените, но за да се обезбеди нивна еманципација потребна е и поддршката и еманципацијата на мажите.

# 10. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 10.1. Активности на Вестминстер фондација за демократија во Собранието на Република Македонија

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

Вестминстер фондацијата за демократија, со поддршка од FCO и Британската амбасада во Македонија го поддржуваат натамошниот развој на Македонскиот парламент преку спроведување на тригодишниот проект, заедно со политичките партии од Велика Британија и конзорциумот партнери со седиште во Обединетото Кралство. Проектот има за цел подобрување на капацитетот на парламентарните комисии, постојан собраниски персонал и политички партии, со цел за подобро функционирање на Македонскиот парламент. До март 2011 Проектот на WFD како цел го има следното:

- **Подобрување на капацитетот на претседателот на Кабинетот на Собранието** за подобро управување со работата на Парламентот, преку:
- Подобрување на квалификациите на административниот и експертскиот персонал и
- Поефикасна координација и комуникација меѓу Претседателот на Собранието и партиските координатори.

- Генерирање **поефикасни политички партии** и нивните улоги во опозицијата и Владата, кое ќе резултира со поефикасно управување со работата на собранието, преку:
- поефикасно функционирање на собраниските координатори;
- поголем меѓупартиски надзор над законодавството;
- поефикасни меѓупартиски групи;
- подобри меѓупартиски односи во парламентот и
- Подобрување на разбирањето за улогите и обврските на пратениците како поединци.

- **Јакнење на улогата и влијанието на собраниските комисии**, вклучувајќи ја судско-правната комисија, Комисијата за европски прашања, Комисијата за буџет и финансирање, транспорт, комисијата за комуникации и животна средина, Комисијата за политички систем и Комисијата за меѓуетнички односи, преку:
- поефикасно управување и функционирање во рамки на комисијата, во врска со употребата на постапките и практиките (реализирање расправи, користење на јазиците на малцинствата, експертска поддршка, итн) и
- подобрување на квалификациите на комисиските членови и експертскиот персонал во изготвување и преглед на законодавството со подетална процена на влијанието од предлозите и поголема дебата и суштина.

**Реализирани обуки и работилници**

**Европски програми на ВФД (Вестминстер фондацијата за демократија) за 2010**

**22 Јануари - Планирање за надзорни активности и јавни расправи во парламентарните комисии**

На 22 јануари 2010, ВФД организираше еднодневна работилница на тема Планирање за надзорни активности и јавни расправи во парламентарните комисии. Учество на оваа работилница зедоа координаторите на пратеничките групи, нивните заменици и претседателите на комисиите и Буџетскиот совет. Целта на оваа работилница беше да се презентираат британските искуства за спроведувањето на јавни надзорни активности и кои ресурси им се потребни и се употребуваат и да се овозможи фацилитирање на дискусија помеѓу македонските пратеници за да ги споделат нивните мислења за прогресот на Собранието во делот на развојот на надзорните активности, потребните ресурси и планирање и имплементирање на активности во годината која следи.

**17-21 март - Комуникација со медиуми за парламентарниот персонал**

Беше одржана петдневната обука за медиуми за персоналот на парламентот организирана од страна на Фондацијата Томас Ројтерс и Школата за новинарство и за односи со јавноста за 12 лица од парламентот на Македонија коишто се занимаваат со односи со медиумите и комуникациски прашања. Курсот обезбеди преглед на тековното остварување на комуникации на парламентот.  Работилницата обезбеди практични вежби и симулации во кои беше вклучен персоналот на парламентот преку пишување пораки за внатрешна и надворешна комуникација и соопштенија за јавноста и вежбање на вештини за презентирање.

**4-5 март – посета на Шкотскиот парламент од страна на пратениците**

На 4-ти и 5-ти март, ВФД организираше дводневна посета за петмина пратеници и за генералниот секретар на Македонскиот парламент во Единбург, со цел да остварат средба со своите колеги од Шкотскиот парламент.  Посетата им овозможи на пратениците од Македонија да дознаат нешто повеќе за работењето на Шкотскиот парламент. Пратениците од Македонија одржаа конкретни состаноци со комитетите за јавна ревизија и финансии со цел да научат нешто околу надлежноста на комитетите за јавна ревизија и финансии и постапките и ресурсите потребни за истрагите на комитетите.

Беше организиран посебен состанок за да се дознае нешто повеќе околу Информативниот центар на Шкотскиот парламент (SPICE) и како се развила интернет страницата на Шкотскиот парламент.

Заедно со своите шкотски колеги, македонските пратеници дискутираа како пратениците на Шкотскиот парламент комуницираат со медиумите и каква поддршка се обезбедува на ниво на изборен округ и преку парламентарните групи.  Исто така, се дискутираше за Деловникот на Шкотскиот парламент и управувањето со процедурални промени во Шкотскиот парламент. Посетата заврши со состаноци и дискусии за воспоставување и развивање на единица за

радиодифузија на коишто членовите на делегацијата добија краток преглед на Канцеларијата за односи со медиумите на Шкотскиот парламент.

**5-7 март - Работење во парламентарната служба**

Тридневната обука на парламентарниот персонал за парламентарни практики и постапки беше организира во соработка со Канцеларијата за надворешни односи на Долниот дом и Катедрата за политички науки при Правниот факултет во Скопје - март 2010 год. Учесниците развија поголемо разбирање за целта и функционирањето на парламентарната служба, главните вредности и начелата на коишто се заснова парламентарната служба, исходите на парламентарната служба, како процедури, отчетност и надзор, работата во комисии и функциите како составување на законодавство, истражување и информации.

Во февруари и март 2010 година NICO спроведе две обуки за човечки ресурси за персоналот на Македонскиот парламент за стандарди и насоки за управување со човечки ресурси.

**Јули 2010 година – Обука за персоналот во собраниски служби од високо и средно ниво за спроведувањето на стандардите и упатствата за ЧР**

Во јули 2010 година се одржа обука за собранискиот персонал од високо и средно ниво за стандардите и упатствата за човекови ресурси кои беа изготвени и претставени од NICO.

Тридневната обука овозможи собранискиот персонал од високо ниво да се здобие со нови вештини за спроведувањето на упатствата и стандардите за управување со ЧР. Како последователна активност од обуката, во август 2010 се формираше работна група од собранискиот персонал со која заседаваше заменик-генерален секретар и беше координирана од собраниските единица за ЧР и групата започна да работи на изготвувањето стратегија за управување со ЧР.

**Август 2010 година – отворање на интернет страницата www.parliamentarycentre.mk**

Во средината на август 2010 WFD ја отвори својата локална интернет страница www.parliamentarycentre.mk насочена кон промовирање на работата на Фондацијата во Македонија, на локалните партнери на програмата и наставната програма за обуката, како и зголемувањето на јавната дебата за некои од промените кои се случуваат во Собранието преку промовирање студии на случај, мислења и написи. Од своето отворање, интернет страницата беше посетена преку 25.000 пати.

**Септември 2010 година – започна изработка на стратегија за внатрешна и надворешна комуникација на Собранието**

Во септември 2010 година се формираше и започна со работа работна група составена од вработени во собраниските служби и Високата школа за новинарство и јавни односи (ВШНОЈ) чијашто цел е развој на стратегија за внатрешна и надворешна комуникација на Собранието на

Република Македонија насочена кон подобрување на внатрешната и надворешна комуникација, што претставуваше дел од препораките добиени од работилниците на WFD. Работната група ја сочинуваат осум лица од собраниските служби и двајца претставници на локалните партнери на WFD Високата школа за новинарство и односи со јавност.

**Септември 2010 година – евалуација на програмите на обука на WFD**

Кон крајот на септември 2010 година WFD ангажираше надворешен оценувач за спроведување детална оцена и евалуација на одржаните програми за обука на WFD во Македонија и нивното влијание.

**Септември/октомври 2010 година – законодавна студија на случај за Законот за кривична постапка**

WFD во соработка со Собранието, со локалниот партнер Македонското здружение на млади правници (МЗМП) и Комитетот за политички систем и односи меѓу заедниците започна со спроведување законодавна студија во врска со Законот за кривична постапка. Се изготвија една општа и една детална анализа за предлог-законот, а Комитетот за политички систем започна "јавна расправа" во согласност со одредбите на Деловникот, поканувајќи ги сите заинтересирани организации да достават мислења и препораки во врска со Законот за кривичната постапка до Комитетот.  МЗМП организираше тркалезна маса со претставници и експерти, од канцеларијата на Омбудсманот, судии, адвокати, претставници на Министерството за правда и претставници на универзитетите. Деталниот извештај со коментари и препораки за подобрување на 89 различни членови на предлог-законот за кривичната постапка беше доставен до Комитетот за политички системи и WFD и МЗМП ја претставија анализата пред членовите на Комитетот на седниците на Комитетот каде што беа присутни и пратениците и министерот за правда.

Врз основа на анализата која ја доставија WFD и МЗМП, Комитетот за политички систем организираше јавна расправа во Собранието што се одржа на 12 октомври, каде што повторно им се даде шанса на големиот број експерти и заинтересирани организации да ги претстават своите коментари и мислења за законот пред пратениците и министерот за правда. Второто читање на законот се случи на 18 октомври, но гласањето беше одложено поради тоа што Министерот за правда го повлече законот за натамошно ревидирање.

**Октомври 2010 година – изготвување на пакети за воведна обука за собраниските служби**

Во октомври 2010 година локалните партнери Високата школа за новинарство и односи со јавност, Катедрата за политички науки на Правниот факултет во Скопје и Центарот за економска анализа изготвија двојазични пакети за воведна обука: Медиуми и комуникација; Буџетирање и собраниска процедура и Парламентарна демократија, чијашто цел е да се искористат како основни пакети за воведна обука и професионална ориентација за новиот персонал, помошниците на пратениците и пратениците во македонското собрание.

**Октомври 2010 година – работилница за развој на стратегија за управување со човекови ресурси за Македонското собрание**

Во август 2010 година се формираше и започна со работа работна група на собраниските служби со која заседаваше заменик-генерален секретар и беше координирана од раководителот на собраниската единица за ЧР чијашто цел беше развој на стратегија за управување со ЧР. Наредната средба ја организираше WFD кон крајот на октомври меѓу консултантите на NICO и собраниската работна група што работи на стратегијата за ЧР и беше изготвена нацрт-стратегија за ЧР за Македонското собрание што треба да се поднесе за натамошно ревидирање од службите на Македонското собрание.

**Октомври 2010 година – дискусија за одржливоста на програмата на WFD во Македонија**

Кон крајот на октомври WFD организираше тридневна расправа меѓу WFD, локалните партнери, Британската амбасада, координаторите и собранискиот персонал од високо ниво за одржливоста на програмата на WFD во Македонија и евентуалните нови програмски активности за наредната година.

**Ноември 2010 година – работилница за помошници на пратениците**

На почетокот на ноември 2010 година WFD во соработка со локалните партнери Катедрата за политички науки на Правниот факултет во Скопје и Центарот за економска анализа организираа тридневна воведна обука за 18 помошници на пратениците за шест собраниски групи во Македонското собрание. Тридневната воведна обука се одвиваше на следниве теми: Медиуми и комуникации, Буџетирање и собраниски процедури и Парламентарна демократија, и обезбеди практична и теоретска обука насочена кон зајакнување на капацитетите на помошниците на пратениците со цел да доставуваат подобри истражувања на медиумите и законодавна поддршка на пратениците во Македонското собрание.

**Ноември 2010 година – истражување на јавното мислење за работата на Македонското собрание**

Во средината на ноември 2010 година WFD во соработка со Институтот за демократија и солидарност Civilis Societas организираше истражување на јавното мислење за работата на Македонското собрание. Слична анкета се спроведе и во јуни 2009 година со истата цел – мерење на јавното мислење за работата на Собранието со што пратениците ќе се здобијат со квантитативни и квалитативни податоци за влијанието на собраниските реформи врз мислењето на јавноста.

**Ноември 2010 година - недела на пракса и менторство за помладите вработени во собраниските служби**

Како наредни активности на обуката за помладиот собраниски персонал кој учествуваше на работилниците за работењето во собраниската служба во март 2010 година, обучувачите од

катедрата за политички науки на Правниот факултет во Скопје организираа средби со персоналот, ги ревидираа нивните лични акциски планови за искористување на научените вештини и организираа фокус-групи за да се дознае повеќе за напредокот и пречките со кои се соочува персоналот при спроведувањето на знаењата (know-how) стекнати на обуките.

**26 Ноември - Работилница за отчетност пред граѓаните и гласачите**

На 26 ноември 2010 година ВФД организираше еднодневна работилница на тема: Отчетност пред граѓаните и гласачите. Учество на оваа работилница зедоа координаторите на пратеничките групи, нивните заменици и претседателите и потпретседателите на Комисиите и членовите на Буџетскиот совет. Целта на оваа работилница беше да се презентираат британските искуства за тоа како пратениците ја планираат својата работа и се отчетни пред своите гласачи и граѓаните, како и да овозможат фацилитирање на дискусија меѓу македонските пратеници за моменталната состојба во Собранието во однос на отчетноста пред гласачите и граѓаните и начините на кои може да се подобри.

**Декември 2010 - Работилница за собраниски персонал - работење во собраниска служба – студиска посета на Британскиот парламент**

На почетокот на Декември 2010 година, WFD во соработка со Канцеларијата за надворешна соработка на Долниот Дом на Британскиот Парламент, организираше студиска посета за службеници од Собранието на Република Македонија. Студиската посета овозможи службениците да се запознаат поблиску со следните теми: Медиуми и комуникациски услуги – каде што се разгледуваше на кој начин Комисиите комуницираат со медиумите и надворешната комуникацијата на Парламентот со Медиумите; Човекови ресурси – се разгледуваа практите на вработување на службеници во Британскиот Парламент, нивно воведување во работата, развој на кариера и обуки, и проценка на работењето; Внатрешни публикации на Британскиот Парламент; Внатрешна ревизија и како таа се изведува во Парламентот; Работата на библиотеката – организациската структура и начинот на работа; Работата на комисиите – со посебен акцент на Комисијата за Европски Надзор, како и Комисијата за Јавни сметки; и Единицата за надзор – во која се надгледуваат трошењата на Парламентот и на Владата.

**Декември 2010 - Обука за внатрешна ревизија за собранискиот персонал**

Кон крајот на декември 2010 Вестминстер Фондацијата за Демократија, заедно со Центарот за економски анализи и со Собранието на РМ организираше еднодневна обука за внатрешна ревизија. Учесниците на оваа обука се запознаа со функционирањето на внатрешната ревизија во службата на Собранието на РМ и јавните набавки во контекст на внатрешна ревизија. Обучувачи на оваа работилница беа службеници од Собранието РМ кои работат на горенаведените теми.

## 10.2. Активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

**18 февруари 2010** – одржана е работна средба на претседателот Трајко Вељаноски со конгресменот од САД Ерл Померој и амбасадорот на САД Филип Рикер

**18 февруари 2010** – со поддршка на НДИ одржана е првата надзорна расправа од страна на Комисијата за надворешна политика предводена од Теута Арифи на тема Имплементација на Договорот за соработка меѓу Владата на земјата примач (Република Македонија и Владата на земјата испраќач (САД) во врска со економска, техничка и друга помош. На надзорната расправа свои искази дадоа заменик-претседателот на Владата одговорен за економски прашања Владимир Пешевски и министерот за образование Никола Тодоров, како и конгресменот од САД Ерл Померој, американскиот амбасадор Филип Рикер и директорот на УСАИД Мајкл Фриц.

**18 февруари 2010 –** одржана е панел дискусија на тема "Законодавно истражување ингереции на персоналот, услуги и продукти". Панелисти беа конгресменот од САД Ерл Померој, Џон Лис, директор на персоналот во Демократското партнерство на Домот (ХДП), Рејчел Лиман, член на персоналот во ХДП. Учество земаа сите членови на Управувачкиот совет на Парламентарниот институт. Фокус на дискусијата беше Истражувачката служба на Конгресот (ЦРС) и како таа се користи од страна на конгресмените и персоналот на Конгресот.

**Март 2010** - во пресрет на националната научна конференција „Одговорност и претставување - отворени или затворени листи? " (Скопје, 23 март 2010) НДИ спроведе анонимна анкета меѓу пратениците преку доставување прашалници до сите 120 избрани претставници. Сто и два пратеника анонимно одговорија на прашалникот, а сумарните резултати беа презентирани на самата научна конференција.

**12 март 2010** – продолжение на првата надзорна расправа од страна на Комисијата за надворешна политика на тема Имплементација на Договорот за соработка меѓу Владата на земјата примач (Република Македонија и Владата на земјата испраќач (САД) во врска со економска, техничка и друга помош. Пред комисијата свои искази дадоа министерот за надворешна политика Антонио Милошоски и министерот за економија Фатмир Бесими. Понатаму, после неколку недели, комисијата подготви извештај коишто позитивно и успешно ја оцени имплементацијата на договорот со препорака да продолжи и понатаму.

**12 април 2010** – со поддршка на НДИ е одржана втората надзорна расправа од страна на Комисијата за транспорт, врски и екологија на тема „Депонии и собирање на отпад, преглед на надлежностите на Владата на Република Македонија и на општините, со посебен осврт на регионалната депонија "Русино". На надзорната расправа свои искази дадоа министерот за животна средина и просторно планирање Нeџати Јакупи, градоначалниците на Тетово, Гостивар, Желино, Теарце, Врапчиште, Боговиње, Маврово и Ростуше, Брвеница, Јегуновце, претседателот на Комисијата за рамномерен регионален развој во ЗЕЛС, претседателот на Комисија за комунални дејности во ЗЕЛС, Комисијата за заштита на животната средина во ЗЕЛС, претставник на УСАИД проектот за рециклирање на пластика, претставник на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, претставник на АДКОМ – Здружение на комунални служби, претставник на комуналното претпријатие "Тетова" – Тетово, претставник на Државниот инспекторат за животна средина, претставник на МЦМС.

**15 до 19 март 2010** – Двајца членови на Управувачкиот совет (Кенан Хасипи и Флора Кадриу), учествуваа во студиската посета на три европски парламенти (Австрија, Словачка и Унгарија). Да проследат и споредат разновидни алатки и структури за истражување со кои располагаат парламентите на Австрија, Унгарија и Словачка. Преку искуствата на различните парламенти, учесниците имаа можност да дискутираат за организацијата на парламентарните истражувачки услуги (сервиси), целната група на истражувањето, улогите и одговорностите на парламентарните истражувачки центри, типичните продукти на истражувањето, и процесот на развој на истражувачки центри или механизми, вклучувајќи ја и употребата на технологијата.

**4 до 6 мај 2010** - Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, Жарко Денковски, пратеникот Јован Манасијевски претседател на Комисијата за финансирање и буџет, и пратеникот Оливер Деркоски член на Буџетскиот совет, учествуваа на Регионалната работилница за парламентарен надзор на државниот буџет во Црна Гора организирана под покровителство на НДИ и Иницијативата за законодавно зацврстување на Западен Балкан, каде што учествуваа сите држави од Западен Балкан како и претставници од земјите на Вишеградската група (Полска, Чешка, Словачка и Унгарија).

**7 мај 2010** - НДИ го поддржа Собранието во организирање на Отворен ден на Собранието на Република Македонија. Граѓани од цела Македонија беа превезени до Скопје преку канцелариите за комуникација со граѓаните во Охрид, Струга, Гостивар, Тетово, Битола, Радовиш, Штип и Струмица. Координаторите на пратеничките групи и пратениците се сретнаа со граѓаните и ги придружуваа на тури низ зградата на Собранието.

**10 мај 2010** – НДИ организираше еднодневна работилница со експерт за човечки ресурси од Северна Ирка, Пол Мекалион. Целта на работилницата беше да се разгледаат и адаптираат описите на работните места на персоналот на Парламентарниот институт подготвени од страна на експертот врз основа на 14 меѓународни стандарди за човечки ресурси усвоени од Владата на РМ. Претставници на НДИ, ИПД и Собранието учествуваа во работата.

**11 мај 2010** – одржана е работна средба на Претседателството на Клубот на пратенички од Собранието на Република Македонија со претставнички од Клубот на пратенички од Собранието на Косово на која отпочна и формална соработка, но исто така беа разменети и различните искуства на двата клуба.

**28 мај 2010** – одржана е работна средба на претседателот на Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права при Собранието на Република Македонија, Весна Бендевска со група млади активисти Роми на која таа ги информираше за посебниот карактер на Комисијата и можностите за индивидуални претставки до истата, како и за состојбата со некои од горливите прашања на Ромите во Република Македонија и залагањата на Комисијата за истите.

**31 мај 2010** - одржана е консултативна и подготвителна средба со Комисијата за култура во пресрет на одржувањето на надзорната расправа за Имплементацијата на Законот за спонзорства и донации.

**1 до 4 јуни 2010** – со поддршка на НДИ е одржана третата надзорна расправа од страна на Комисијата за култура на тема „Имплементацијата на Законот за спонзорства и донации". На надзорната расправа свои искази дадоа министерот за правда Михајло Маневски, министерот за култура Елизабета Канчевска Милевска, министерот за образование Никола Тодоров, Директорот на УЈП, претставник од Министерството за финансии, директорот на Агенцијата за млади и спорт, директорот на Македонска филхармонија, директорот на Македонската опера и балет, градоначалниците на општина Битола и Чаир, претставник од Кошаркарската федерација на Македонија, претставник од фондациите на Македонски телеком, Т-мобиле и Аполонија, претставници на граѓанските здруженија Конект, Цира и Мост, директорот на фестивалот Охридско лето, директорот на Албанскиот театар во Скопје, претставник од Претпријатието "Ренова", претставници од Друштвото на ликовни уметници и филмски работници. После неколку недели, Комисијата подготви извештај со свои заклучоци и препораки којшто беше доставен до сите владини и други учесници во расправата за подобрување на постојниот закон.

**6 до 12 јуни 2010** – Генералниот секретар на Собранието, Жарко Денковски и шефот на Кабинетот на претседателот на Собранието, Марјан Маџовски, учествуваа на меѓународната конференција поддржана од Демократското партнерство на Домот на тема „Развивање и зајакнување на законодавното истражување", која се одржа во Варшава, Полска. Конференцијата вклучуваше претставници на парламентите од Македонија, Косово, Либерија, Словачка, Полска, Хаити, Чешка, Албанија, Авганистан и Бугарија.

**12 до 14 септември** - НДИ ја поддржа и учествуваше на првата меѓународна конференција за е-Демократија одржана во Охрид, а под покровителство на Собранието на Република Македонија, на која учествуваа претседателот, потпретседателите и генералниот секретар на Собранието,

како и претставници од парламентите, владите и службените весници на балканските земји и пошироко.

**17 септември 2010** - НДИ ја поддржа Комисијата за транспорт, врски и екологија во организацијата на брифинг за членовите на комисијата за новата законска иницијатива за управување со електронски отпад. Експерти од Британската организација Компјутер аид и невладината организација Фондација Метаморозис ги споделија компаративните искуства на другите земји на ЕУ и во регионот. На расправата присуствуваа и претставници од Министерството за животна средина.

**7 до 8 октомври 2010** – одржани се консултативни работни состаноци со координаторите на пратеничките групи и советниците во пратеничките групи со цел утврдување на потребите за креирање на програма за едногодишна континуирана обука на советниците.

**8 октомври 2010** - НДИ организираше брифинг на претседавачите на Интер-партиската парламентарна група за подобрување на правата на луѓето со попреченост на која се разговараше за потребата на ратификација на Конвенцијата на ОН за лицата со попреченост. Брифингот кој се одржа на маргините на Европската конференција за правата на луѓе со попреченост која се одржа во Македонија за прв пат во рамкитњ на Македонското претседателство со Советот на Европа. На истиот присуствуваа невладината организација Порака, и претставници од Европската комисија, Советот на Европа и Обединетите нации, како и Министерството за труд и социјална политика.

**20 октомври 2010** - НДИ организираше тренинг на група невладини организации на тема "Како подобро да го разбереме собранието и пратениците" на која учествуваа пратениците Васко Шутаров  и Весна Бендевска.

**21 октомври 2010** – со поддршка на НДИ одржана е четвртата надзорна расправа од страна на Комисијата за политчки систем и односи меѓу заедниците на тема "Имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер". На надзорната расправа свои искази дадоа министерот за правда Михајло Маневски, претседателот на Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Јанко Николовски, претставници од општина Ѓорче Петров, Основен суд 2 Скопје, Народниот правобранител, Управата за имотно-правни работи, Државниот правобранител Оливера Китановска, претставници од Фондацијата Институт отворено општество, Младинскиот образовен форум, Македонскиот институт за медиуми, Метаморфозис и Здружението на млади правници.

**22 октомври 2010** - НДИ ја поддржа организацијата на неформален брифинг меѓу невладината организација Младински образовен форум (МОФ) и претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт и членовите на комисијата Славица Грковска и Виолета Ташева, на тема "Состојбите со студентското организирање во Македонија".

**2 ноември 2010** – со поддршка на НДИ одржана е петтата надзорна расправа од страна на Комисијата за труд и социјална политика на тема "Имплементација на правната рамка на Република Македонија со која се обезбедува имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за заштита на правата на детето". На надзорната расправа свои искази дадоа министерот за правда Михајло Маневски, министерот за труд и социјална политика Џелил Бајрами, министерот за образование Никола Тодоров, министерот за здравство Бујар Османи, претставници од канцеларијата на Народниот правобранител, првата детска амбасада Меѓаши, младинската коалиција Сега како и правни експерти.

**3 до 6 ноември 2010** – Ермира Мехмети, претседател на собраниската Комисија за локална самоуправа и Никола Ќуркчиев, претседател на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство учествуваа на тридневната конференција организирана под покровителство на НДИ и Иницијативата за законодавно зацврстување на Западен Балкан, на тема "Парламентарен надзор на владата" каде што учествуваа претставници од сите парламенти и влади од Западен Балкан и претставници од земјите на Вишеградската група (Полска, Чешка, Словачка и Унгарија).

**8 до 10 ноември 2010** – Првата средба на Советодавниот одбор на Парламентарниот институт се одржа во Собранието на РМ. Советодавниот одбор вклучува претставници на парламентите на Словачка, Чешка и Швајцарија, претставници на СДЦ, НДИ и ИПД, три преставници на Собранието на РМ (тројцата потпретседатели на Собранието), претставници на УСАИД, Британската Амбасада и Мисијата на Европската унија. За време на средбата, дискусиите се фокусираа на вработувањето на персоналот на Парламентарниот институт, привлекувањето на добри кадри, обука на кадрите и нивно стручно усовршување, парламентарни ресурси за библиотека, обука и човечки ресурси.

**25 до 26 ноември 2010** – одржана е дводневна обука за советниците од пратеничките групи на тема "Обезбедување ефективна поддршка на пратениците".

**11 до 18 декември 2010** – во соработка и координација со НДИ и со покана од Комисијата за демократско партнерство на Конгресот на САД, раководителот на Секторот за работни тела, Маја Ермилова Левкова и советникот на Комисијата за култура, Владимир Наумоски учествуваа на обуката „Зајакнување на улогата на комисиите во законодавството" во Конгресот на САД во Вашингтон ДЦ.

**24 декември 2010** – одржана е прва редовна месечна обука за советниците од пратеничките групи на тема "Како да ги користите ресурсите од граѓанскиот сектор".

# 10.3. Активности на Канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

КАНЦЕЛАРИЈА
ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи
И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

**Јануари 2010 - Април 2010**

Граѓанската асоцијација МОСТ беше имплементирачки партнер на Вестминстерската фондација за демократија (WFD) на проектот "Јакнење на капацитетите на Собранието на РМ". Во рамките на проектот, граѓанската асоцијација МОСТ, по барање на пратениците во Собранието, подготвуваше компаративни анализи на определени предлог закони поднесени до Собранието на РМ.

**7 Мај 2010**

Собранието на Република Македонија, во соработка со граѓанската асоцијација МОСТ и Националниот демократски институт (НДИ) ја организираше манифестацијата "Отворен парламент". Во рамките на истата беа организирани посети на средношколци во Собранието, при што 600 граѓани имаа можност да го посетат Собранието. Беше организирана и дебата на тема: "Кон отворен и транспарентен дијалог меѓу Собранието на РМ и граѓанскиот сектор". На дебатата учествуваа пратеници и претставници од граѓанските организации.

**18 јуни 2010**

Граѓанската асоцијација МОСТ организираше конференција на тема: "Институционални механизми за соработка меѓу Собранието и граѓанскиот сектор во Република Македонија", чија главна цел беше да придонесе кон воспоставување на институционални механизми за соработка меѓу Собранието и граѓанскиот сектор во РМ. Конференцијата беше поддржана од Собранието на РМ и финансирана од Амбасадата на Кралството Холандија во РМ и на неа беа поканети и присуствуваа пратеници од Собранието на Република Македонија, вработени во службите на Собранието, како и претставници од граѓанските организации и меѓународната заедница.

**Мај 2010 - Декември 2010**

Граѓанската асоцијација МОСТ, во рамките на проектот е-Собрание, пружа техничка помош при подготвувањето на електронските верзии на стенограмите од поранешните мандати на Собранието, кои се закачуваат на интернет страницата на Собранието.

# 11. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 11.1.ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието.*

*Согласно со овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата, така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

1. *генерален секретар;*
2. *заменик на генералниот секретар;*
3. *сектори и*
4. *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори и две посебни организациони единици - одделенија за извршување на обврските утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

*На Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието донесени се два правилника за изменување и дополнување и тоа едниот на 24.02.2009 година број 01-1171/1 избришани се две одделенија во Секторот за работните тела под број 5/И и 5/Ј , а вториот на 24.12.2009 година број 01-4866/8 донесени се следниве измени: Во Секторот на генералниот секретар статуирани се две нови одделенија – Одделение за поддршка на работата на потпретседатели на Собранието и Одделение за поддршка на работата на пратеничките групи*

*Врз основа на Законот за внатрешна јавна финансиска контрола извршени се измени во Секторот за финансиски и економски прашања кој согласно со одредбите од наведениот Закон се преименува во Сектор за финансиски прашања со четири одделенија.*

*Врз основа на членот 42 од Законот за Собрание на Република Македонија статуиран е нов Сектор-парламентарен институт со две одделенија, како истражувачки центар кој на пратениците им обезбедува навремени, објективни и независни стручни истражувања и анализи за извршувањето на пратеничката функција. Управување и надзор над работата на Парламентарниот институт врши Управувачки совет. Парламентарниот институт за своето работење доставува годишен извештај до Управувачкиот совет и до претседателот на Собранието.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието,

односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со пет одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар, врши: нормативно правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство, вршење на аналитички, советодавни и стручни работи за потребите на потпретседателите на Собранието, остварување соработка со министерства и други државни органи, изготвува текстови на закони, други акти и амандмани за пратеничка група, врши анализи на предлози на закони и други акти.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието - законодавната. Составен е од единаесет одделенија врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела, односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори, односно одделенија и по барање на европските парламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска

со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции е новина во систематизацијата и со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог-годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

Сектор-Парламентарен институт со две одделенија врши: анализирање, собирање и обработка на информации за законите и тематските прашања кои се разгледуваат на седниците на Собранието и работните тела; организирање и водење на истражувачката библиотека и комуникација со Глобална законодавна информативна мрежа "ГЛИН", "ЕЦПРД" и други сродни меѓународни мрежи, подготвува материјали и воведни инструкции за улогата и функционирањето на Собранието на Република Македонија за новизбраните пратеници.

## 11.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### *ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

Улогата на внатрешната ревизија е да даде поддршка на раководителите во субјектот од јавниот сектор за остварување на целите на субјектот преку:

а) изработка на стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија врз основа на објективна процена на ризик, како и извршување на одделни внатрешни ревизии согласно со усвоените ревизорски планови и

б) процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, проценка и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос на:

- усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори,
- веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните информации,
- безбедноста на имотот и информациите и
- извршувањето на задачите и остварувањето на целите;

в) давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури и

г) мониторинг на спроведувањето на мерките преземени од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршените ревизии.

### ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

Одделението за внатрешна ревизија секоја година изготвува годишен план за извршување на внатрешната ревизија согласно со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и стратешкиот план на Оддлението за внатрешна ревизија и кој го донесува раководителот на Одделението за внатрешна ревизија по добиена согласност од генералниот секретар на Собранието на РМ.

Согласно со планот за извршување на внатрешна ревизија за 2010 година во Оддлението за внатрешна ревизија беа планирани пет ревизии, и тоа:

1. Ревизија на усогласеност (регуларност) при службените патувања во земјата (од 16 јануари до 28 февруари 2010);
2. Ревизија на системот на внатрешна контрола при изговување на Предлог-буџетското барање на Собранието на РМ (од 30 март до 30 април 2010);
3. Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ (ИПА) (од 01 мај до 30 јуни 2010);
4. Ревизија на системот на внатрешна контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на Собранието на РМ (од 01 јули до 30 септември 2010) и

5. Ревизија  на системот на внатрешна контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на работните тела на Собранието на РМ (од 01 октомври до 25 декември 2010 година).

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

### 1. Ревизија на усогласеност (регуларност) при службените патувања во земјата (од 06 јануари до 15 февруари 2010)

Ревизија на усогласеност (регуларност) при службените патувања во земјата беше реализирано согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2010 година.

Целта на ревизијата беше  да се увериме дали работењето во процесот при службените патувања во земјата  е во согласност со законите, подзаконските и интерните акти што се во сила и да се дадат препораки до менаџментот на Собранието за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За горенаведената ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-889/2 од 08 март 2010 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

### 2. Ревизија на системот на внатрешна контрола во преоцесот при изговување на Предлог-буџетското барање на Собранието на РМ (од 1 март до 25 април 2010)

Ревизијата на системот на внатрешна контрола во процесот  при изговување на Предлог-буџетското барање на Собранието на РМ беше реализирано согласно со годишниот план за внатрешната ревизија за 2010 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување  на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на  системот  на внатрешната контрола во процесот при изговување на Предлог-буџетското барање на Собранието на РМ и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За ова ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр.40-1892/3 од 13 мај 2010 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

### 3. Ревизија на системот на внатрешна контрола при користење на средствата од инструментот за предпристапна помош на ЕУ (ИПА) (од 1 мај до 18 јуни 2010)

Ревизијата на системот на внатрешна контрола при користење на средствата од инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) е реализирано согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2010 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешната контрола при користење на средствата од инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За оваа ревизија е изготвен конечен ревизорски извештај со бр. 40-1981/3 од 19 јули 2010 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

### 4. Ревизија на системот на внатрешна контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на Собранието на РМ (од 1 јули до 20 септември 2010)

Ревизија на системот на внатрешна контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на Собранието на РМ е реализирано согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2010 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешната контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на Собранието на Република Македонија.

За ова ревизија е изготвен Конечен ревизорски извештај со бр. 40-1981/4 од 27.10.2010 година и истиот е доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и до организационите единици на Службата на Собранието кои беа вклучени во процесот.

### 5. Ревизија на системот на внатрешна контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на работните тела на Собранието на РМ (од 14 октомври до 25 декември 2010)

Ревизија на системот на внатрешна контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на работните тела на Собранието на РМ е реализирано согласно со годишниот план за внатрешна ревизија за 2010 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на менаџментот на Собранието на Република Македонија за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешната контрола при планирање, организирање и реализирање на седница на работните тела на Собранието на РМ.

За ова ревизија е изготвен Нацрт-ревизорски извештај и истиот е во тек на разгледување во ревидираните организациони на Службата на Собранието.

## 11.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Со цел Службата на Собранието на Република Македонија да може ефективно да ги спроведе стручните и другите работи за потребите на Собранието, работните тела и пратениците, вработените треба добро да ја извршуваат својата работа и таа да биде на високо ниво.

Собранието на Република Македонија ја цени важноста на вработените во Службата и една од стратешките цели на Собранието е унапредување и развој на Службата.

Собранието има витална улога во претставувањето на интересите на граѓаните, во изготвувањето, надгледувањето и донесувањето на законите, како и обезбедување надзор на извршната власт. Имајќи предвид дека ефективните парламенти се основа на демократијата, неопходно е пратениците да добијат поддршка од страна на професионална и непристрасна парламентарна служба. Оттука произлегува и оправданоста и потребата за континуирано инвестирање во капацитетите на парламентарните државни службеници.

**Воведување на стандарди за управување со човечки ресурси**

Службата на Собранието на Република Македонија со поддршка на Вестминстер фондацијата за демократија, од ноември 2009 година, беше вклучена во пилот фазата за воведување на Стандардите за управување со човечки ресурси во рамките на проектот "Градење капацитети за ЕУ интеграција", поддржан од британската програма - Стратешки програмски фонд – СПФРЕ.

Во овој проект се вклучени десет пилот институции и тоа: Министерство за внатрешни работи (МВР), Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Министерството за финансии (МФ), Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерството за правда (МП), Собранието на Република Македонија, Секретаријатот за законодавство (СЗ), Секретаријатот за европски прашања, Агенцијатата за државни службеници (АДС) и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (ГС).

Секоја институција вклучена во проектот за воведување на Стандардите има номинирано координатор на проектот, кој беше дел од работната група која работеше на преточување на стандардите во Упатства кои како интерни акти треба да се донесат во институциите и кои имаат за цел зголемување на продуктивноста и ефикасноста на вработените во државната администрација, преку зацврстување на системи за раководење, делегирање на надлежности и одговорности, следење на перформансите на вработените и обезбедување можности за професионален и кариерен развој.

Работната група подготви осум упатства и тоа:

- Упатство за подготвување на Стратешки план и Балансирана картичка на резултати,
- Упатство за воведна обука и менторство,
- Упатство за индивидуален развој на државните службеници,
- Упатство за обука и стручно усовршување на државните службеници,
- Упатство за делегирање на задачи,
- Упатство за боледување,

- Упатство за внатрешна комуникација и
- Упатство за излезно интервју.

Имплементирањето на Стандардите за управување со човечки ресурси е дел од реформата на јавната администрација чија цел е професионална, ефикасна, политички неутрална и етична државна служба. Со овие стандарди во фокусот на вниманието се вработените како најдрагоцен капитал на секоја институција.

Со цел за промовирање на стандардите за управување со човечки ресурси и запознавање со упатствата кои треба да се донесат во Собранието, од 15 до 17 јули 2010 година, во организација на Вестминстер фондацијата за демократија се одржа работилница на тема "Стандардите за управување со човечки ресурси". Оваа работилница беше наменета за раководните државни службеници од Службата на Собранието, при што тие имаа можност да дадат и свои забелешки околу упатствата од аспект на нивната примена, бидејќи раководителите на организационите единици се тие кои треба да ја организираат и раководат работата на своите вработени.

Упатствата беа прифатени од страна на раководителите како алатки кои ќе им го олеснат и стандардизираат раководењето со вработените.

Како заклучоци од Работилницата произлегоа:

-продолжување со активностите поврзани со имплементација на стандардите за управување со човечки ресурси,

-формирање на работна група, која со поддршка од меѓународен експерт од Северна Ирска, г. Пол Мек Калион (обезбеден преку ВФД), ќе работи на развивање на Стратегија за управување со човечки ресурси, како и на прирачник/упатство за стратешко планирање и

-реализирање на обуки за буџетско планирање за раководителите на организационите единици во Службата на Собранието од страна на ВФД.

## Развивање на Стратегија за управување со човечки ресурси

Во септември 2010 година се формира Работната група за развивање Стратегија за управување со човечки ресурси, составена од раководните државни службеници од Службата на Собранието. Првиот работен состанок на Групата формирана за развивање на Стратегијата за управување со човечки ресурси со експертот од Северна Ирска беше одржана во ноември 2010 година, што резултираше со нацрт-стратегија за УЧР. Оваа нацрт стратегија е во пилот фаза и се очекува да се финализира до крајот на март 2011 година, а истата би се однесувала за периодот од 2012 година.

## Подготовка на годишна програма за обука и стручно усовршување на државните службеници во Службата на Собраниет за 2011 година

Одделението за УЧР, врз основа на Секторските планови за процена на обуките потребни за зголемување на потенцијалите, знаењата и вештините на вработените, во септември 2010 година подготви Годишна програма за обуки и стручно усовршување на државните службеници од Службата на Собранието на Република Македонија за 2011 година, која доби позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници.

Во Годишната програма за обука и стручно усовршување на државните службеници во Службата на Собранието се содржани активностите кои ќе им помогнат на вработените да го развијат својот потенцијал, да ги подобрат своите вештини и знаења, како и да добијат поголемо задоволство од својата работа. Професионалниот развој на стручните потенцијали е компонента на системот за управување со работна перформанса, стратегијата за кариерен развој и задржување на стручните кадри со кои располага Службата на Собранието. Обуката на трите категории државни службеници е потребна за градење на расположливите човечки потенцијали, надградба и проширување на нивните базични знаења, вештини и стручност.

Процесот на обука во Службата на Собранието се одвива континуирано врз принципите на транспарентност, фер и еднаква основа. Програмата се базира на индивидуалните и организациски цели и потреби кои се претставени преку различни тематски единици за обука.

**Реализирани обуки во 2010 година**

Одделението ја координираше и следеше реализацијата на обуките кои се реализираа во 2010 година и во овој период се реализирани повеќе специјализирани и генерички обуки.

***Реализирани специјализирани обуки во 2010 (184 учесници)***

**1. Во рамките на тригодишниот проект на Вестминстер фондацијата за демократија, беа одржани обуки за вкупно 112 парламентарни службеници на следниве теми:**

-Финансиски надзор -12 учесници,
-Внатрешна и надворешна комуникација на Парламентот -12 учесници,
-Работа во парламентарната служба - 25 учесници,
-Обука за раководни државни службеници за Стандарди за управување со човечки ресурси -12 учесници,
-Работилница за развивање на Стратегија за УЧР со поддршка од меѓународен експерт -13 учесници,
-Студиска посета во Северна Ирска -еден учесник,
-Обука за внатрешна ревизија -15 учесници,
-Студиска посета за четворица раководни службеници во Британскиот парламент и
-Работилница за асистентите на ПГ -18 учесници.

**2. Во рамките на TAIEX програмата беа реализирани две студиски посети и една регионална работилница ( вкупно 11 службеника) и тоа:**

-Студиска посета на Парламентот на Словачката Република - тројца учесници,
-Студиска посета на Германскиот Бундестаг во Берлин, Сојузна Република Германија - тројца учесници и
-Регионална работилница на TAIEX за улогата на парламентите во приговорите со Европската унија што се одржи во Брисел, Кралството Белгија - пет учесници.

**3. Семинари во организација на Советот на Европа (вкупно тројца учесници):**

-Семинар на тема "Меѓурегионална соработка: промоција на демократска стабилност и развој" во Трст, Италија - еден учесник,
-Семинар на тема: "Улогата на демократијата и правото" во Стразбур, Франција - еден учесник и
-Семинар на тема: "Заштита и промоција на човекови праваг, Стразбур, Франција - еден учесник.

**4. Во организација на Европскиот парламент реализирана обука за 24 службеници и тоа:**

-Семинар на тема: "Овластувањето на парламентите во донесувањето и надгледувањето на буџетот", во Брисел, Белгија - тројца учесници,
-Студиска посета за запознавање на Европските институции во Брисел - 15 учесници,
-Семинар за "Јавна администрација и судството во земјите од Западен Балкан" - четворица учесници и
-Семинар на тема: "Парламентарни буџетски надлежности" во Брисел, Белгија - двајца учесници.

**5. Семинари во организација на ЕЦПРД (вкупно пет учесника)**

-Семинар на тема "Трета генерација парламентарни веб страници" , во Хаг, Холандија - еден учесник,
-Семинар на тема "Искуствата од актуелната финансиска и економска криза: улогата на парламентарното истражување" Париз, Францускaта Република - еден учесник,
-Семинар од областа на библиотеките, истражувањето и архивите "Услуги што парламентарните библиотеки и архиви ги обезбедуваат за јавното мислење", Атина, Грција - еден учесник,
-Годишна конференција на ЕЦПРД кореспонденти, Анкара, Турција - еден учесник и
-Семинар на тема "Сегашноста и иднината на е-парламентарните услуги, техологии и интерпарламентарната соработка", Букурешт, Романија - еден учесник.

**6. Во организација на НДИ (вкупно 25 учесници)**

-Меѓународна конференција поддржана од Демократското партнерство на Домот на тема „Развивање и зајакнување на законодавното истражувањег, Варшава, Полска - двајца учесници,
-Обука на тема: *„Зајакнување на улогата на комисиите во законодавството*" во Конгресот на САД во Вашингтон ДЦ. Обуката е реализирана во соработка и координација со НДИ, ИРИ и со покана од комисијата за Демократско партнерство на Конгресот на САД - двајца учесници,
-Обука на тема "*Буџетска анализа*" во Конгресот на САД во Вашингтон ДЦ. Обуката е реализирана во соработка и координација со НДИ, ИРИ и со покана од комисијата за Демократско партнерство на Конгресот на САД - двајца учесници,
-Дводневна обука за советниците од пратеничките групи на тема: Обезбедување ефективна поддршка на пратениците - 18 учесници и
-Работилница со експерт за човечки ресурси од Северна Ирска, Пол Мекалион - еден учесник.

**7. Во организација на ОБСЕ (вкупно четворица учесници)**

-Семинар на тема "Парламентарен буџет и финансии" во Будва, Република Црна Гора - двајца учесници и

-Семинар на тема "Односи помеѓу парламентите и независните тела", Тирана, Албанија - двајца учесници.

***Реализирани генерички обуки во 2010 (26 учесници)***

Покрај специјализираните обуки, 26 државни службеници од Службата на Собранието учествуваа и на генеричките обуки реализирани преку Агенцијата за државни службеници и тоа на следниве теми:

-Антикорупциски мерки и етика во државна служба - еден учесник,

-Системот на јавната администрација и државната служба во Република Македонија -11 учесници,

-Вовед во Е-Влада - еден учесник,

-Конзистентна примена на законот за јавни набавки - двајца учесници,

-Доследна примена на Законот по општа управна постапка - двајца учесници,

-Постапување по преставките и предлозите и нивната евиденција -тројца учесници,

-Постапување по прописите за канцелариско работење - еден учесник,

-Управување со проектен циклус - еден учесник,

-Развивање на управувачките способности на раководни државни службеници - еден учесник,

-Регистар на државни службеници - двајца учесници и

-Постапка за селекција и вработување на државни службеници - еден учесник.

**Подготовка на Годишниот план за за правична застапеност на заедниците за 2011 година**.

Исто така Одделението за УЧР, подготви и Годишен план за правична застапеност на заедниците за 2011 година.

| | Број | Процент од вк. Број на вработени | пол | | раководни дс | стручни дс | стручно-администра тивни дс | други вработени без статус на дс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | машки | женски | | | | |
| Македонци | 181 | 74,49 | 62 | 119 | 42 | 68 | 71 | 25 |
| Албанци | 51 | 21 | 26 | 25 | 12 | 25 | 14 | 4 |
| Турци | 3 | 1,29 | / | 3 | 1 | / | 2 | / |
| Роми | 1 | 0,43 | / | 1 | / | 1 | / | / |
| Власи | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Срби | 4 | 1,72 | 1 | 3 | / | 2 | 2 | 1 |
| Бошњаци | 2 | 0,86 | / | 2 | / | 1 | 1 | / |
| Останати | 1 | 0,43 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| Вкупно | 243 | 100% | 89 | 154 | 56 | 97 | 90 | 30 |

Во табелата се прикажани податоците за вкупниот број на вработени во Службата, структурата на државните службеници според етничката припадност, процентуалната застапеност на заедниците, половата структура на државните службеници, класифицирани по групи на државни службеници на крајот на 2010 година. Во табелата се опфатени и извршителите на работни задачи кои немаат статус на државни службеници.

| ***Назив на секторот*** | **вкупен број на вработени во сектор** | ***Државни службеници*** | | | ***работници кои не се државни службеници*** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ***рако-водни*** | **стручни** | **стручно-админис-тративни** | |
| *Генерален секретар и заменици на генерален секретар* | ***4*** | - | - | - | *4* |
| *Кабинет на претседателот на Собранието* | ***9*** | *2* | *6* | *1* | - |
| *Сектор на генералниот секретар* | ***13*** | *4* | *3* | *6* | - |
| *Државни советници* | ***9*** | *9* | - | - | - |
| *Законодавно правен сектор* | ***12*** | *4* | *7* | *1* | - |
| *Сектор за седници на Собранието* | ***13*** | *5* | *6* | *2* | - |
| *Сектор за работни тела на Собранието* | ***44*** | *5* | *38* | *1* | - |
| *Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација* | ***19*** | *5* | *13* | *1* | - |
| *Сектор за меѓународна соработка на Собранието* | ***9*** | *4* | *4* | *1* | - |
| *Сектор за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции* | ***9*** | *3* | *5* | *1* | - |
| *Сектор за информатички и комуникациски технологии* | ***19*** | *3* | *6* | *10* | - |
| *Сектор за финансиски и економски прашања* | ***13*** | *1* | *1* | *11* | - |
| *Сектор за преведување* | ***12*** | *5* | *4* | *3* | - |
| *Сектор за стручни и административни работи* | ***83*** | *4* | *1* | *52* | *26* |
| *Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија* | ***4*** | *1* | *3* | - | - |
| *Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси* | ***1*** | *1* | - | - | - |
| ***ВКУПНО:*** | ***273*** | ***56*** | ***97*** | ***90*** | ***30*** |

## 11.2. Податоци од стручно-административен карактер

### Преведување

*Писмен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*




*Устен превод од македонски на албански и од албански на македонски јазик*



*Преглед на заведени акти во Деловодникот на Писарницата и Архивата*




*Преглед на испратени акти и пратки од Писарницата и Архивата*



*Изготвени стенограми во дактилобиро*




*Експедирани материјали*



***Страни на стенограм на седници на Собранието***



***ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ***

**Вкупно измножени: А4 формат: 330.872 копии**
**А3 формат: 865.828 копии**
**А4 формат печатени: 903.614 копии**



# 12. ПРИЛОЗИ

# Прилог 1

## Преглед на одржани седници

| Реден број | Седница на Собранието на Република Македонија | дата | Одржана на | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ден | час (од - до) |
| 1. | Осумдесет и трета седница | 15.09.2010 | -среда | 18,20-18,25 |
| 2. | Осумдесет и девета седница | 12.01.2010<br>03.03.2010 | -вторник<br>-среда | 11,30-16,20<br>11,30-12,00 |
| 3. | Деведесетта седница | 21.01.2010<br>08.02.2010 | -четврток<br>-понеделник | 11,30-16,20<br>11,20-18,00 |
| 4. | Деведест и прва седница п*п* | 28.01.2010 | -четврток | 11,35-18,00 |
| 5. | Деведесет и втора седница | 04.02.2010<br>08.02.2010<br>11.02.2010 | -четврток<br>-понеделник<br>-четврток | 11,20-18,00<br>13,40-18,10<br>11,25-18,20 |
| 6. | Деведесет и трета седница | 15.02.2010<br>16.02.2010<br>17.02.2010<br>12.03.2010<br>25.03.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок<br>-четврток | 11,30-18,10<br>12,15-18,00<br>11,50-20,50<br>17,55-18,00<br>11,30-15,30 |
| 7. | Деведесет и четврта седница п*п* | 25.02.2010 | -четврток | 11,35-17,55 |
| 8. | Деведесет и петта седница | 01.03.2010<br>02.03.2010<br>03.03.2010<br>04.03.2010<br>08.03.2010<br>09.03.2010<br>10.03.2010<br>12.03.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-петок | 11,35-18,00<br>11,15-17,35<br>12,00-18,05<br>11,20-17,30<br>11,30-21,05<br>11,20-18,05<br>11,55-17,50<br>15,30-17,55 |
| 9. | Деведесет и шеста седница | 10.03.2010 | -среда | 11,10-11,40 |
| 10. | Деведесет и седма седница | 11.03.2010<br>12.03.2010 | -четврток<br>-петок | 11,40-22,45<br>11,30-15,30 |
| 11. | Деведесет и осма седница | 23.03.2010<br>24.03.2010<br>25.03.2010<br>12.04.2010<br>21.04.2010 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда | 11,30-17,55<br>11,35-18,10<br>15,25-18,05<br>17,25-18,10<br>13,10-18,10 |
| 12. | Деведесет и деветта седница п*п* | 22.03.2010 | -понеделник | 11,40-17,55 |
| 13. | Стота седница | 06.04.2010<br>07.04.2010<br>08.04.2010<br>12.04.2010<br>21.04.2010 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда | 11,30-18,00<br>12,20-18,10<br>11,25-18,10<br>11,30-17,25<br>11,25-13,10 |
| 14. | Сто и прва седница | 19.04.2010<br>20.04.2010<br>21.04.2010<br>22.04.2010<br>23.04.2010<br>05.05.2010<br>06.05.2010<br>13.05.2010<br>20.05.2010<br>07.06.2010<br>16.06.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-среда<br>-четврток<br>-четврток<br>-четврток<br>-понеделник<br>-среда | 12,45-23,55<br>12,45-16,00<br>18,10-18,20<br>11,25-16,35<br>11,20-18,20<br>11,20-15,55<br>12,25-16,00<br>11,45-17,35<br>16,10-16,20<br>11,20-16,30<br>16,20-17,25 |
| 15. | Сто и втора седница | 14.04.2010 | -среда | 13,10-13,30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **16.** | Сто и трета седница п*п* | 29.04.2010 | -четврток | 11,40-18,50 |
| **17.** | Сто и четврта седница | 10.05.2010<br>11.05.2010<br>12.05.2010<br>20.05.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток | 11,30-18,20<br>11,15-18,05<br>11,45-18,05<br>11,40-16,10 |
| **18.** | Сто и петта седница п*п* | 27.05.2010 | -четврток | 11,30-18,05 |
| **19.** | Сто и шеста седница | 31.05.2010<br>01.06.2010<br>02.06.2010<br>03.06.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток | 11,35-18,05<br>12,25-18,00<br>12,15-18,05<br>11,15-16,50 |
| **20.** | Сто и седма седница | 14.06.2010<br>15.06.2010<br>16.06.2010<br>14.07.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-среда | 11,20-23,55<br>11,25-16,45<br>12,15-16,20<br>17,40-18,30 |
| **21.** | Сто и осма седница п*п* | 24.06.2010 | -четврток | 11,45-18,05 |
| **22.** | Сто и деветта седница | 29.06.2010<br>01.07.2010<br>02.07.2010<br>15.07.2010 | -вторник<br>- четврток<br>- петок<br>-четврток | 11,30-18,10<br>11,15-21,00<br>12,30-14,15<br>12,35-18,00 |
| **23.** | Сто и десетта седница | 27.07.2010<br>24.08.2010 | -вторник<br>-вторник | 11,20-17,50<br>12,30-18,15 |
| **24.** | Сто и единаесетта седница | 12.07.2010<br>13.07.2010<br>14.07.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда | 11,45-18,20<br>11,55-20,00<br>11,35-17,40 |
| **25.** | Сто и дванаесетта седница | 10.07.2010 | -сабота | 11,25-23,35 |
| **26.** | Сто и тринаесетта седница | 26.07.2010<br>28.07.2010<br>23.08.2010<br>24.08.2010 | -понеделник<br>-среда<br>-понеделник<br>-вторник | 12,45-18,05<br>11,15-18,25<br>12,25-17,15<br>12,25-12,30 |
| **27.** | Сто и четиринаесетта седница п*п | 29.07.2010 | -четврток | 11,35-18,00 |
| **28.** | Сто и петнаесетта седница | 23.07.2010<br>24.07.2010<br>07.09.2010 | -петок<br>-сабота<br>-вторник | 11,20-12,55<br>12,40-15,25<br>11,30-11,55 |
| **29.** | Сто и шеснаесетта седница | 30.07.2010 | -петок | 11,25-00,05 |
| **30.** | Сто и седумнаесетта седница | 27.08.2010<br>30.08.2010<br>31.08.2010<br>01.09.2010<br>07.09.2010<br>14.09.2010 | -петок<br>-понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-вторник<br>-вторник | 11,35-18,00<br>12,20-18,00<br>12,25-17,40<br>11,25-18,45<br>11,55-17,50<br>11,25-11,35 |
| **31.** | Сто и осумнаесетта седница | 26.08.201 | -четврток | 12,10-12,25 |
| **32.** | Сто и деветнаесетта седница | 13.09.2010<br>14.09.2010<br>15.09.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда | 11,40-18,20<br>11,35-18,30<br>12,25-18,20 |
| **33.** | Сто дваесетта седница | 30.09.2010 | -четврток | 11,40-18,30 |
| **34.** | Сто дваесет и прва седница | 04.10.2010<br>05.10.2010<br>06.10.2010<br>07.10.2010<br>08.10.2010<br>12.10.2010<br>13.10.2010<br>14.10.2010<br>15.10.2010<br>20.10.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-среда | 12,30-18,00<br>11,20-18,00<br>11,30-18,10<br>11,30-18,00<br>12,00-12,40<br>12,20-18,35<br>11,25-18,25<br>12,20-18,35<br>11,30-18,55<br>11,20-20,00 |
| **35.** | **Комеморативна седница** | **08.10.2010** | **-петок** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **36.** | Сто дваесет и втора седница | 25.10.2010 | -понеделник | 11,40-18,05 |
| **37.** | Сто дваесет и трета седница | 26.10.2010<br>27.10.2010<br>28.10.2010<br>17.11.2010<br>01.12.2010<br>11.12.2010<br>23.12.2010 | -вторник<br>-среда<br>-четврток<br>-среда<br>-среда<br>-сабота<br>-четврток | 12,25-18,00<br>11,25-17,50<br>11,25-16,35<br>11,30-11,35<br>13,00-17,10<br>15,05-16,40<br>15,45-16,05 |
| **38.** | Сто дваесет и четврта седница | 15.11.2010<br>17.11.2010<br>29.11.2010<br>01.12.2010<br>02.12.2010<br>03.12.2010<br>06.12.2010<br>07.12.2010 | -понеделник<br>-среда<br>-понеделник<br>-среда<br>-четврток<br>-петок<br>-понеделник<br>-вторник | 12,35-17,35<br>11,35-12,50<br>11,35-21,50<br>17,10-17,55<br>12,30-15,40<br>11,40-13,00<br>13,05-16,50<br>11,25-00,50 |
| **39.** | Сто дваесет и петта седница | 25.11.2010 | -четврток | 11,35-18,20 |
| **40.** | Сто дваесет и шеста седница | 14.12.2010 | -вторник | 12,15-12,55 |
| **41.** | Сто дваесет и седма седница | 30.11.2010<br>01.12.2010<br>03.12.2010<br>06.12.2010<br>20.12.2010<br>23.12.2010 | -вторник<br>-среда<br>-петок<br>-понеделник<br>-понеделник<br>-четврток | 11,20-18,00<br>11,25-13,00<br>15,10-18,30<br>12,50-13,05<br>15,15-15,55<br>15,40-15,45 |
| **42.** | Сто дваесет и осма седница | 09.12.2010<br>10.12.2010<br>11.12.2010<br>15.12.2010<br>16.12.2010<br>20.12.2010<br>23.12.2010 | -четврток<br>-петок<br>-сабота<br>-среда<br>-четврток<br>-понеделник<br>-четврток | 11,25-20,15<br>11,25-19,35<br>11,25-15,00<br>11,45-24,00<br>11,30-19,35<br>11,20-15,20<br>15,30-15,35 |
| **43.** | Сто дваесет и деветта седница | 13.12.2010<br>14.12.2010 | -понеделник<br>-вторник | 11,25-00,45<br>16,15-22,55 |
| **44.** | Сто триесетта седница | 27.12.2010<br>28.12.2010<br>29.12.2010 | -понеделник<br>-вторник<br>-среда | 11,20-18,00<br>12,15-18,15<br>11,25-17,45 |
| **45.** | Сто триесет и прва седница | 30.12.2010 | -четврток | 11,40-18,10 |
| **46.** | Сто триесет и втора седница | 23.12.2010 | -четврток | 14,20-14,35 |

# Прилог 2

## Усвоени дневни редови на седниците

**Оосумдесет и трета седница 03.12.2009 (четврток)**

**10. Дополнет предлог на закон за основање на Македонска академска истражувачка мрежа - II читање[1].**

**Осумдесет и деветта седница 12.01.2010 (вторник)**

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба - I читање;
2. Предлог на закон за јавно здравје - I читање;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција - II читање;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси - II читање;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минералните суровини - II читање;
6. Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност - II читање;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии - II читање;
8. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер - III читање;
9. Предлог на закон за изменување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство - по скратена постапка;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование - по скратена постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование - по скратена постапка;
12. Предлог на автентично толкување на членот 35 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање;
13. Барање за давање на автентично толкување на членот 260 од Законот за социјалната заштита, поднесено од пратеникот Зоран Петрески.

**Деведесетта седница 21.01.2010 (четврток)**

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Унгарија за соработка и меѓусебна помош во случај на катастрофи;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва - I читање;
4. Предлог на закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата - I читање;
5. Предлог на закон за ветеринарно медицински препарати - I читање;

[1] завршена точка од претходниот мандатен период

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасишта - I читање;
7. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи-прва фаза - I читање;
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност - I читање;
9. Предлог на закон за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија - II читање;
10. Дополнет предлог на Законот за правосуден испит - II читање;
11. Предлог на закон за изменување на Законот за личната карта - II читање
12. Предлог на закон за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговски друштва основани од Република Македонија, односно од општините или градот Скопје, по скратена постапка;
13. Извештај за работата на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;
14. Барање за давање на автентично толкување на членот 135 став 3 од Законот за здравствената заштита, поднесено од градоначалникот на општина Кочани;
15. Барање за давање на автентично толкување на членот 55-а став 3 од Законот за персонален данок на доход, поднесено од пратеникот Миле Андонов;
16. Барање за давање на автентично толкување на членот 13 став 3 од Законот за државните службеници, поднесено од пратеникот Цветанка Иванова.

**Деведесет и прва седница 28.01.2010 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Деведесет и втора седница 04.02.2010 (четврток)**

1. Предлог на декларација за поддршка на Резолуцијата на Европскиот парламент за Сребреница од 15 јануари 2009 година;
2. Предлог на одлука за избор на претседател и заменик претседател на Комисијата за верификација на факти;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави;
6. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Канада за социјално осигурување;
7. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Словачката Република за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на даноците на доход и капитал;
8. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Австралија за социјално осигурување;
9. Предлог на закон за ратификација на Сингапурскиот договор за правото на трговска марка;

10. Предлог на закон за ратификација на Виенскиот договорот за меѓународна класификација на фигуративните елементи на трговските марки;
11. Предлог на закон за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриски несреќи;
12. Предлог на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи - I читање;
13. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Првиот заем за развојна политика - ДПЛ 1 - I читање;
14. Предлог на закон за служба во Армијата на Република Македонија - I читање;
15. Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници - I читање;
16. Предлог на закон за дополнување на Законот за сопственост и други стварни права - I читање;
17. Дополнет предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - II читање;
18. Дополнет предлог на закон за јавно здравје - II читање;
19. Дополнет предлог на просторен план на Охридско-Преспанскиот регион 2005-2020 - II читање;
20. Барање за давање на автентично толкување на членот 100 став 2 од Законот за заштита на децата, поднесено од пратеникот Васко Шутаров.

**Деведесет и трета седница 15.02.2010 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Авганистан;
2. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на делекусежното пренесување загадувачки супстанции во воздухот во Европа (ЕМЕП);
3. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на испуштањето азотни оксиди или за нивно прекугранично пренесување;
4. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година во врска со натамошното намалување на емисиите на сулфур;
5. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на одбраната;
6. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Швајцарскиот сојузен совет за редовен воздушен сообраќај;
7. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување и дополнување на Договорот за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост (ТРИПС);
8. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за контрола на емисиите на испарливите органски соединенија или на нивното прекугранично пренесување;

9. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот од 1979 година за намалување на емисиите на сулфур или на нивното прекугранично пренесување најмалку за 30 проценти;
10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата - I читање;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиенталниот воздух - I читање;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци - I читање;
13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи- I читање;
14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето- I читање;
15. Предлог на закон за издавање на вредносни бонови - I читање;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита - I читање;
17. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на децата - I читање;
18. Предлог на закон за дополнување на Законот за здравствено осигурување - I читање;
19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето - I читање;
20. Предлог на закон за дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица - I читање;
21. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Советот на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи-прва фаза - II читање;
22. Предлог на закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата - II читање;
23. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва - II читање;
24. Дополнет предлог на закон за ветеринарно медицински препарати - II читање;
25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасишта - II читање;
26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, по скратена постапка.

**Деведесет и четврта седница 25.02.2010 (четврток)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе бидат поставувани пратенички прашања.

**Деведесет и петта седница 01.03.2010 (понеделник)**

1. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
2. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 100 години од раѓањето на Мајка Тереза-Гонџа Бојаџиу;

3. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 1100 години од смртта на Охридскиот чудотворец Св. Наум Охридски;
4. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 20 години од одржувањето на првите повеќепартиски избори во Република Македонија;
5. Дополнет предлог на резолуција за влијанијата на климатските промени во Република Македонија;
6. Предлог на декларација за побезбеден интернет;
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина - I читање;
8. Предлог на закон за сигурност во железничкиот систем - I читање;
9. Предлог на закон за железничкиот систем - I читање;
10. Предлог на закон за надзор на пазарот - I читање;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва - I читање;
12. Предлог на закон за земјоделство и рурален развој - I читање;
13. Предлог на закон за виното - I читање;
14. Предлог на закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) - I читање;
15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги без трансфер на пари - I читање;
16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон - I читање;
17. Предлог закон за изменување и доплнување на Законот за Царинската тарифа - I читање;
18. Предлог на закон за здруженија и фондации - I читање;
19. Предлог на закон за инспекциски надзор - I читање;
20. Предлог на закон за јавните службеници - I читање;
21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - I читање;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност - I читање;
23. Предлог на закон за спречување и заштита од дискриминација- I читање;
24. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи - I читање;
25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување - I читање;
26. Предлог на закон за изменување и допонување на Законот за извршување - I читање;

27. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа - I читање;
28. Предлог на закон за основање на факултет за дизајн и технологија на мебел и ентериер во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"- Скопје - I читање;
29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите - I читање;
30. Предлог на закон за физиотерапевтската дејност - I читање;
31. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој -Светската банка по Договорот за заем за Првиот заем за развојан политика -ДПЛ 1- II читање;
32. Дополнет предлог на закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи - II читање;
33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, по скратена постапка;
34. Интерпелација за работата на претседателот и член на Државната комисија за спречување на корупцијата г-ѓа Мирјана Димовска;
35. Информација за состојбата со производството, откупот и пласманот на јаболката од реколта 2009 година;
36. Информација за состојбите во државните електрани АД ЕЛЕМ.

**Деведесет и шеста седница** **10.03.2010 (среда)**

-На оваа седница на Собранието на Република Македонија ќе му се обрати господин Павел Гантар, претседател на Државниот Збор на Република Словенија.

**Деведесет и седма седница** **11.03.2010 (четврток)**

1. Интерпелација за работата на министерот за финансии и заменик претседател на Владата на Република Македонија господин Зоран Ставревски;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа - II читање;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух - II читање;
4. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата - II читање;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци - II читање;
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи - II читање;
7. Дополнет предлог на закон за служба во Армијата на Република Македонија - II читање;
8. Дополнет предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници - II читање;
9. Предлог на закон за дополнување на Законот за сопственост и други стварни права - II читање;
10. Предлог на закон за издавање на вредносни бонови-ваучери - II читање;
11. Предлог на закон за изменување на Изборниот законик - II читање;
12. Дополнет предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето - II читање.

**Деведесет и осма седница** **23.03.2010 (вторник)**

1. Предлог на одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан;
2. Предлог на закон за ратификација на Протоколот број 14 бис кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи;
3. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областите на здравството и медицината;
